**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

од Единаесеттото продолжение на Педесеттата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 16 февруари 2004 година

Седницата се одржа во сала 1 на Собранието на Република Македонија, со почеток во 11,10 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше Љупчо Јордановски, претседател на Собранието на Република Македонија.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дами и господа пратеници,

Продолжуваме со работа по 50-тата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците: Иван Атоилковиќ, Сашо Дохчев, Љубчо Георгеивски, Љубе Бошковски, Никола Груевски, Петар Наумовски, Спиро Мавровски, Ванчо Георгиев, Блаже Стојановски, Трифун Костовски и Али Ахмети ме извеситја дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Пред да поминеме на расправата по Предлогот за донесување на закон за територијална организација на локалната самоуправа во Република Македонија , да воспоставиме една нова традиција.

Во мое и во ваше име, денеска му е роденден на пратеникот Мите Николов и најсрдечни честитки од моја страна и од ваша страна, но не е присутен тука.

Сакам да ве известам, поради некои обврски , денеска ќе имаме пауза од 13,00 до 14,00 часот.

Продолжуваме со претресот.

Збор има г. Ѓорѓи Оровчанец, а нека се подготви пратеникот Нелко Стојановски.

Повелете г. Оровчанец.

ЃОРЃИ ОРВЧАНЕЦ:

Благодарам г. претседателе, г. министре, нема други, колеги пратеници,

Денеска, пред нас е уште еден од низата предлози на Владата во вид на законски решенија што не ја отсликуваат реалната состојба или реалните потреби на државата. Како што имавме и во претходниот период Бранковиот закон, Тетовскиот универзитет и др, гледаме дека имаме уште еде промашен текст. Овде се работи за закон што е резултат на договор на поединци од една мала група партиски партиципиенти, одсликана директно во Владата на Република Македонија .

Со расправата во Собранието на Република Македонија по текстот на законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа се отвори собраниската расправа по пакетот закони за децентрализација. Јасно е дека суштината на процесот на децентрализацијата претставува трансферот на надлежностите од централно на локално ниво, а за потсетување, овој процес е започнат со консензуално донесување на Законот за локална самоуправа на почетокот на 2002 година, по што треба да следат измените во законската регулатива по области, како што беше културата, социјалата итн. Значи овој процес, како цврста, реална децентрализација на јавните работи и овластувања треба да претставува компонента од развојот на демократските процеси во општеството.

Во овој контекст би сакал да нагласам дека промената на границите на општините, како и намалувањето на бројот на општините не го отсликува и процесот на децентрализација, туку само просторот каде овој процес треба да се реализира. Со моделот што ни го нуди Владата не само што нема да се влијае на забрзување на процесот на децентрализација, туку напротив, убеден сум дека создаваат услови за процес на забрзана централизација, пред се преку функционирање на крупни општини со централизирана моќ на управување.

Предлог законот за тероторијална организација за локална самоуправа пред нас и неговата содржина само ги потврдува калкулантските комбинаторики на Владата. Фактот дека овој закон како и целиот пакет на закони за децентрализација се работеше во целосна тајност, крајна нетранспарентност и информациите што селективно се пуштаа во јавноста, само дополнително го засилуваа сомнжот и ја вжештуваа состојбата пред се во рамките на оние општини што се препознаа во најавите дека ќе бидат укинати или споени со други општини.

Би сакал да истакнам дека ВМРО-ДПМНЕ пред македонската јавност јасно и јавно го кажуваше својот став и гледање во однос на територијалната организација на локалната самоуправа во Република Македонија и укажуваше дека постои реален сомнеж за неприципиелна, нереална територијална организација на локалната самоуправа.

Владата, со својот предлог, само го потврди ова. Реакцијата по однос на овој предлог ја искажаа голем дел од општините, ставени на листа за укинување, пред се преку одржување на референдуми. Кога сме кај референдумите, би сакал да истакнам дека како форма го отсликуваат мислењето и потребата на граѓаните што претставува темелна и уставна вредност. За потсетување, референдумите општините ги организираат врз основа на закони, а еден од нив е и Европската повелба за локална самоуправа, што Република Македонија ја има потпишано во 1996 година, а со Закон ја има ратификувано во 1997 година. Значи, со Закон што го донел токму ова Собрание на Република Македонија , а сите овде знаеме што значи закон и какво својство има, облигаторно или не.

Во контекст на Уставот на Република Македонија , членот 118, што се однесува на меѓународните ратификувани документи со закон, нивното место во пранвиот поредок на државата само се потврдува. Со односот на Владата кон ова прашање, како необлигаторно, се отвора една голема дилема пред нас, дали сите меѓународни договори што ги има потпишано Република Македонија и ги има со закон во Собранието на Република Македонија ратификувано се необлигаторни и можеме во зависност од дневно политичките потреби и пазарења да ги толкуваме.

Членот 5 од Европската повелба за локална самоуправа го додефинира токму делот на границите на општините и пред секоја промена на границите на општините не смее да се направи претходно без да биде консултирана или да се консултира локалната самоуправа, а каде има услови да се организира и референдум.

Затоа еден јавен повик до Владата на Република Македонија да не се оглушува пред гласот на народот, а факт е дека референдумските резултати секаде се над 95, 96% со позитивно изјаснување за зачувување на општините.

Ако ги проследиме сите досегашни референдуми кои што беа реализирани ќе видиме дека се работи за маса од преку 220 илјади граѓани кои се изјаснувале на нив и кои што својот глас сметаат дека не е занемарлив и дека треба да биди респектиран од Владата.

Во делот на критериумите кои се земени во изготвување на новата територијална организација се применува нелогичен критериум на демокграфска состојба на општината, или поточно минималниот број на жители во една општина нетреба да ја помал од 5000 жители со општински центар да не биде под 2000 жители. Се работи за критериум кој од старт по автоматизам би требало да ја олесни целата постапка во делот на укинување на над 45 општини. Значи нелогичен

критериум кој е вештачки изведен а при тоа не кореспондира со реалните состојби и од реалните потреби на локалните заедници. Такви априорни нумерички критериуми не се типични за никоја локална самоуправа ниту за таа на западните демократии ниту пак за земјите во транзиција. Претходно истакнав дека со укрупнувањето на општините се постигнува поголеми територијална централизација а не децентрализација, пред се преку создавање на големи центри на моќ со услови за развој на центарот на општината, за сметка на останатите населени места кои гравитираат околу него. На тој начин процесот кој што веќе и со овие минимални надлежности на општините кои што постоеја до сега со досегашниот закон за локална саомуправа процесот на враќање на луѓето во руралните средини, процесот на заживување на овие средини, процесот на пополнување на природните ресурси со човечки потенцијали повторно го ставаме во една бризина која што е ретроградна, назадна и која што само ќе дополни ново испразнување на тие општини и стварање од нив на ненаселени територии.

Како друг пример во овој контекст би го спомал и примерот со Кичево, каде што од постојните шест населени места се зголемува на 80.

Друг пример, Дојран со 13 населени места се спојува со Богданци. Битола од 18 се зголемува на 52. Струга од 17 на 49 населени места. Дали на овој начин како пример имаме децентрализација или имаме процес на повторна централизација . Значи какви ќе бидат можностите на сите овие помали општини со своите населени места кои со овој владин предлго ќе се приклучат кон големите центри да се развиваат и понатаму со исто темпо, да не говориме на пример, Кичево од сегашните шест населени места со предлгоот на Владата бројот се зголемјва на 80. Која е веројатноста? Населени места да имаа можности да се развиваат подеднакво и оние перифените населени места и оние во центарот на општината.

Со овој предлог закон во прашање се доведува и започнатиот процес на ревалитизација и обнова на македонското село, затоа што општините кои се предвидуваат да се укинуваат се претежно рурални општини во кој е започнат и еден инвестиционен циклус.

Од 1996 година наваму тогашните новоформирани општини започнаа процес на обнова на запостени населени места, села кои по втората светска војна беа заборавени, напуштени , раселени, без елементарни услови за живот, без пат на инфраструктура , без вода за пиење или електрична енергија сега го имаат сето тоа. Во најголем дел од населените места е започнат процес на отворање на здравствени установи , пошти и училишта. Зарем повторно треба да се вратиме во

50-тите години од минатиот век кога Република Македонија со своите физичко геогравски карактеристики и потенцијалот кој го има треба да инвестира во развој на овие простори, во развој на земјоделието, сточарството , туризмот , а да не се води една ретроградна политика на креирање на состојби на повторно заборавање на македонското село , македонскит еруралнии области.

Од овие причини ВМРО-ДПМНЕ е за јасно дефинирање на рурални и урбани општини и тоа и низ разговорите со социјалдемократскиот сојуз го нагласивме и тоа мој личен став за кој сметам дека не само што треба да се сочуваат 123 општини туку треба да се тој број на општини зголеми за да ја зголемиме децентрализацијата.

На пример едно Драчево не можиме да сметаме дека нема услови да биде општина и крајно е нелогично да не се превземат мерки за дефинирање на едно Драчево и одвојување од Кисела Вода и претварање на Драчево во општина.

Значи со овој предлог на закон имаме нелогично поврзување на урбани центри со рурални. На пример, Дојран се спојува со Богданци, овде неможиме ниту економски ниту функционално критериумите да ги сметаме како компатибилни. Туристичко-рибарско подрачје со земјоделско не оди.

Осломеј, Зајас, Вранешница и Другово со Кичево. Исто така исти пример на поврзување на урбани со рурални средини. Понатаму кон Струга како урбан центар се припојуваат руралните Делгожди, Луково, Велешта, Лабуништа и Вевчани. Спојувањето на Градско со Росоман , укинувањето на мариовските општини, Старавина, Конопиште и Витолиште. Со овој понуден модел на територијална поделба целосно се редифинира просторот на Република Македонија и се создаваат услови за формирање на општини базирани на етнички концепт, пред се во западниот и централниот дел на Република Македонија. На овој начин се врши смена етничко управување со просторот на Република Македонија , пред се со вештачко создавање мнозинство по пат на спојување на неколку општини, а со тоа ќе дојде и до мајоризација и натамошен процес на иселување на неалбанско население од овие простори.

Во овој контекст би истакнал неколку примери. Кочево од постојни шест населени места се зголемува на 80 со приклучување на Зајас, Осломеј, Другово, Вранешница. Моменталната состојба попис од 2002 година е 53,55% на македонско и 30,53% на албанско население. Со спојување на општините односот станува 35,47% македонско со 54 албанско население, останатите 5,28 турско, 2,87 ромско итн. со што гледаме дека се воспоставува со прегрупирање мајоризација на албанската заедница во новосоздадената општина.

Сличен пример е Струга. Струга од 17 општини, населени места добива 49 со Делгошти, Луково, Велешта, Лабуништа и Вевчани. Моменталната состојба и со пописот од 2002 година, е 47,49% македонско, и 41,54% албанско население. Со спојување на општините односот станува 34,58% македонско, со 54% албанско, останатите се 5,51% турско и друго население.Значи повторно имаме прераспределба во етнички смисол со мајоризација во самата општина во една етничка заедница.

Центар Жупа, исто така со негово спојување со Дебар. Велес од постојните 34 се намалува на 29 населени места. Горно јаболчиште и Долно јаболчиште и Сливник одат во општина Чашка . Со овој чекор се создава вештачко мнозинство на албанско население , односно Чашка од 15 населени места се големува на 43 места и тука господине министре имате, незнам дали врз основа на ова можеме да кажеме дека во другиот табеларен приказ постојат грешки или птопусти или дека врз база на нереални пропрачуни е формиран и самиот закон затоа што во табеларниот приказ под точка 60, каде што е Чашка имате вкупно население 7.441, Богомила, Извор и Чашка со 1252, 1049 и Чашка 5140 вкупно население. Во општина Чашка како што гледате имате македонско население 59,43%, меѓутоа видете ги процнтите на Богомила , Озвор и Чашка кои го чинат вкупниот сегмент на општина Чашка , сите се 95, 99 и 73% . Не е можно да имате врз база на овие проценти, процент од 59. Истото сре случува и со албанското население таму каде што бројките се комплетно нелогични односно неможите да извлечите ама апсолутно никаков заклучок. Аако ова овде што е крајно воочливо во Чашка е сегмент на нестручно подготвени табели и нестручно анализирање на податоци тогаш јас во целост го ставам и во сомневање и демогратскиот принцип кој што се го наметнале во формирањето на овој закон. Како други примери би навел Маврови Анови со спојување со Ростуше а од Рстуше кон Дебар се дислоцираат Гари, Осој и Могорче. Кон Маврови Анови од Гостиварско се припојуваат Гордан и Долна Јоновица и Симница со доминантно албанско население. За сметка на ова територијално разместување, горниот дел на постојната општина Маврови Анови со селото Бродец на тромеѓето меѓу Македонија, Албанија и Србија и Црна Гора во делот на Косово се отстапуваат на општина Гостивар. Во Пелагонискиот дел Долнени се спојува со Житоше со што се менува сликата на теренот, доминантна муслиманска општина во центарот на Република Македонија потребно е да остане постојната општина Житоше, но со одредени просторни модификации, т.е. приклучување на неколку

села од соседните општини, пред се муслимански. Тоа се селата Борино, Саждево, Јакремово, од Крушево Дебреште и Лажани од Долнени.

Сега ако го видиме ова, ќе видиме дека праткично критериуми во креирањето на Законот за локална самоуправа, немаме коегсистентни, ни јасни. Јас тука ќе набројам, во контекст на се ова што е кажано министерот да одговори кој од овие што се потребни за ваква територијална разграниченост, постигнување, се употребливи критериуми. Дали е тоа географскиот критериум, начинот на кој што е пласиран, демографскиот критериум, понатаму демографско гравитациониот елемент, традиционалните елементи на она што претставува традиција на Република Македонија. Дали економско функционалниот, дали економско-потенцијалниот, дали инфраструктурните можности на општините кои меѓу себе се во некоја релевантност. Дали административно-територијалниот, дали политичко регионалниот, или некој нов стратегиски, кој би водел кон рамномерно развивање на Република Македонија.

Од сите овие работи, тешко да се извлече некоја поука, освен дека се работи за еден политички договор, кој што е од многу тесен интерес и кој што не нуди правилен развој на локалната самоуправа, која што локална самоуправа треба да биде слика на децентрализацијата на власта, зголемување на демократските потенцијали на државата и практично, да го имаме тој двостепен минимум, двостепена поделб на власата во локалната самоуправа и централната власт.

Врз база на сите овие согледувања има и многу заклучоци од многу експерти. Мислам дека најдобро се сублимирани во она што е направено на тркалезната маса на заедницата на општините, односно скратеницата ЗЕЛС.

Мислам дека би требало министерот да ги прочита добро овие заклучоци, не би било во ред сега јас да ги читам пред јавноста, затоа што од нив можат да се извлечат многу позитивни елементи, кои што можат да бидат инкорпорирани во законот,а ова го препорачувам со една единствена цел, што сега сепак се работи за прва фаза на овој закон и што во понатамошниот текст би требало и овие заклучоци да влезат во креирањето, односно во правецот на креирање на територијалната разграниченост на локалната самоуправа на Република Македонија.

Начинот на кој што е даден овој текст и можностите кој тој ги нуди за развој во Република Македонија сметам дека се крајно инсуфициентни, сметам дека не нудат развој на руралната средина и сметам дека ќе го пореметат и онака веќе кревкиот мир во одредени области на Република Македонија, а сметам дека целта на

Владата е само да го зајакне тој мир и да востпостави поголема демократија во општеството наречено Република Македонија.

За сега, мислам дека е доволно, останува моето право доколку сметам да се јавам по втор пат.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Првото ви останува, бидејќи не сме го употребиле членот 83.

Сега има збор господинот Нелко Стојановски.

НЕЛКО СТОЈАНОВСКИ:

Почитуван господин претседател, почитуван господин министер, драги колеги пратеници,

Еден од законите од пакетот за децентрализација на локалната самоуправа, кој што предизвика големо внимание, но би рекол и бурни оправдани, некаде неоправдани реакции е законот што сега е пред нас, законот за територијална или административна организација на Република Македонија.

Овдека не треба посебно да ве потсетувам дека промени во сферата на локалната самоуправа се изнудени, откако е донесен законот за локална самоуправа, со кој значително се зголемени надлежностите и со кои се предвидува зголемување на обемот на одговорностите за повеќе области од животот на граѓаните. Тие области се од големо значење за граѓаните, а посебно да ги истакнеме грижата за локалниот економски развој, комуналното уредување, одредени прашања од областа на образованието, здравството, социјалната заштита, културата, спортот, заштита на животната средина и природата и други. Токму имајќи го предвид овој факт, дека значајно треба да бидат зголемени надлежностите на општините, заради нивното адекватно извршување, неопходно е да се изврши нивна реорганизација, ниво реструктуирање, како би биле сите тие оспособени ефикасно и квалитетно да ги изввршуваат довремените надлежности, а се со тоа во интерес на граѓаните. И токму заради оценката дека еден број општини не се во состобја, односно немаат ни економско финансиски, ни човечки, ни кадровски потенцијали да ги извршуваат надлежностите на задоволителен начин, потребно е да се изврши одредена територијална реорганизација на некои помали општини. Тоа, а не според мене на некој додадени шеми и калапи  за бројот на општините, треба да бидат единствените критериуми за оваа реорганизација. Значи целта треба да биде само таа, создавање услови  за рационално вклучување на граѓаните за рационално вршење на работите од локална надлежност, локалната самоуправа да

ја донесеме што поблиску до граѓаните, односно општините да одговорат на новите барања што се поставени пред нив со новиот закон за локална самоуправа.

Драги колеги, предложениот закон за територијална организација на локалната самоуправа, со кои се утврдуваат подрачјата на општините, по моја оценка во потполност не одговорил на тие барања. Релативно очигледен доказ за тоа се реакциите на граѓаните, низа експертски искажувања и веќе спроведените бројни референдуми во повеќе од една четвртина од постојните општини во нашата држава во кој граѓаните не се согласуваат со предложените решенија во Предлог-законот.

Имено, еден број општини не ги исполнуваат основните појдовни критериуми за ефикасно работење кој се бараат да се остварат со овој закон, а тоа се пред се, одредена демографска големина и нејзиниот општински центар, ќе требаше да овозможи концентрација на одредени административни и финандсиски ресурси при постоење на здравствени, образовни и социјални институции, понатаму економска одржливост на општината, што би знало постоење на довоелен број стопански субјекти кои би обезбедувале средства за успешен материјален и социјален развој, постоење на објекти за општествен стандард во областа на управата, здравството, образованието, културата, социјалните дејности и слично, но и тоа, подрачјето на општината да претставува природна, географска и економска целина, како и да се земаат предвид одредени историски искуства.

Основната забелешка на експертите за локална самоуправа е дека наместо неутрални, објективни, веќе спомнати критериуми, одредени етничко-политички критериуми биле доминантни при креирањето на локалните заедници, или барем на некои што може да имаат мошне негативни политички реперкусии, особено да доведе до масовно селење, етничко чистење, сега навистина не со воени туку со пософистицирани средства. Доказ дек ваквиот критериум бил доста значаен, за мене е индикатор тоа што во еднаш се истакнува дека со ваквите решенија жителите во општините покрај албанскиот, во една општина ќе го употребуваат турскиот и ромскиот, во две општини покрај македонскиот и турскиот и на 27 општини покрај македонскиот ќе можат да го употребуваат јазикот на етничката заедница која во општината е застапена со најмалку 20%. Така во 25 општини покрај македонскиот ќе се користи и албанскиот јазик, а во една српскиот и албанскиот јазик. Ваквото реструктуирање според овој критериум, наместо да води кон постигнување на зацртаните цели со реформата на локалната самоуправа би довело до нарушување на етничката и демографската структура на поедини општини и до можност за

создавање на меѓуетнички тензии. Меѓутоа, за мене е мошне значајно тоа што на тој начин би делувале во спротивно со зацртаните цели на оваа реорганизација за поефикасна локална самоуправа и нејзино приближување до граѓаните.

За пример на овие констатации можат да се наведат повеќе, а јаси́е го наведам само примерот на Струга.

Постојната струшка општина има 36.892 жители, со што го надминува просекот што треба да се оствари од прилика 28 илјади. Општината е со мешан етнички состав, при што 48% се македонци, 41,54% албанци, 5,44% турци, 1,75 власи и тн.

Сегашната општина Струга претставува заокружена територијална целина со релативно добра инфраструктура, распослана покрај брегот на Охридското Езеро и претставува општина од урбан тип. Самата Струга претставува туристички и индустриски центар со околу 8.500 вработени, со гарантирани стабилни основи за нејзин иден развој. Во изминатиот период Струга оствари значајна соработка со Подградец и со Охрид и во тие рамки иднината ја гледа во институционално оформување на евро регион со туристички предзнак.Со Охрид е оформено заедничко водостопанско претпријатие "Проаква", покрај тоа се изготвени поголем број заеднички проекти од областа на екологијата, инфраструктурата и тн., што не е случај со општините кои сега се предлага да и се припојат на општина Струга. Рестрикуирањето на општина Струга, каде со новиот Предлог-закон треба да и се припојат уште две општини, Велешта, Делегожда, Вевчани, Лабуниште и Луково не е во склад со ниеден од објективните критериуми за новата територијална организијација и во голема мерка води кон уназадување, а не унапредувње на можностите за иден целокупен развој и ако се суди според досегашните реакции, да го наруши мирниот соживот на нејзините граѓани. Струга е сепак општина со градски еснаф, со градски навики, со знаменитости и посебни обележја. Стружани го напишале првиот зборник песни, на македонски јазик, стружани ја компонирале и испеале и првата македонска химна. Струга во светот ја афирмира македонската култура, преку поетскиот фестивал "Струшките вечери на поезијата". Би требало и да потсетиме на фактите дека општините кои со овој предлог треба да и се приклучат, ги исполнуваат условите да бидат самостојни општини. Тие во изминатиот период доживеаа значаен локален, еконмски и комунален развој, а некои како на пример Велешта, посебно доживеа економски развој, изградија нова комунална инфрастрктура, спортска сала, амбуланта,пошта, училиште водовод и низа други комунални погодности за граѓаните, баш заради локалниот интерес, тоа

да се направи, но и заради можностите за самостоен развој со кој таа општина располага. Сега таа, иако ги исполнува ссите услови за самостоен развој треа да се приклучи кон општина Струга и тоа би водело според мене и забавување на нејзиниот развој.

Имајќи ги предвид сите овие аргументи, предлогот ми е општината Струга да остане во сегашните постојни рамки бидејќи во целост ги исполнува условите и принципите врз кои е заснован предлог законот за територијална организација на Република Македонија. Покрај ова, по моја оценка не се почитувни објективните критериуми и резултатите од референдумските изјаснувања, за општините Кичево, Центар Жупа, Стар Дојран, Ростуше. Лабуништа, Градско, Маврови Анови, па би го додал тука во општината Струга општина Луково и други. Погоелмиот број од нив ги исполнуваат претежниот број на критериуми и имаат капацитети за свој самостоен развој.

Почитувани колеги пратеници, недвосмислен е заклучокот дека територијалната организација на локалната самоуправа е од огромно значење за децентрализирање на власта во Република Македонија и на овој начин загризуваме едно кисело јаболко поголемо и покисело од другите, но кое мора да го изедеме до крај. Ова го нагласувам бидејќи се работи за еден мошне комплексен проблем за кој неможе да се најде идеално решение. Овој закон произлегува од потребите успешно се се извршуваат надлежностите што се предвидени со законот за локална самопурава, за единиците на локална самопурава. Би требало да се изнајде избалансиран пристап меѓу обемот и надлежностите со големината на единицата на локалната самоуправа. Тие, нивната економска моќ и капацитети, а не со желбите на една често мала група на луѓе во некои единици на локална самоуправа. Значи, треба да се изврши територијална реорганизација, но да се земат во предвид искажаните експертски забелешки, резултатит е од референдумите, пратпоставувам и од овои дискусии кои ќе бидат водени во нашето Собрание.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам господине Стојановски.

Повелете господине Рамизи 3 минути,

НЕИМ РАМИЗИ:

Благодарам претедателе, сакам саво во контекст на излагањето на почитуваниот пратеник да ги спомнам бидејќи беа спомнати во Струга општините ои што се приклучуваат, сега незнам дали има во предвид почитуваниот пратеник тие

општини што ги спомна Луково, Лабуништа, Вевчани дека спаѓааст во ридско-планински погранични неразвиени подрачја. Па, идеме сега во контрадикторност со предложениот закон за локално финансирање според кој што знаеме дека неможат овие општини, кои се неразвиени, кои според тој закон неможе да одговорат на економската моќ.

Исто така ја спомнувам општината Велешта во кој контекст беше спомната од почитуваниот пратеник дека е развиена, имала изградено некои инфраструктурните објекти, тука би напомнал дека сето она што го напомна пратеникот спортска сала или пошта се објекти кои што се направени со програма од претходната Влада не со некоја финансиска моќ на општината, така да, во контекст на тоа можам да напомнам дека сите овие општини заедно немаат годишен буџет колкун една "Проаква" од Струга.

Затоа мислам дека одиме во една контрадикторност. Се спомнуваат некои успеси на овие општини дека можат самите да опостојат плашејќи се дека со предложениот закон се предлаа да бидат во Струга, се нарушува некаков етнички состав, што сум против тоа да се земе во предвид бидејќи овие населби гравитираат кон градот, инвестираат во тој град знаејќи дека во своите општини, не се развиени, неможат да инвестираат.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Бидејќи господинот Никола Груевски, не е присутен тука, следниот дискутант.

Повелете господине Зуди Џелили, имате реплика 3 минути.

ЗУДИ ЏЕЛИЛИ:

Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

Не е ништо ново, доколку ве потсетам уште еднаш дека не случајно во преамбулата која што дефинира, што е Република Македонија се вели дека во Република Македонија рамноправни се македонскиот народ, дел од албанскиот народ и другите народи. Дел од албанскиот народ има територијална компактност каде што албанците живеат од Преспа до Куманово. Зошто се случил овој дел од албанскиот народ да остане во Македонија не се враќам во историјата но токму во овој дел каде што живее албанскиот народ во 2001 година имаше вооружено востание, со што овој народ сакаше конечно да биде рамноправен со македонскиот народ во Македонија. Оваа рамноправност ние успеавме да ја постигнеме, заедно да ја дефинираме, преку новата територијална поделба и децентрализацијата на

извршната власт ќе се формираат општини каде што албанците ќе ги реализираат своите права.

И почитувани господа, не заборавајте формирањето на енклави што албанците за да ја расипат оваа географска компактност...

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Почитуван господине, вие како да реплицирате нешто.

ЗИДИ ЏЕЛИЛИ:

Господине претседателе, можеби вие не го слушате мојот говор, реплицирам на она што господин Нелко Стојаноски бара општина Струга, Кичево и другите општини да останат како што се, со една политичка позадина со цел албанците да ја изгубат географската компактност, за да се поделат општините и граѓаните албанци кои живеат на овие простори, со една единствена цел да не можат и натаму да ги реализираат своите права во Република Македонија. Затоа, во оваа форма се гледа поделбата или новата територијална организација, ова некореспондира со Охридскиот договор кој е историски договор, по конфликтот, каде што се гарантира дека албанците преку локалната самоуправа ќе постигнат рамноправност со македонскиот народ. И секој обид да се заобиколи овој договор остава простор за нова криза и за недоразбирање меѓу албанскиот и македонскиот народ.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господинот Илија Китаноски има реплика. Повелете, имате три минути.

ИЛИЈА КИТАНОСКИ:

Благодарам господине претседателе, мојата реплика е во однос на дискусијата на колегата Нелко Стојановски и се однесува практично повеќе на дополнување на неговото искажување. Сметам дека со неколку ..

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ве молам, немојте да дополнувате дискусии, реплицирајте на нешто што сметате дека не е точно.

ИЛИЈА КИТАНОСКИ:

Добро, тогаш реплицирам на неговата дискусија, (некои од пратениците реагираат) ве молам ако може да ми обезбедите без дофрлање.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали пратеникот Китаноски знае што сакал или претпоставува што сакал па да дообјасни. Нека реплицира.

ИЛИЈА КИТАНОСКИ:

Тоа го дозволува Деловникот, сега ако се впуштаме во тоа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете реплицирајте на став искажан од страна на господинот Нелко Стојановски. (Некои од пратениците вели дека е во прашање дообјаснување)

ИЛИЈА КИТАНОСКИ:

Значи, во Деловникот така пишува, јас не сум го измислил, Деловникот претседателе, така пишува во него дека може да се дообјасни ставот на пратеник, не мора да е од истата пратеничка група.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Во Деловникот пишува лично да се дообјасни.

Повелете.

ИЛИЈА КИТАНОСКИ:

Во делот што се однесува на општините Струга и Кичево и во делот на руралните општини кои што со оваа територијална поделба на додаваат на општините Кичево и Струга, значи на руралните општини и економските параметри кои што укажуваат дека апсолутно посебно општините Велешта. Зајас и Осломеј по сите економски и финансиски параметри само го исполнуваат принципот на економска и финансиска самодоволност, односно тоа се општини кои што со своите ..

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Китаноски, тоа што го зборувате вие го кажа и господинот Нелко Стојаноски и затоа имавме реплика од страна на господинот Зуди Џелили, затоа што тој смета .. Според тоа, вие го повторувате тоа што го кажа господинот Нелко. Тоа не е реплика.

ИЛИЈА КИТАНОСКИ:

Претседателе ве молам, не се однесувајте како учител, оставете ме да се доискажам и да ја кажам поентата.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Па вие јавете се и зборувајте. Повторно јавете се и зборувајте. Вие всушност го повторувате тоа што го кажал Нелко Стојаноски и тоа не е реплика.

ИЛИЈА КИТАНОСКИ:

Претседателе, дозволете да се доискажам, има разлики во тоа што го кажа господинот Нелко и тоа што сакам да го кажам јас.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Принципиелна разлика нема, господинот Нелко рече дека смета дека Струга треба да остане сама, дека Кичево треба да остане само, вие тоа го повторувате. Ајде повелете.

ИЛИЈА КИТАНОСКИ:

Претседателе, дозволете, кои сте вие да кажете дали има принципиелна разлика или нема. Вие не сте овде врховен судија, па да одлучувате дали има или нема. Оставете ме да се доискажам, а после ќе оцените, во прашање се две минути. И тие три минути сега ги претвораме во меѓусебна дискусија, без потреба.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете.

ИЛИЈА КИТАНОСКИ:

Општините Зајас, Осломеј и Велешта апсолутно тоа е делот на репликата и делот кој што сакам да го дополнам и да и предложам на Владата на Република Македонија, на предлагачот да направи една симулација затоа што во еден ваков предлог, исто така и во предлогот за донесување на закон за финансирање на единиците на локална самоуправа апсолутно мора да се оди со симулирање на одредени симулации на приходите на општините посебно на оние општини што се предлага да се укинуваат, за да се види економската оправданост и финансиската оправданост од нивното укинување, односно зошто тие се укинуваат,

затоа што главното образложение е дека се укинуваат или се припојуваат кон постојните општини токму поради тоа што тие по економски параметри не би можеле да опстојат или не ги исполнуваат критериумите, односно едноставно немаат таков економски и финансиски капацитет.

Напротив, овие три општини го имаат тој финансиски и економски капацитет и тоа апсолутно на сите во оваа сала им е јасно и на целокупната македонска јавност и мислам дека во другиот дел од објаснување можеме да заклучиме дека во овој случај, во овие два - три случаи, практично единствен критериум со кој се одело е етничкиот и националистичкиот со кој што сака да се оствари доминација на еден етникум на друг.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Реплика за господинот Талат Џафери.

ТАЛАТ ЏАФЕРИ:

Благодарам господине претседател,

Јас мислев дека нема да реплицирам на господинот Нелко за ставовите што ги искажа, но се додека во репликата господине Китаноски се повторуваат некои рботи со тоа што ги кажа претходниот говорник и тоа во една многу покрута конотација. Мојата реплика се однесува, кажувањето ни на првиот ни на вториот не стојат во однос на општините кои што се спомнаа, Велешта, Осломеј и Зајас, доколку се оди од агол на економските капацитети што ги имаат овие три општини, мојот приод и мојата констатација дека тоа не стои, односно мислењето на претходните говорници дека економските капацитети кои што постојат во овие општини се од типот на државна концесија или државен имот, фирми или капацитети формирани од државата со центар во Скопје, каде што сите вработени во сите капацитети своите финансиски извори ги даваат во Скопје, така што од економски и финансиски аспект за да се оправда постоењето на овие општини како самостојни не стои, над се политичката определба, како што сака некој да ја коментира, е направена поделбата овде на овие општини во 1996 година од политички цели и за национално чистење на урбаните општини на Струга и на Кичево.

Во овој правец, мислам дека Нелко беше малку помек во однос на ваквите констатации, филозофијата и теоријата на оправданоста за неприпојувањето на овие општини не стои, така што од оваа говорница и во оваа

сала треба да водиме сметка за сето она што ќе изјавиме, а најмалку оваа територијална поделба е направена врз националистички основи, така што доколку нема одговорност, кривична одговорност тогаш треба да се има морална одговорност кон оние што не избраа овде.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Една минута господинот Нелко Стојаноски.

НЕЛКО СТОЈАНОСКИ:

Мислам дека битно не се разликуваме со колегата Џафери, сега ова што го кажа. Ние сакаме да постигнеме една иста цел. Можеби начините ни се различни. Јас сметам дека некои општини имаат капацитет и тоа да го направат и дека со здружувањето би го изгубиле тоа.

Она дополнување за националистичките и така натаму, јас не го спомнав тоа, тоа се однесуваше на репликата и не би сакал да го коментирам.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Повелете господине Шајноски, а нека се подготви пратеникот Ѓорѓе Паљошковски.

ДРАГО ШАЈНОСКИ:

Бидејќи ова е прва фаза од донесувањето на законот за новата територијална организација на локалната самоуправа, се јавив за дискусија со нескромна но човечка надеж дека со тоа барем малку ќе влијаам на крајниот изглед на законот. При тоа, имав во вид дека нема лош говор, лош предлог, туку има само лош слушате или лош анализатор. Се надевам дека министерот нема да биде тоа.

Во излагањево ќе се обидам да поставам и да одбранам две тези, т.е. четири мотиви кои ме натераа да дискутирам.

Првата тез е дека децентрализацијата на власта во Република Македонија гледано низ призма на новата територијална организација на локалната самоуправа е политички мотивирана.

Втората теза ми е дека претераното мешање на политичарите при донесување на економски закони е погубно за државата.

Третиот и четвртиот мотив се моите мислења по однос на целите и критериумите за територијалната поделба и како и предлогот што да се прави во овој период до конечното донесување на законот.

Ќе започнам со тезата дека предлогот на Владата за децентрализација на власта преку донесување на закон за територијална организација на локалната самоуправа на општините и преку пакетот финансиски закони, не е ништо друго туку реализација на политички пазар направен внатре во власта. Велам пазар, а не договор, бидејќи ако беше договор јавноста ќе го имаше на увид и ќе знаеше кои се нејзините обврски, а кои се нејзините права. Ова е класичен црн пазар, направен без фактура, со цел некој да не плати данок. Но, данокот на крајот некој ќе го плати. Ќе го плати народот, ќе го плати државата.

Сакам веднаш да нагласам дека потребата од децентрализација на власта не е спорна. Европските и светските искуства покажуваат дека децентрализацијата на власта овозможува далеку поинтензивен економски, културен, со еден збор севкупен развој на општините, а со тоа и на државата. Но, спорно е дали е ова вистинската намера на власта или е само политички пазар. Спорен е начинот како да се изведе децентрализацијата, т.е. дали е нужно потребно нова територијална поделба или можеше децентрализацијата да се направи на постоечката територијална поделба со 123 општини и со нови закони за нивно финансирање. За да и позицијата и опозицијата би имале барем приближни ставови околу овие закони за децентрализација, практично е да се тргне од дефиницијата за децентрализација, целите што треба да се постигнат со нејзината примена и критериумите за поделбата, па ќе видиме каде се разликуваме. По дефиниција децентрализацијата е процес преку кој власта се приближува до граѓаните, со што се овозможува нивно вклучување во активностите на општините, но и нивна поголема одговорноста за состојбите во истите. Во овој процес на приближување на власта до граѓаните би требало да доведе до побрз економски развој на општините, со едновремен развој на демократијата во општеството. Од оваа дефиниција за децентрализација произлегуваат нејзините примарни цели, а тоа се прво, развој на демократијата и второ, побрз економски развој.

Индикрекни цели што би се постигнале со децентрализацијата, би биле следните: се олеснува контактот на раѓаните со администрацијата, се развива свеста кај граѓаните за нивната улога во развојот на општините, бидејќи секој

непосредно ги гледа резултатите од својата работа и од својот платен данок, со што граѓаните станувaат дисциплинирани даночни обврзници. Се развива чувство за одговорност и љубов кон државата. Се намалува миграција село - град, со можност истата да добие обратна насока, бидејќи индустријата во градовите е во колапс или веќе не постои во форма каква што беше пред 90-тата година.

Би рекол нешто и околу критериумите за новата територијална поделба, поточно би се задржал на еден од критериумите. Од приложените материјали од предлагачот се гледа дека прв критериум за формирање на општините, барем прв е наведен, не значи дека е најбитен, е бројот на населението и се вели: општинаможе да се формира со најмалку 5.000 жители, а нејзиниот центар да има намалку 2.000 жители. Овој критериум воглавном е почитуван со исклучок на пет општини. Лично сметам дека бројот на жителите апсолутно неможе да биде главен критериум. Денес и кај нас и во светот имаме безброј примери на општини, градови, па и држави, кои со бројно мали но економски силни и обратно. Има општини, градови и држави кои се бројно големи, но економски слаби. Бројот на населението е слаб критериум и може да е прв само ако имаме политичка мотивација при поделбата. Економскиот критериум е вистински критериум, т.е. материјалнит и човечките ресурси на општините треба да бидат основен критериум при поделбата. Во овој контекст би го запрашал предлагачот, по кои критериуми и зошто кон Струга, како урбан центар се припојуваат руралните општини, Делогожди, Луково, Велешта, Лабуништа и Вевчани, или по кои критериуми и зошто кон урбано Кичево се припојуваат општините Осломеј, Зајас, Вранештица и Другово, или зошто општините каде што градоначалници се луѓе од СДСМ воглавном молчат, независно од тоа дали се припоени или издвоени.

Од досегашниве дискусии и расправии во Парламентов, како од опозицијата, така и од позицијата, се слушнаа исклучително корисни предлози, како за нас така и за предлагачот. Од ние е очигледно дека со дефиницијата за децентрализација и со потребата од нејзина примена сите се согласуваме, но секој различно сме ги разбрале целите и примената на критериумите. Тоа е и нормално, бидејќи разбирањето на она што е ново, на она што сега се чита или се прима, е функција од она што го имаме претходно во нашата меморија, т.е. од нашиот модел на светот што сме го изградиле, до моментот на средбата со новото, т.е. зависи од нашето искуство и интелект. Тогаш како да продолжиме, а да се усогласиме, барем приближно.

Децентрализацијата на власта е комплексен процес и неговот успешно решавање е можно ако е предмет на опсревација и предмет на наука, на научни институции, ослободени од било каков политички притисок. Овде би напоменал дека може да побараме помош и од други странски вакви организации. Нагласувам дека ако политичките притисоци влијаат на конечните решенија, тоа ќе значи сигурен неуспех на процесот на децентрализација. Затоа, мудор е, власта решавањето на проблемот со децентрализација на власта да му го препушти на невладини, научни институции, со цел да добиеме решение кое ќе обезбеди економски подем на општините и државата, со едновремена демократизација на општеството во целина. Можеби е природно за оваа власт да не може најправилно да расудува кога има задача да се развласти, имајќи го предвид нејзиното 50 годишно владеење. Но, затоа научните институции тоа ќе го направат прецизно, стручно и во пракса применливо, бидејќи субјективностите при кроењето на законите од децентрализација ќе се сведат на развојно ниво. Ако власта навистина нема политички мотиви при кроењето на овие закони и навистина сака да направи економски бум, веднаш треба да се откаже од концептот на овие закони и да прифати научни решенија, а во исто време да овозможи да се чуе гласот на народот, преку референдумите, што е и основна политичка должност на власта. На ваков начин овие закони за кои сите се сложуваме дека се клучни за напредувањето на Република Македонија кон НАТО и Европската унија, Европската унија и едногласни сме дека треба да се донесат можеби малку ќе задоцнат, сигурно нема да значи подоцнежно примање на Македонија во Европската унија. Ако ние навистина со децентрализацијата постигнеме добри резултати, со тоа сме фактички многу поблиску до Европската унија отколку само формално, брзоплето да носиме економски закони со кои сакаме да задоволиме само некои политички барања.

Уште еднаш ќе нагласам дека многу е суштествено политиката и власта да е на пристојна и нужна оддалеченост од овој процес на децентрализација. т.е. да игра улога само на катализатор за да шансите за успех се поголеми. Кроењето треба да се препушти на шнајдерите а не на политичарите.

Примери за катаклизмични последици од мешањето на власта, т.е. носење на политички одлуки во економијата има доста, како кај нас, така и во светот. Таков пример е на пример самоуправувањето. Зошто не успеа самоуправувањето? Затоа што беше само политичка парола а не вистинска екомска мерка. Зад таа политичка парола се криеше потребата на тогашната власт да се пресмета со некои внатрешни

и надворешни сили, т.е. потребата да ја задржи власта. За политички потреби власта тогаш понуди избрзано решение, недоволно проанализирано, за тн. економски и демократски развој на општеството, наречено самоуправување. Формално и структурално самоуправувањето беше копија од западното акционерство. Но, во целата таа идеја, најголемата идеолошка препрека беше сопственоста. . .

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Г-дине Шајновси, може да ве прашам нешто?

ДРАГО ШАЈНОВСКИ:

Може.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Колку зрна прават купче, знаете ли?

ДРАГО ШАЈНОВСКИ:

Слушај, што ви е работата?

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Прашањето мое е мислам надвор од контекстот, како што вашата дискусија сега е надвор од к онтекстот. Ве молам, држете се до точката на дневниот ред.

ДРАГО ШАЈНОВСКИ:

Господине претседателе, јас сум внатре, во точката на дневниот ред, но изгледа вие сте надвор од дневниот ред.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Самоуправувањето не знам што има врска со точката на дневниот ред:

ДРАГО ШАЈНОВСКИ:

Јас давам примери како политиката се меша во економијата и ќе ме оставите мојата теза да ја одбранам. Вие раскажувавте 10 минути филм, сметам дека беше погодено тоа, и точно ве разбрав што сакавте да кажете.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете, повелете.

ДРАГО ШАЈНОВСКИ:

Така, видиш.

Значи, во целата таа идеја, најголемата идеолошка препрека беше сопственоста, како моторна сила на економскиот процес.

Како политиката го реши тој проблем во самоуправувањето? Таа тоа го реши со еден политички памфлет "Фабриките на работниците" и при тоа си ја задржа улогата на главен промотор во економијата. А, бидејќи социјализам не можеше да се изгради без пролетеријат, во исто време ги присили селаните да одат во град за да станат пролетеријат и да самоуправуваат со фабриките. Сето тоа пропадна. Значи, навидум една добра идеја блиска до акционерството, претрпе пораз само за тоа што беше политички мотивирана и брзоплето применета, без да се види суштината врз која ќе се заснива самоуправувањето.

Втор пример за негативното влијание од мешање на власта во политиката во економијата е приватизацијата во Република Македонија, оваа денешнава. 15 години се обидуваме да го завршиме тој процес и сеуште не сме успеале во тоа. Зошто? Затоа што политиката, т.е. власта, сериозно ги вмешала прстите во овој процес. И денес, процесот на приватизација е само политичка парола зад која сегашната владеачка структура, како континуитет на еднопартиската пред 1990 година, настојува сето она што беше под нејзина контрола во самоуправниот социјализам да остане под нивна контрола и денеска, но како акционерски капитал. Затоа се и денешните штрајкови во речиси сите фирми што се приватизирани во времето на ВМРО ДПМНЕ. Власта, користејќи ја институцијата штрајк, полицијата, медиумите и други институции, насилно влегува во фирмите под изговор дека приватизацијата таму е криминална. Но, целта на е борба со криминалот. Крајната цел е една, истите структури што го контролираа богатството на оваа земја пред 1990 година преку самоуправувањето, сега насилнички, под маска "борба против криминалот" сакаат да го направат тоа преку акционерството. Овој тип на владеење на СДСМ доведе до тоа да идеолошката матрица на денешните граѓани на Република Македонија не се разликува многу од пред 1990 година. Тоа е многу

опасна појава, за процесот на приближување на Република Македонија кон Европа. Затоа, процесот на децентрализација на власта, кроен од политичарите на ваков начин, со пазарење внатре во власта, нема да успее.

Што треба да се направи? Веднаш власта треба да им ги претстави новите закони за локална самоуправа на граѓаните и да им ги објасни ингеренциите и должностите, а се со цел да ги чуе нивните мислења и реакции. Ваквото вклучување на граѓаните во решавањето на проблемите е многу важно за развојот на демократијата, владеењето на правото и почитувањето на човековите права. Ова ќе овозможи да граѓаните ја почувствуваатмоќта да носат одлуки за конкретни проблеми. Покрај ова власта треба да ангажира доволен број експерти од оваа област, при изготвувањето на законските проекти, како и при анализирањето на примедбите од граѓаните.

Потоа, треба да се направат студии за можностите за сите 123 општини, да им се достават на граѓаните на увид, почитувајќи го правото што произлегуваат од Европската повелба на локалната самоуправа на граѓаните да учествуваат во решавањето на јавни работи. Истовремено, власта треба да ангажира интелектуалци, кои што од различни аспекти ќе пишуваат и зборуваат за проблемите од децентрализацијата. По нешто од сето ова и досега е направено. Но токму толку за да не можеме сега да кажеме дека не евоопшто ништо направено. Зошто се прави вака. Затоа што власта брза. Се труди по секоја цена да го задоволи политичкиот пазар, во власта. Задскривајќи се зад недокажано тврдење за економски раст на нетранспарентно новоисцртаните општини. Не можам да сфатам зошто власта се плаши јавно да зборува за овој проблем, и жестоко ја напаѓа опозицијата и невладините организации, кога јавно расправаат за оваа тема, прикажувајќи спротивни ставови од власта. Затоа дозволете им на граѓаните на најдемократски начин да се изјаснат со цел да ги слушнете нивните аргументи. Можеби тие не се во право. Но за да им го докажете тоа, а при тоа да ни ги притиската и вашите ќе мора веднаш да изготвите економски студии за скоја од 123 општини и им ги дадете на увид и дискусија на граѓаните. Само така процесот на децентрализација на власта ќе се свати како економски, т.е. најповеќе економски процес и потез. Во спротивно, ако решениeто се донесе брзоплето, нетранспарентно им се натури на народот, ќе се смета дека или диктатурата ви е принцип на работа напреден од минатото, или дека навистина имате обврски да исполните нечии политички жлеби. Направете го ова јавно, заедно со граѓаните. Ако немате

политички мотиви, туку ве води мислата за економски бум, нема од кого да се плашите. И опозицијата ќе во поддржи, а и народот. Во спротивно ако не го послушате народот историјата ќе забележи кој на која страна бил на оваа седница.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам г-дине Шајновски.

Збор има пратеникот Благој Голомеов, а нека се подготвки пратеникот Михајло Георгиевски.

БЛАГОЈ ГОЛОМЕОВ:

Почитуван претседателе, почитуван министре, колеги пратеници,

Веќе трет ден расправаме за еден исклучително значаен проект кој се однесува на територијалната организација на локалната самоуправа во Република Македонија исклучително пак велам значаен, како дел од пакетот закони што се однесува на децентрализацијата на власта во нашата држава а во која спаѓаат уште и Законот за локална самоуправа, Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа и Законот за Град Скопје.

Често пати се поставуваше прашањето овде дали е ова дел од пакетот на закони за децентрализација меѓутоа јас поставувам контра прашање - зар е можно да територијалната поделба или границите не бидат предмет на интерес имајќи го во обзир претходно веќе донесениот во прва фаза Закон за финансирање на единиците на локална самоуправа и Законот за локална самоуправа со кој драстично се зголемија надлежностите на локалната самоуправа. По мене и те како е дел од тој закон и време е за негово претресување односно разгледување.

Значи суштински закон кој треба да се етаблира така наречената четврта власт во нашиот општествен систем, за кој пак сите консензуално претендираме да го устроиме по сите европски нишани, меѓутоа, имајќи ги предвид повеќето дискусии во претходниот период во овие некоклу дена од страна на опозицијата пред се, ми се чини дека тоа го правиме повеќе декалративно отколку суштински. Како поинаку да се протолкува фактот дека и за така значајни законски проекти слушаме дискусии кои се пред се во функција на дневно-политичкиот и тесно-партискиот

интерес а најмалку во функција на подобрувањето на Предлог-законот кој се наоѓа пред нас. Како поинаку да се протолкува фактот дека за дијаметрално различни предлози имајќи го предвид Законот за територијална поделба донесен 1996 година, и овој Предлог на закон од страна на ВМРО-ДПМНЕ слушаме потполно идентична реторика во која доминира осудата на владата за наводно предавство, федерализација, рушење на унитарниот карактер на државата итн., итн.

Кога се работи за вакво значајно прашање, од посебен интерес за граѓаните треба да се биде крајно внимателен, ако сакаме јавната расправа која треба да следи по усвојувањето на овој предлог или ова прво читање на законот да ја водиме во конструктивна атмосфера во која, врз основа на издржана аргументација ќе се обидеме максимално да го подобриме овој законски проект. Во спротивно јавната расправа ќе поприми дневно политички карактер и ќе помине во атмосфера на големи меѓупартиски препукувања. Толку за моите впечатоци од досегашниот тек на расправата, сега би се осврнал на Предлог-законот кој се наоѓа пред нас.

Законот за територијална организација на локалната самоуправа според мое длабоко уверување не може да се гледа изолирано од останатите закони кои го сочинуваат пакетот, пак ќе речам, закони за децентрализација. Пред се,овде го имам предвид Законот за локална самоуправа со кој ќе дефинираат надлежностите на општините, и Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа со кој се дефинираат изворите на финансирање на пренесените надлежности. Повеќе од јасно е дека огромниот број односно дијапазон на надлежности, територијалната организација на локалната самоуправа ја прават крајно сложена и комплексна.

Надлежностите од доменот на економскиот развој, планирањето и уредувањето на подрачјето на општината, комуналната инфраструктура и дејностите врзани со неа, надлежностите од областа на основното и средното образование, примарната здравствена заштита, културата и спортот, заштитата на животната средина и природата и другите прашања од непосреден интерес на граѓаните претставуваат или бараат немиовно окрупнување на општините пред се поради потребата од изградба на соодветна организација и капацитети во рамките на самата оштина што ќе бидат способни ефикансо, рационално и квалитетно да ги извршуваат довeрените надлежности.

Очигледно е дека најголемиот дел од новите надлежности не може да се извршуваат во рамките на постојната територијална организација, особено од

страна на поголемиот број помали општини. Повеќе од јасно е дека кај голем број помали општини ќе се појави видлив расчекор помеѓу обемот на надлежностите и обемот на работа кој треба да се извршува од една страна, и економските човечките и техничките потенцијали на овие општини од друга страна. И веднаш се наметнува прашањето од оправданоста на постоење на такви општини кои н ема да бидат во можност минимално квалитетно да ги сервисираат потребите на своите граѓаните.

Почитувани пратеници, имајќи го сето ова во предвид, оправдано се поставува прашањето каква  територијална организација и е потребно на Република Македонија. За да се обезбеди што е можно побрз, и поквалитетен трансфер на надлежностите кон општините. Во согласност со законот за локална самоуправа, односно мораме да се стремиме кон таква територијална организација која ќе овозможи најбрза имплементација и заживување на оваа четврта власт во нашата држава. Не смееме да се залажуваме дека овој процес ќе биде едноставен напротив, и кај многу побогати и по развиени земји, етаблирањето на локалната власт во права смисла на зборот траеше по неколку години. Затоа, имајќи ја во предвид нашата реалност и нашите екномски можности мораме дасе обидеме користејќи ги искуствата на поразвиените од нас врз основа на реални и суштински критериуми како што се демографските, економските, просторните и други. Да проектираме територијална организација која ќе одговори на потребите на граѓаните за подобар живот и поквалитетни услуги.

Деновиве сведоци сме на низа референдуми кои се спроведуваат во единиците на локална самоуправа со кои граѓаните масовно се определуваат за натамошно усвојување на нивните општини. Според мене тоа се должи пред се на недоволната информираност на граѓаните за обемот на надлежности што идните општини треба да ги сервисираат од една страна, и од друга страна на фактот што според стариот Закон за локална самоуправа надлежностите на општините беа на ниво би рекол на комунални претпријатија, поради што ми се чини во јавноста оправдано се создаде впечаток дека сите тие 123 општини можат да опстојуваат. Уште повеќе, во многу  мали, пред се рурални општини кои во минатото со статус на месни заедници од страна на општинските центри беа потполно запоставени. Со подигнувањето на нивниот статус на ниво на општина, нивните жители успеаја да разрешат повеќе проблеми пред се од комуналната сфера. Како што е

подобрувањето со водоснабдувањето, изградба на водовод, канализацаија, патната инфраструктура итн., итн.

За тие луѓе тоа претставува доволно јак аргумент дека нивнаа општина треба и понатаму да опстојува. Повеќе од потребно е овие придобивки да се имаат предвид при изготвувањето на дефинитивниот облик на територијалната организација, и да се најде начин за натамошно стимулирање и афирмирање на истите.

Членот 24 од предложениот закон за територијална организација оди токму во таа насока. Имено, тој предвидува дека новите општини чие подрачје го сочинуваат подрачјето на две или повеќе постојни се должни да обезбедат функционирање на постојната општинска администрација на општините што се припојуваат. На овој начин граѓаните од подрачјата на соопштините што се припојуваат ќе продолжат да ги остваруваат своите права, во постојното место на живеење.

Исто така, во предвид треба да се земат и големиот број на реакции, во однос на определувањето на седиштата на новите општини кои треба да се формираат со спојувањето на две или повеќе постојни. Определувањето на седиштето треба да биде врз основа на реални, издржни критериуми. Во предвид покрај бројот на жители и местоположбата, мора да бидат земени и економските, инфраструктурните, социјалните и сите други аспекти, како граѓаните не би се почувствувале измамени или онеправдани.

Не смееме да дозволиме да имаме чувство кај граѓаните дека само врз основа на лобирањето на некои локални моќници ќе може да се добие седиште на општина. Постојат според мое уверување оправдани причини да се верува дека треба добро да се размисли дали на пример седиштето на општината треба да биде во Росоман или во Градско? Дали треба да биде во Облешево или во Чешиново? Имајќи ја предвид целата аргументација што ја предочуваат жителите на овие населени места. Затоа сметам дека треба крајно внимателно уште еднаш добро, добро да се проанализираат сите аспекти, сите критериуми како би сфатиле луѓето дека сето тоа се прави врз основа на одреден концепт, врз основа на реални критериуми, а не врз основа на некои политички или друг вид на притисоци.

Почитувани пратеници, сосема е јасно, а тоа и досегашните дискусии на пратениците на опозицијатај го потврдуваат, дека главниот, а може да се рече скоро

и единствен проблем во овој Предлог на закон се предложените решенија за Струга и Кичево.

Со овие предлог решенија се менува етничкиот состав на овие општини. Затоа, кон овие решенија, според мене треба и мора да се приjде крајно внимателно.

Пред донесувањето на дефинитивните решенија за овие две општини, предвид треба да се земат сите аргументи кои ќе произлезат од јавната расправа. Новото законско решение за територијална организација на локална самоуправа, не смее да предизвика делби и антагонизми меѓу луѓето, посебно не на етничка основа. Мораме да направиме се да продолжат интегративните процеси во Република Македонија, бидејќи тоа е единствениот начин да стигнеме до вратите на Европа.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам господине Голомеов.

Повелете господине Михајло Георгиевски.

МИХАЈЛО ГЕОРГИЕВСКИ

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа пратеници, почитуван господин министре Гештаковски.

Јас со оваа моја дискусија ќе се обидам да ја докажам оправданоста на забелешките кои што се упатувааат на законот кој што го предлага Владата преку примерот и состојбата во која што се наоѓа една мала општина во источна Македонија, општина од која што и јас потекнувам, тоа е општината Блатец.

Општината Блатец како што реков се наоѓа во источниот дел на Република Македонија. Таа од источната, северната и западната страна граничи со општината Виница, а од јужната страна со Плачковица и со општина Радовиш. Општината Блатец зафаќа површина од 98 километри квадратни, а вкупниот број на население по пописот од 2002 година е 2024 жители. Во неа се наоѓаат две населени места: Блатец и с. Липец.

Знаеме дека правењето на анализа за која и да било област не би била целосна без земањето во предвид на историјата на проучуваната материја. Таа, односно историјата пред се е битна за да се види какви биле состојбите во минатото, а какви се сега, како и заради воочувањето на грешките кои што биле правени а кои не би требало да се повторат во иднината. Меѓутоа ваквото базично

правило кое што треба да се применува во методологијата на изготвување на било кој законски проект, а посебно на проектите кој што регулираат една мошне чувствителна свера, каква што е сверата на територијалната поделба, може слободно да се каже дека не е применето воопшто. Односно ние сме сведоци на состојба во која грешките и проблематичните политики кои што биле применувани во минатото денеска повторно да се реализираат. Ова важи за големиот дел на општини кои што се опфатени со новата територијална поделба, општо, како и посебно за општината Блатец.

Имено доколку сакаме целосно да ја согледаме состојбата на оваа општина мораме да погледнеме наназад низ историјата, и да заклучиме дека ретрогадните процеси кои што ја зафаќале во минатото се на добар пат да ја зафатат и сега.

Па така Блатец беше општински центар се до 1956 година до кога функционираше мошне добро. Тоа беше затоа што таа претставуваше една реална локална заедница и географска целина, чија локална власт најдобро беше запознаена со реалните потреби и проблеми на граѓаните, и најдобро го чувствуваше вистинскиот пулс на општината, па соодветно на тоа беше доста успешна во нивното решавање и менаџирање. Значи, Блатец била општина се до 1956 година и треба да се има во предвид дека тогашната територијална поделба со која општините функционирале низ повеќе времиња, односно повеќепартиски и еднопартиски системи, како и  по Втората светска војна, односно во тогашната СФРЈ, била задоволителна. Блатец била општина затоа што претставувала една географска целина која што не се врзувала со ниедна друга област, а посебно не со општина Виница. Сите населени места кои биле во состав на општина Блатец до 1956 година гравитираат кон општината Блатец. До 1956 година во составот на општината беа следниве населени места: с. Лаки, с. Драгобраште, с. Пекљани, с. Трсино и с. Крушево кои потоа преминуваат во состав на општина Виница.

Укинувањето на општината Блатец во 1956 година многу неповолно се одрази на нејзиниот развој. Голем дел од населението мигрира во големите градски центри а исто така видлива е и стагнацијата на општествено-економскиот и стопанскиот развој на Блатец, со што Блатец прераснува во рурален центар. Особено треба да се нагласи проблемот со миграцијата во поголемите градски центри затоа што секоја поголема општина од 15000 жители со голем број на села од растурен тип, не може да се нарече локална власт која е блиску до граѓанинот затоа што неможе и несака да ги решава проблемите во селото. Наместо тоа се

создава состојба каде постојано се трошат средства во градот, па затоа сосема се логични процесите на миграција кои што се јавуваат при тоа. Од друга страна пак малите општини имаат шанса полесно да си ги решаваат проблемите и за краток временски период, од решавањето на комуналните проблеми да преминат на економскиот развој, подеднакво во сите населени места во општината, при што би дошло до отсранување на миграцијата село-град.

Меѓутоа сите овие негативни ефекти не се земени во предвид при правењето на територијалната поделба во 1956 година, со што започнува тивката агонија во која што запаѓа општина Блатец.

Ваквата положба до некаде е надмината со законот за територијална организација на општините во Република Македонија од 1996 година, со кој Блатец повторно се здоби со статус на општина што услови поттик и развој на општината во повеќе свери. Меѓутоа со овој закон е направена една нелогичност и спротивност, бидејќи сите понапред наведени места кои припаѓаа на Блатец до 1956 година, и покрај тоа што минуваат низ територијата на општина Блатец за да стигнат до општинскиот центар Виница, и покрај тоа што Блатец е многу поблиску и е поврзан со асфалтирани патишта со сите населени места, тие и натаму остануваат надвор од општината Блатец, односно остануваат припоени кон општина Виница. Со припојувањето на наведените населени места во состав на општина Блатец би се создала една природна географска целина во која населението побрзо и полесно би ги решавало проблемите отколку до сега.

Но и покрај сите нелогичности и аномалии на законското решение од 1996 година, забележан е еден голем прогрес во развојот и решавањето на проблемите на граѓаните во оваа општина. Со овој закон повеќе се водеше грижа за создавањето на хомогени и реални локални заедници кои што се далеку поспособни за решавање на локалните проблеми и потреби. Со тој закон дојде до растоварување на урбаните од руралните средини затоа што се увиде нефункционалноста од таквата нивна кохезија. Градовите не направија ништо за руралните средини кога имаа шанса нешто да направат. Но затоа со моделот од 1996 година руралните средини направија огромен напредок.

Па така општина Блатец за неполни два мандата има направено многу за обичниот граѓанин. Сето тоа е резултат на успешното работење на избраната локална власт од 1996 година, бидејќи до тогаш општина Виница немаше интерес да се развива општина Блатец, туку водеше погрешна политика кон сите села во нејзиниот состав. Се развиваше само градот Виница, а преку изградбата на

производствените капацитети во Виница се вработуваа невработените, кои поради непостоење на развојни проекти главно беа од општина Блатец, при што повеќето од нив си заминаа да живеат во Виница. Се виде дека дотогашната политика не била исправна, што се докажа по прогласувањето на Блатец за општински центар.

Од 1996 година па до сега Блатец ги има направено следниве зафати: изградба на објект за водоснабдување, фекална канализација, околу 70% асфалтирани улици во Блатец и Липец, реконструкција на регионалниот крак Р-1-527 кој што е од големо стратешко значење за Блатец, реконструкција на основното училиште во Блатец, реконструкција на училишниот дом, реновирање на здравствениот дом, реновирање на електричната мрежа, изградба на две трафостаници, формирање и регистрирање на општински фонд за локални патишта и улици, основање на јавно комунално претпријатие, изградба на спортска сала, уредување на општинските простории, редовна автобуска врска со сите поголеми центри, основање на такси служби, пошта и телефонска дигитална централа, приватна ординација, детска градинка, приватни трговски, угостителски и занаетчиски дуќани, бензинска пумпа и со еден збор правење на сериозен чекор во заживување на општината и нејзино претворање во сериозен сервис во служба на граѓаните.

При набројувањето на се она што е направено за време на функционирањето на Блатец како самостојна општина, мора посебен акцент да се стави на економските субјекти, кои претставуваат една локомотива која што треба да ја повлече целата општина во поголем развој и просперитет. Па така и покрај оскудните услови за развој, постојат неколку стопански субјекти кои сепак најдоа услови за своето функционирање. Тука би можел да ги споменам Земјоделската задруга “Момин Преслан”-Блатец, Погонот на акционерското друштво “Руен-Кочани”, исто така погонот на Акционерското друштво “Дајмон-Горица”-Виница, Конфекциската фирма за ретардирани деца, Земјоделската аптека “Маки”-Блатец, супер-маркет, околу 14 приватни колонијални продавници, Ресторан, Рибник, Кафе клубови, Интернет кафе, Пекарата “Мак-Маки”-Блатец, Книжарата “Култура”, и голем број на помали економски субјекти кои речито говорат за зачетокот на еден економски прогрес кој е започнат во оваа општина. Исто така постоењето на овие економски субјекти ја докажува и оправданоста од постоењето на самостојна општина Блатец која што се покажа способна да обезбеди простор за една ваква

економска заживеаност, која што е од несогледливо значење за жителите на оваа општина.

Исто така треба да се напомене дека сето тоа е постигнато за релативно краток период, при непостоење на реална финансиска децентрализација, и при ограничени ингеренции на локалната власт. Сега наместо ваквиот напредок да се стимулира со една реална и ефикасна финансиска децентрализација, со предложениот закон се уриваат сите досегашни придобивки, и се прекинува сиот досегашен позитивен тренд. Работите се враќаат на самиот почеток, што сигурно ќе значи исчезнување на населените места кои денес се во составот на општина Блатец. Лекциите од минатото не се научени. Грешките повторно се повторуваат, иако се толку очигледни.

Затоа може да се заклучи дека како најважна цел на реформата на системот на локалната самоуправа заснована врз начелото на демократија и децентрализација може да се издвои правото и способноста да ги регулира и да раководи со локалните јавни работи, одговорно и во интерес на локалното население, односно создавање на услови во кој локалните власти преку своите демократски избрани органи и ефикасна управа ќе ја доближат локалната самоуправа до граѓаните и со својата автономија и финансиска обезбеденост ќе овозможат брзо и квалитетно извршување на секојдневните проблеми поврзани со локалната власт.

Врз основа на досегашната работа, создадената основа и спремноста на општина Блатец да одговори на предизвиците и зголемените ингеренции кои произлегуваат од најавените реформи на системот за локална самоуправа ќе наведеме неколку причини зошто општина Блатец со новиот закон за територијална поделба и определување на подрачјата на единиците на локалната самоуправа треба да остане како самостојна единица на локалната самоуправа.

Како еден од главните фактори би можел да се наведе стимулот кои што би го добила општината со постоењето на финансиска независност од државата за финансирање на надлежностите во основното образование, комуналната дејност, предучилишното воспитување, основната здравствена заштита, културата, спортот и слично. Како втор многу битен момент, за дополнување на постоечкиот закон, е припојувањето на селата кои биле во состав на општина Блатец до 1956 година, со што општината би станала природна географска целина. Исто така многу е значајно да се споменат прородните ресури со кои располага општината, како на пример водите, шумите и пасиштата кои би можеле да дадат голем придонес во

натамошниот развој и просперитет на општина Блатец. Доколку концесијата од овие природни богатства би се плаќала на општината би се оствариле дополнителни годишни приходи кои што би биле значајна ставка во буџетот на општината. Значи тоа се концесиите за користење на природните богатства кои за државниот буџет не се голема приходна ставка, но во општинскиот буџет тоа сигурно се големи.

Како два примери каде што е евидентна ваквата појава би можеле да се издвојат експлотацијата на водите и шумите. Па така се поставува прашањето каква би била приходната ставка на општините ако од секое шише пакувана минерална вода, корисникот би бил должен да плати 1 денар. Со сигурност може да се констатира дека таквите приходи би можеле да бидат доволни за опстанок на една мала општина. Како второ општината не само што нема корист, туку има и голема штета со уништувањето на шумите и патиштата преку кои се пренесува сеченото дрво. Слично е и со експлотацијата на другите природно богатства. Па така локалната заеденица ги чувствува само лошите еколошки ефекти, а финансиските позитивни ефекти, компаниите што ги експлоатираат овие природни богатства, се офајдуваат од нив.

На сите овие факти мораат да се додадат и податоците од досегашното работење при што може да се резимира дека се решени околу 80% од проблемите во областа на инфраструктурата, фекалната канализација која што е изградена околу 60% што претставува добар показател за успешноста и позитивните резултати на општината Блатец, за време на своето постоење.

Како причина плус и како еден силен аргумент кој говори во прилог на задржувањето на општината Блатец во сегашните граници и правење на корекции но само во правец на припојување на областите кон неа кои приородно и припаѓаат, може да се наведе и референдумот одржан на 11.01.2004 година, на кој што излегоа 82,16% од вкупното гласачко тело, при што 96,61% го дадоа својот глас за самостојна општина Блатец без нејзино припојување кон општина Виница. Стравот на граѓаните од укинувањето на нивната општина е оправдан, затоа што кај нив се сеуште свежи сеќавањата од пред 1996 година кога доживеаја најголемо понижување од страна на државата. Тие неформално беа прогласени за граѓани од втор ред, со маргинализација на нивните заедници од страна на големите градски урбани општини. Токму лошо изведената фискална децентрализација, која што е можеби една од најголемите причини за таквата состојба, е токму и сега на повидок.

На нас ни останува да веруваме дека и овој пат одлуките нема да бидат донесувани во временски теснец, и со тоа да бидат повторувани старите грешки. Истовремено со давањето на можност на граѓаните и на општините да го дадат своето мислење ние всушност ја покажуваме и спремноста на нашата земја да ја почитува и Повелбата за локална самоуправа.

Затоа се надевам дека Владата со своите лоши и политички мотивирани потези, кои што се далеку од реалните потреби на обичните граѓани, нема да не врати повторно во времето на социјализмот, кога заради некои други интереси, секој потег одеше во прилог на демотивирање и уништување на руралните средини. Се надевам дека нема повторно да се оди кон создавање на општински конгломерати кои се далеку од реалните потреби и состојби во локалните заедници. Со тоа би се прекршиле и меѓународните стандарди кои постојат во оваа област, кои исто така укажуваат на поделба на градски и селски општини. Треба само ова да се почитува и ништо повеќе. Да не зборуваме дека со ваквото решение на Владата се прекршуваат и нормите на рамковниот договор, кој што многу јасно одредува дека децентрализацијата, а не и територијалната поделба се обврски кој што мора да се исполнат. Значи Владата со ова свое решение оди против сите можни наведени аргументи, при што ни дава можност да ги видиме нејзините соголени мотиви и цели со протнувањето на ваквото законско решение.

Затоа се надевам дека ќе преовладее разумот, дека ќе се надминат дневнополитичките интереси, и дека ќе се оди кон единстваното можно и функционално решение, а тоа е воведување на децентрализација во сегашниот број на општини. Па дури после неколку години со увидувањето на евентуалните аномалии на ваквото решение би се одело кон нова територијална поделба која што би одела во прилог на минимизирање на ваквите аномалии. Ваквото решение би одело во прилог и на Владата, затоа што конечно ќе докаже дека се грижи за интересите на граѓаните и владее во нивно име, дека не владее единствено со силата на мнозинството, и дека не го применува принципот “оден против сите, кој што може набргу да стане кобен по нејзиното политичко опстојување, кобен по опстојувањето на малите општини како што е општина Блатец, како и кобен по опстојувањето на Република Македонија.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам господине Георгиевски.

Пред да му дадам збор на господинот Владо Илиевски, јас најавив на самиот почеток дека во 13,00 часот ќе направиме пауза до 14,00 часот.

Дали вашата дискусија ќе трае 10 минути, сакам да Ве прашам.

ВЛАДО ИЛИЕВСКИ:

Нема да стигнам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Тогаш објавувам пауза до 14,00 часот.

(По паузата седницата продолжи со работа во 14,05 часот).

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Продолжуваме со работа.

Има збор пратеникот Владо Илиевски, а нека се подготви пратеникот Ристана Лалчевска.

Повелете господине Илиевски.

ВЛАДО ИЛИЕВСКИ:

Почитуван претседателе, колеги пратеници,

Предлогот за донесување на законот за територијална организација на локалната самоуправа во Република Македонија како и другите придружни пакет закони за децентрализација на власта кои се ставени во собраниска процедура, не само што ја разбрануваа јавноста туку предизвикаа голем интерес меѓу грѓаните, политичките партии, невладините организации и здруженија, а најмногу кај постојните локални општински самоуправи.

Токму затоа и во тој контекст на почетокот на мојата дискусија сакам да ги отстранам сите недоразбирања, да не речам толкувања и дилеми во врска со мојата дискусија кои би се однесувале на респектот на етничкиот соживот што го имам во мојата општина од каде што доаѓам како пратеник. Доаѓам од општина Кичево во која што живеат граѓани со мешан етнички состав македонци, албанци, турци, роми, еѓипшќани, срби, власи и др. И, навистина соживотот што го нуди оваа општина е за почит.

Корените на општина Кичево датираат од многу одамна, а процентуалниот состав на етникумите постојано се менувал, меѓутоа соживотот никогаш не изостанал. Со тоа бездруго ние како пратеници сме исправени пред мошне сериозна

и деликатна задача пред нашите избирачи кои ни ја дале довербата да го претставуваме и застапуваме нивните интереси на поширок план. И, одговорни сме за сегашната актуелна состојба во државата, но уште повеќе и за нашата иднина. Мораме трезвено, одговорно, разумно и сеопфатно да размислуваме, се разбира аргументирано да се однесуваме и да повлекуваме такви потези кои што во прв план нема да доведат до меѓуетнички тензии и незадоволство кај поголемиот дел од граѓанството, до нарушување на мирот и стабилноста во државата, до остварување на латентни спреги кои ќе водат до дезинтеграција и до разнебитување на повисоките државни интереси. Не треба да заборавиме дека само во мирна и стабилна држава може да се очекуваат резултати во социјално економските и образовно културните сфери, просперитет и остварување на визијата за членство во Европската унија и НАТО структурите како консензуална определба на плуралното општество.

Почитувани пратеници,

При изготвувањето на Предлогот на законот за територијална организација на локалната самоуправа и неговото доставување во собраниска процедура сите електронски и печатени медиуми почнаа да пласираат во јавноста разни тези, толкувања и видувања на поединци, новинари, експерти, професори и друго. Општиот впечаток скоро кај сите беше дека предлогот во глобала е прифатлив за поголемиот дел од општините сигурно со одредени забелешки, примедби и корекции за помал дел од општините, а како главен проблем кај сите субјекти вклучени во расправата беше истакнуан проблемот со општините Кичево и Струга.

За овие констатации јас лично сметам дека можеме да се сложиме сите ние. Самото тоа кажува дека направено е нешто воочливо за сите и на прв поглед. Направено е нешто неприродно, нешто несвојствено и неприфатливо бар за поголемиот дел на граѓаните на овие општини, а и пошироко во државата.

Како што е познато во кичевскиот регион во изминатиов период егзистираа пет општини Кичево, Осломеј, Зајас, Вранешница и Другово. Со новиот предлог на општина Кичево и се припојуваат четирите општини Зајас, Осломеј, Другово и Вранешница. Значи, на една општина со околу 30-тина илјади жители и се припојуваат уште четири општини со приближно уште 30-тина илјади зители. Предлогот за вака окрупнета општина за нас поголемиот дел граѓани на општина Кичево е неприфатлив од повеќе аспекти.

Ниту една општина во Република Македонија со дадениот предлог не е вака окрупнета во чиј состав влегуваат приближно 90-тина населени места, со крајни

села од регионот на Прекутурла оддалечени до 38 км. во еден правец и уште толку оддалечени села во другиот правец. Ако основната цел на децентрализацијата на власта треба да биде во функција на граѓаните бидејќи децентрализираната власт е поблиску до граѓаните со што многу повеќе можат да практицираат во власта, тогаш ве молам со ваквото припојување на четирите општини и окрупнувањето не е можно граѓаните на оваа општина да го остваруваат своето право. Благодетот на таквото функционирање ќе го почувствуваат само граѓаните од центарот, т.е. од градот, а додека селските средини ќе бидат маргинализирани во секој поглед. Катастрофално ќе се одрази и ќе доведе до уништување до оние населени места од една страна, а од друга страна градиме одредена стратегија за создавање на услови за развој на земјоделието и сточарството со цел враќање на младите луѓе кои со ситни бизниси ќе дојдат до некакво си вработување.

Почитувани пратеници,

Во вакви преголеми општини да не се случи да се соочиме со состојба на привелегирани граѓани кои живеат во центарот и заборавени граѓани што се на периферијата. Непобитен е фактот дека општина Кичево во сегашни рамки не била, и не е етнички чиста. И со последниот попис на населението од 2002 година ја имаме оваа состојба: 16.140 македонци, 9.202 албанци, 2.430 турци, 1.630 роми, останатите се срби, власи и бошњаци или вкупно 30.138 жители.

Можеме со сигурност да потврдиме дека во изминатиов период се негувале позитивни традиции, добри меѓуетнички односи на соживот и верска толеранција. Дури и 2001 година во времето на конликтот ние успеавме да го зачуваме мирот благодарение на добриот етнички соживот, без буквално речено ниеден инцидент да се случи во овој крај што сигурно заслужува секаков респект. Ако се заложиме сите да продолжи таквиот соживот меѓу граѓаните за доброто на сите и за иднината на сите. Со ваквото припојување на овие општини кон општина Кичево се јавува голема диспропорција во етничкиот состав со што доаѓа неприродно до промени и на демографскиот состав. Зошто да се смени преку ноќ етничката и демографската структура на оваа општина, а тоа не е во рамките на европските стандарди. Европа навистина нуди концепт за децентрализација. Таа бара да се донесат законите бидејќи знае дека децентрализацијата е важен процес. Современа Европа е децентрализирана во сите земји, некаде побрзо некаде поспоро течат процесите на децентрализација. Многу вминателно. Но, во тие процеси не можат да бидат избегнати заборавени оние за кои се врши процесот на децентрализација, т.е. граѓаните, оти неприродно е државата да се децентрализира.

Основна карактеристика на консенсуалната демократија е бавно но стабилно одлучување затоа што треба да се постигне согласност по волјата на граѓаните со долгорочни и промислени вредности. Ова припојување на останатите четири општини кон општина Кичево како предлог на Владата е неприфатлив за нас бидејќи консенсуалната демократија во која ние длабоко навлеговме доведува до тоа што процесот на одлучување се извлекува и од јавно водените расправи на локално ниво, во Парламентот па и во Владата каде што се искажува волјата на граѓаните.

Исто така со овие предлжени измени постои опасност да дојде до нарушување на таквиот соживот кој особено го потенцирам, а е од голема важност бидејќи е можно да се појават нови претензии и аспирации на политички план за етничка доминација во сите сфери на општествениот живот. Впрочем, и децентрализацијата на власта посебно со ингеренциите што ги добива градоначалникот даваат поголеми можности да дојдат до израз таквите аспирации. Така од едно мирно подрачје ќе направиме ризично кое може да има последици врз граѓаните што сигурно би предизвикало процеси на масовна психолошка растревоженост.

Од друг аспект потребно е во кичевскиот регион да функционираат таканаречените селски или рурални општини кои во изминатиов период иако со ограничени овластувања и мали финансиски средства постигнаа видливи резултати особебно во комуналната сфера. Можам со сигурност да кажам дека сите општини од овој регион во овој краток изминат период ја доживуваат навистина нивната права експанзија на секој план.

Очигледно и видливо на сите четири општини, се разбира некаде во поголем а некаде во помал обем изградена е инфраструктура во многу поголем обем отколку во целиот повоен период, што е уште еден непобитен факт дека овие општини го оправдаа статусот на самостојност.

Ако сега направиме дигресија и за пример да земеме случај кога овие општини би биле во состав на општина Кичево со сигурност можеме да констатираме дека овој подем неможеа да го забележат ниту една од општините имајќи го во предвид фактот дека средствата што се на располагање на општина Кичево се и онака мали и ќе бидат првично насочени кон централното градско подрачје, а многу помал, а да не речам занемарлив дел би се одлеал во овие рурални средини што и минатото го потврдува тоа.

Почитувани пратеници, овие општини во овој период изградија многу асфалтирани патишта, водоводи, канализациони мрежи, мостови, амбуланти, училишта, многу мали средни стопански објекти, спорт и спортски објекти игралишта и др. Градоначалниците не мирувaa, бараа средства, донации, дотации, инвестираа и градеа. Треба да им дадеме шанса овие општини и понатаму да придонесуваат и да се развиваат врз основа на сопствените природни ресурси во областа на земјоделието, сточарството, шумарството и дрвно преработувачката индустрија, а со мали инвестиции и дотации би се оствариле и мали приватни бизниси како што се фармерството, билкарството, занаетчиството и друго.

Единствена цел на економско социјалната политика во овие краеви е да се насочи во насока да се задржи населението, а како императив се налага создавање на што подобри услови за враќање на млади луѓе на напуштените имоти со што постојано би се намалувала големата невработеност што е еден од основните приоритети на државата.

Почитувани пратеници, како и секаде така и во Кичево економско социјалната состојба е многу лоша. Многу стопански објекти во овој транзиционен период се затворија. Некои се ликвидираа, други под стечај, не до крај спроведена приватизациона постапка, стопанство без инвестициони вложувања, 9000 невработени се на се сложена состојба. Значи еден од есенцијалните проблеми за овој регион е што побрзо создавање на услови преку нови инвестициони вложувања до приватизација на преостанатите капацитети и нивно активирање, рестартирање на некои од објектите кои не работат, отварање на нови капацитети, се со цел нови вработувања.

Со новото преструктуирање на општината што се нуди со работната верзија на пакетот закони и како што реков со новите ингеренции што ги има градоначалникот, со истите закони овие процеси на развој на општината не семо шо ќе се забават туку се стравува дека тие и потполно ќе запрат. Ќе настане пореметување во стратегијата на водењето на општината, ќе се наруши континуитетот на развој, ќе се појават нови аспирации што со сигурност можеме да сметаме дека ќе се наруши балансот на досегашниот релативно мирен соживот. Ако ние кон една урбана средина додадеме некоја рурална средина, руралната не може да се урбанизира преку ноќ, напротив ефектите од руралната средина ќе дејствуваат на центарот на градот, со што би се забавил и онака спориот развој на руралната средина а индиректно и на градот. Треба да видиме дали граѓаните ќе добијат подобри услови со новата територијална поделба и дали ќе можат

понепосредно да ја контроираат власта и да влијаат врз неа. Сметам дека целта на децентрализацијата е токму во правец на руралните средини и нивно изедначување со урбаните, а овој предлог не го нуди тоа. Гледано реално и објективно ние не треба да дозволиме политиката да не оддалечи од вистинската цел, а таа е да создадеме реални, одржливи и ефикасни општини што ќе бидат во функција на потребите на граѓаните. Општините како и досега, зборувам за Кичево ќе соработуваат а и самиот закон дава можност да можат да формираат и заеднички служби за одделни области и потреби, што значи ќе постои можност за соработка со што ќе се ускратат можностите за доминација на едните врз другите. Без фетишизирање и маргинализирање на историските настани и личности од постарата и поновата историја, Кичево е првоослободен град во Република Македонија со многу настани што се случиле во НОВ, во големата антифашистичка борба од 1941 до 1945 година во која борба се дадени многу човечки животи. Селото спомеличко и културно наследство што го има оваа општина треба да се зачува за сегашните и идните генерации како своевиден амблем на македонската државност.

На крај, почитувани пратеници, резимирано сакам да завршам со следното. Се приклучувам кон широко прифатената граѓанска иницијатива во Кичево со цел општина Кичево да остане во постојните рамки. Покрај оваа општина да се формираат и други селски рурални општини со што би се задоволиле интересите на поголемиот дел од граѓанството, а тоа се оправдува и со следното. Со децентрализацијата на локалната власт општините непосредно мнобгу поблиску ќе ги сервисираат потребите на граѓаните а услугите од институциите на локално ниво ќе им бидат секогаш на дофат. Се создаваат релативни услови за побрз економско социјален развој на населените места, инфраструктурата посебно, а со рационално искористување на природните ресурси се создаваат реални можности за нови вработувања, со што се враќа надежта за повторно заживување на ридско планинските населби. Постојат и кадровски потенцијали кои можат да ја превземат одговорноста на новите предизвици што ги носи со себе децентрализацијата на власта на локално ниво. Се стеснува можноста од ново централно раководење, посебно во финансискиот систем кои ќе се користат само за градот а многу помаку за пооддалечените селски населби. Ќе се овозможи да се продолжи со еден мирен и стабилен соживот на поширокиот регион, со возможно почитување и меѓуетничка соработка на секое поле и еден толерантен политички баланс меѓу етничките заедници во овој регион. Граѓаните ќе бидат носители на демократските движења и претставувани преку нивните претставници во советите на општините, што значи

нивно зголемено учество во локалната самоуправа и поголема моќ на одлучување за виталните прашања. Или со други зборови, што поблиску да е власта до граѓаните а и целта на самиот закон за децентрализација на власта е таа, толку подобро ќе биде за сите граѓани без разлика на етничката или верската припадност нивното практицирање во власта.

Затоа почитувани пратеници сметам дека сите овие забелешки и предлози што се изнесени и што ќе бидат изнесени во собраниските расправи и во расправите на локално ниво, ќе ги земе во предвид предлагачот на текстот на законот за територијална организација на локалната самоуправа и убедени сме ќе го промени текстот на Предлог-законот по однос на општина Кичево и во фазата на донесување на законот општина Кичево ќе си го задржи статусот во постојните рамки без никаква глобализација. Како најголема поткрепа на сето ова досега изложено, сакам да ги искажам и резултатите од одржаниот референдум кој се одржа на 01.02.2004 година и на кој беше искажана волјата на граѓаните на општина Кичево. Истиот материјал со резултатите од одржаниот референдум им е поделен на сите пратеници, во што можат самите да се уверат дека желбата на многу поголемиот дел од граѓаните на Кичево е општина Кичево да остане во постојните граници. Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам господине Илиевски.

Збор има пратеникот Ристана Лалчевска, а нека се подготви пратеникот Илјаз Халими.

Повелете госпоѓо Лалчевска.

РИСТАНА ЛАЛЧЕВСКА:

Господине претседателе, колеги и колешки пратеници, г-дине минситре

Дозволете ми накратко да дадам свое видување на Предлогот за донесување на закон за територијална организација на локалната самоуправа.

Како резултат на цивилизациската еволузија се акцентира важноста на човекот односно граѓанинот во модерната држава. Со остварување на демократијата есенцијано е доближување на ладењето до оној кој е најзасегнат, а тоа е граѓанинот. Потребно е на граѓанинот да му се даде можност да внесе свој инпут во државното уредување за прашања што кои непосредно го тангираат него.

Низ вековите, драги колеги, секогаш постоел антагонизам помеѓу поединечните и локалните од една страна, и централните и националните интереси

од друга страна.  Во последно време овие антагонизми се повеќе завршуваат во корист на првите, бидјеки тие се поблиску до граѓанинот. Територијалната организација на европската држава кон и  која ние сите се сртремиме, е отсликување на приврзаноста на граѓанинот кон местото во кое тој живее , твори  работи и секако е емотивно врзан за тоа место. Секоја друга де јуре или вештачка организација на територијата човекот го претвора во средства на политичка комбинаротика и кај него ќе предизвика револт, ќе предизвика цела лавина на реакции. Токму ваква лавина на реакции предизвика и Предлогот за донесување  закон за територијална организација на локалната самоуправа во Република Македонија .

Колеги пратеници,

Во една крајно скриена и не транспарентна постапка, без претходно да се испитаат состојбите, можностите и да се донесе заклучок на кое ниво и каква е моќта на општините, пред Собранието се донесе Предлогот што денеска е на дневен ред. Во него е содржано решение за смалување на бројот на општинтие скоро за половина, од 123 на 71. Можеби ова и не е  голема трагедија. Меѓутоа, како се реорганизирани општините е веќе друго прашање.

Во Западниот дел на Македонија се создадени големи етничко-дивергентни општини преку кои неадекватно, па дури и присилно се воведува официјален билингвизам. Од друга страна се укинуваат општини што постигнале евидентни резултати и тоа пред се во Источниот дел на Републиакта. Значи се одело со различни критериуми. Зошто се одело со различни критериуми при кроењето на општините или пак воопшто не се почитувале некакви стандарди и критериуми, се се свело на политички договор. Ова се прашања што ме мачат мене, а  верувам дека ги мачат и граѓаните на Република Македонија .

Дека е ова дел од вистината зборува и фактот што во целиот тој процес на кабинетско кроење на општините недостасува учеството и верификацијата на волјата на граѓаните кои живеат во општините кои се укинуваат и се присоединуваат кон други.

Друг, многу важен момент во овој процес е апсолутното отсуство на било каква реакција од припадниците на албанската заедница за прекројување на општинскtие граници во општините каде што тие се застапени со мнозинство. Дали албанците сметаат дека се испочитувани сите критериуми и волјата на граѓаните е вградена во овјој предлог , се прашувам? Или пак тие се сосема задоволни од постигнатиот политички договор?

Би поразговарала нешто околу правниот аспект. Најнеуспешен елемент на Владата, во однос на Предлогот за донесување на закон за територијална организација на локалната самоуправа претставува нејзиниот обид да му даде правна основа, како во домашното така и во меѓународното право, а ист резултат се добива и кога ќе се изврши компарација со нормите на нашите најблиски соседи.

Уставот, како највисок правен и политички акт на државата, во нашиов случај Уставот на Република Македонија , ја спомнува локалната самоуправа на две места. Прв пат во членот 8, во “Темелни вредности”, а подоцна во нормативниот дел и во псоебната Глава 5, чиј прв член, членот 114 вели дека недвосмислено на граѓаните им се гарантира правото на локалната смаоуправ. Не е потребно автентично толкување за да се види дека локалната смаоуправа не е милост од централната Влада и дека треба да се радуваме на опструираните закони за децентрализација, па тие какви и да биле. Правото на локалната смаоуправа, драги колеги, не може да се оспори и мора да се оствари секаде каде има услови за тоа или таму каде што постои не смее да се укине без волја на нејзините жители , бидејки самата таа постои за нив. И, единствено право за нејзино реорганизирање го имаат токму граѓните кои живеат во тие општини.

Оправданието на Валдата дека територијалната организација од ваков тип е неизбежна поради Рамковниот договор е сосема невалидно. Во точката 3, со наслов “Развој на децентрализирана власт” стои “Ревизијата на општинските граници биде спроведена од страна на локалните и националните власти со меѓународно учество. Предлогот за донесување Закон за територијална организација на локалната смаоуправа во Република Македонија е изработен од националните власти, меѓутоа без согласност, дури и со игнорирање на локалното ниво,односно на граѓните.

Истоветниот Рамковен договор исто така определува дека при нормирањето на одредбите за локалната смаоуправа ќе бидат почитувани меѓународните стандарди како што е Европската Повелба за локалната смаоуправа која во нашето законодавство е воведена 1997 година. Оваа Повелба во својот член 5 вели “границите на територијата на која се простира надлежноста на локалната власт не смејат”, потенцирам “не смејат да се менуваат без претходно консултирање на локалните заедници што се во прашање, а доколку е тоа можно попат на референдум, кога е тоа предвидено со Статутот”. Меѓутоа, императивноста на членот 5 се гледа и во членот 12 од спомнатата Повелба во која се кажува дека тој мора да се прифати и дека членот 5 не може да стави резерва за неприфаќање.

Владиониот обид за територијална организација ќе го прекрши меѓународното право ондосно ќе го прекрши токму членот 5 од оваа Повелба што сме ја потпишале ако ги игнорира референдусмските резултати на општините. Тка ќе го има последнито збор Владата, бидејки референдумите масовно се одржаа во многу општини. А, резултатите се евидентни.

Единствен адут на Валдата за промовирање на Предлогот е Законот за локална смаоуправа на Република Македонија од 2002 година. Во Гавата 11 се вели "Механизми за соработка меѓу општините, Владата на Република Македонија и органите на управата", а во членот 78 кажува дека општините ќе бидат благовремено  и соодветно консултирани и тоа на начин определен со закон. Очигледно е дека со прекумерна употреба на зборот консултирање и негово разбирање во исклучив советодавен и незадолжителен аспект сака да се маргинализира учеството на волјата на граѓаните при донесување на конечната одлука за територијална организација водржавата.

Една оснвона компаративна анализа на законодавствата од нашето опкружување, велам од нашето опкружување затоа што сите тие се  секако поблиски до нас , јас не можам да сватам компарации со земји што се многу понапред од нас, мислам дека треба да одиме чекор по чекор, ќе ни покаже дека ние сме уникатни со незадолжителниот карактер на референдумските резултати по повод на локалната самоуправа.

Да го земеме Законто за локална и регионална самоуправа на Република Хрватска. Во членот 7 се вели дека претходно на секоја промена на територијата на локалната и регионалната самоуправа ќе биде побарано мислење од жителите. Мислење од жителите претставува неопходна претпоставка за промена на територијата на единицата на  локалната смаоуправа. На иста ваква линија, односно позиција е и Законот за локланта самоуправа на Република Србија, што исто така референдумското изјаснување го има уредено за вакви територијални прекројувања на општините.

Во Словенечкиот Устав во членот 139 е изрично дека нова општина се оснива со референдум, што по аналогија би значело дека ваква постоечка општина не може да се укине доколку постои граѓанска волја таквата општина да опстане. Значи, секаде гледаме почитување на волјата и желбата на граѓаните кои живеат во општините што се реорганизираат.

Уставот на Република Бугарија во членот 136 до збор го прифаќа решението од Европската Повелба за локална смаоуправа и нормира границите на општината

ќе се формираат после референдумот на кој што ќе се изјасни популацијата. Значи, после резултатите на референдумот што би ги добиле. И тука гледаме почитување на волјата на граѓаните.

Единствен заклучок до кој може да се дојде после ова правно и компаративно согледување е дека волјата на граѓаните е основниот империуми при регулирање на локалните прашања или барем би требало така да биде. Секакво поинакво реорганизирање на општините би создало тензии во државата, бидејки граѓаните не би можеле на најлесен начин, и оптимално да ги користат своите и државните ресурси што секогаш се ограничени и би се довеле до една апсурдна ситуација, општините што сега би ги укинале, подоцна, со референдуми повторно да се воспостават, бидејки токму ваква можност дава членот 2 од Предлогот за донесување на закон за територијална организација на локалната смаоуправа во Република Македонија . Се разбира ако и тогаш зборчето “консултирање на граѓаните” не остане само мисловна именка за граѓаните на Република Македонија , а за Владата претпоставка која е исполнета, ама во Владиниот кабинет.

Јас Ви благодарам на вниманието.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам госпоѓо Лалчевска.

Повелете господине Халими, а нека се подготви пратеникот Фатмир Асани.

ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:

Почитуван претседател, почитуван минситер, почитувани пратеници,

Веќе неколку дена дебатираме за Предлог закон кој што е многу значаен и многу комплексен.

Предлог законот за новата територијална организација на локалната самоуправа во Македонија, за да биде успешен треба да се заснова врз унифицирани критериуми, според стандардите на Европската унија. Значи треба да се подржи од Европската овелба за локалната смаоуправа, како и на Охридскиот договор и измените на Уставот.

Целта за донесување на овој закон е во функција на исправање, поправање на оваа територијална поделба која штоја имаме, која што не кореспондира со реалноста. Демократската партија на албанците уште кога се усвојуваше законот за територијалната поделба значи во 1996 година, излезе состав дека неопходно треба да се создадат вистински одржливи критериуми во согласност со Европските

стандарди со цел формирање на нови општини, кои ќе бидат функционални каде ќе се земат предвид покрај другите елементи и етничкиот елемент. Ние уште тогаш нагласивме дека тоа што се нуди како Предлог закон е неприфатливо, затоа што како таков покрај другото има и политичка позадина. Денес по 9 години постоење на оваа територијална поделба, се виде дека се појавија потешкотии во функционирање на многу општини воглавно руралните општини. Бидејки сега констатираме дека таа поделба не била погодена, затоа што има доста многу недостатоци и само од себе се појавува потребата од нова територијална поделба. Дека е неопходна една нова територијална организација, мислам дека сите се согласуваме, едноставно постои вистински заеднички консензус. Меѓутоа проблемот стои во тоа што моментално во политичките субјекти без оглед дали се во позиција или опозиција, не постои заеднички став за нова територијална поделба која што ја предлага Владата. Вака пробелмите или недоразбирањата меѓу нас се појавуваат околу начинот на територијалната поделба која што се предлага. Владата ја дава својата верзија на законот кој што веќе ни е познат, затоа што сме имале можност навреме да го разгледаме. Разликите во вреднувањето , оценвуањето на овој Предлог закон, меѓу пратениците од разните политички групации се повеќе од евидентни. Овие разлики се покажаа уште во текот на разгледување на законот во работните тела на Парламентот. Овие разлики ги забележуваме во текот на овие денови кога гpacправаме на парламентарните седници. Бидејки е прва фаза на разгледување на законот, забелешките, сугестиите, предлозите се прават со цел да се инкорпорираат во законот. Меѓутоа како ќе се третираат сите овие од страна на Владата е видиме во иднина. Ако ја имаме предвид досегашната практика на работа на овој Парламент и мене ми е јасно како ќе заврши овој закон. Мислам дека можеби ќе се направат некои мали измени во овој закон, меѓутоа никако во согласност со одржливите аргументи, посебно аргументите од ДПА. Ова ќе биде најголемиот хендикеп кој што ќе го има овој закон.

Почитувани пратеници, гледано реално за нас пратениците од ДПА една ваква територијална поделба, која што се предлага од оваа Владина коалиција повеќе личи на едно пазарење, отколку што е глдано да се има една реална поделба и вистинска преку која ќе се исправеја направените грешки во минатото. Јас ги разбирам СДСМ, ДУИ и Либералната партија , зашто се определени за една ваква поделба обидувајки се секогаш да ги зачуваат нивните национални интереси, на штета воглавном на албанските интереси, меѓутоа не можам да го разберам нивниот коалиционен партнер ДУИ , кој што се согласил со една ваква верзија на

законот кој што е покатастрофален од 1996 година , кој што се усвои токму од СДСМ со другите партнери на Владината коалиција. Бес преседан е тоа што ДУИ да даде зелен сигнал на еден ваков предлог, каде многу јасно се гледаат четирите енклави или четирите општини кои што се арсифицијално вештачки формирани. Кои што се повеќе македонски без никакви одржливи критериуми со што се прекинува територијалната врска, природна врска на граѓаните на еден етникум кој што постоел како таков до пред 1996 година.

Неприфатливо е за мене и за мојата партија да се прекине природната врска на териториите меѓу Липково и Кондово, каде до 1996 година постоело мнозинство албанци, создаваќи меѓу нив вештачки нова енкава со име Чучер - Сандево, со доминација на македонско население. Вака е случајот и со новиот предлог за формирање на општина Вратница, на која што и се придружува досегашната општина Јагуновце. Оваа општина се формира без некоја реална подршка, или без подршка од нопходните фактори кој ќе влијае врз нејзиното формриање.

Овие две општини, досегашни кои што се предлагаат да се соединат во една општина, меѓусебе не се поврзани со никаква инфраструктурна мрежа. Граѓаните од една општина, ако сака да оди во другата општина кои се предлагаат да се соединат, мора да помине низ територијата на една трета општина, значи општина Теарце ,затоа што само таму има патна мрежа која што е добра за минување. Многу пологично и поприфатливо да овие две општини, Вратница и Јегуновци се придружат на општина Теарце каде ќе се формираше една заедничка општина со вистински урбани карактеристики со можност за побрзо развивање отколку што се предлага сега.

Почитувани пратеници, најтешкиот случај во предлогот на формриање на општина Маврови Анови, на која што и се придружува досегашната општина Ростуше, само да се обезбеди 5000 жители , услов за формирање на нова општина.

На сегашната општина Маврови Анови нема никакакви причини како таква да постои, освен политички цели на високите структури на оваа Влада. Оваа општина до 1996 година, била составен дел на територијата на Гостивар и како таква се подели за да постои во иднината. Оваа општина има толку малку жители што е за чудење како е решено во 1996 година да се подели како нова општина. Таму сега реално не живеат ни 300 жители. Во рамките на таа општина веројатно во села, меѓутоа жителите многу пати се преселиле. Според тоа што стои во предлог на законот се вели дека во оваа општина има 1700 жители. Ова пред е фиктивен не е реален. Многу жители на овој дел сигурно пријавиле две адреси на живеење што е

газење на законот , повреда на законот. Значи ова е уште една прилика органите ја констатираат вистинската состојба.

Другата општина која што се предвидува со политичка заднина е општината Мешеишта. Многу е карактеристичен фактот ако се предлага територијата стои Охридскиот аеродром и магистралниот пат кој го поврзува
Кичево, Охрид и Струга кој одамнина бил дел на струшката општина сега да припаѓа на новата општина Мешеиште. До колку се гледа новата мапа ќе видите каков излез има оваа општина на Охридското езеро. Ова ме потсеќа кај Дељево како единствен излез на Босна и Херцеговина на Јадранско Море.

Исто така при разгледувањето на овој закон , паѓа во очи тенденцијата на предлагачите, намалување на надлежностите на сегашните општини кои се во состав на градот Скопје. Нивниот статус нема да биде како порано и сличен на другите општини. До колку се гледа сега каков што е концептот, тогаш ние можеме да зборуваме за децентрализација на власта.Напротив, ќе имаме концентрација на власта во рацете на градоначалникот на градот Скопје. Ставот на ДПА е општините на градот Скопје да имаат ист статус со оние кои се надвор од Скопје.

Тргнувајќи од ова, предлагам во членот 9 на предлог законот за територијална организација на локалната самоуправа во Република Македонија, кога се говори за општини со седиште во град, да влезат и да се припојат и општините кои се составен дел на Скопје, како и општината Кале која ние ќе ја предложиме да се формира, меѓутоа, за ова ќе говориме кога тоа ќе биде на дневен ред, односно кога на дневен ред ќе биде точката на дневен ред на градот Скопје. Така под редниот број 33 на овој член , да се продолжи со реден број 34 , односно општина Аеродром , потоа општина Бутел со седиште Бутел, општина 36, општина Гази Баба со центар Гази Баба, 37 Кале со центар Кале, потоа Ѓорче Петров со центар Ѓорче Петров и општина Карпуш со центар Карпуш, исто така и Кисела вода со седиште Кисела вода, како и центар со седиште центар и 42 општина Чаир со седиште Чаир и 43 општина Шуто Оризари со седиште Шуто Оризари. Мислам дека само на овој начин ќе има рамноправен третман сите општини кои постојат со сегашните општини кои делуваат во рамките на градот Скопје.

Почитувани пратеници со ваквите предлози кои ни се нудат о дстрана на Владата веќе е јасно каде е целта. Значи треба отворено да признаеете дека вие се плашите од една реална поделба затоа што како таква за вас ќе преставува опасност од реална поделба се плашите затоа што мислите дека албанците од ова ќе добијат многу. Вие од ова гледате и опасност затоа што секогаш тежнеете да не

третирате како соминителен елемент. Со ваквите предрасуди кога излегуваат на виделина тие планови многу е тешко да се гради меѓусебно разбирање. Вака ненможе да се гради заедничка држава каде сите народи и заеници се еднакви. Вака не се гради една држава кон која сите тежнееме. Јас знам дека овој закон како првата така и во втората фаза ќе помине така како што сакате вие кои сте мнозинство, затоа што го имате механизмот на гласањето и на мнозинството со кое ние сме надгласани пратениците од ДПА. Меѓутоа немојте да мислите со ова ќе заврши вака. Факт е дека овие три закони кои се поврзани со децентрализацијата на власта , ако не се донесат со полн консензус во Парламентот , тогаш ова прашање ќе остане отворено натаму.

На крајот имајќи го предвид сето ова што го кажав, уште еднаш барам Владата да ги има предвид со најголема сериозност овие заблешки и сугестии при подготовката на законот за втората фаза. Инаку, за нас пратениците од ДПА, ваквата организација каква што сега се нуди е неприфатлива Грешките кои се направени во 1996 година не треба да се повторат во 2004 година, затоа што овие грешки ќе бидат уште потешки . Ќе биде неприфатливо за ДПА. Мислиме дека тоа ќе биде национално предавство, до колку могу општини албански кои треба да се формираат, ќе се формира само општина Кичево. Ова не е тоа што сеуште го бараат свежите жртви од конфликтот во 2001 година.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господинот Зоран Крстевски се јави за реплика.

ЗОРАН КРСТЕВСКИ:

Јас сакам да реплицирам во делот во кој г. Халими објаснуваше од кои причини не треба да постои општината Маврово. Да земеме компаративно Словенија и Македонија. Македонија има негде околу двеипол иљјади населби, населени места, Словенија има околу 6000. Словенија има 192 и неколку општини а ние сега носиме закон за намалување. Во принцип децентрализацијата, приближувањето до граѓаните , што значи дисперзија не само на централната власт туку и зарадш на еден одреден концепт за развој на одредена регија , општина итн. Одтука профилирањето на општината Маврово како туристички центар по мое длабоко убедување треба да остане бидејќи искуството од времето кога постои општината укажува на тоа дека односот према туризмот и према развојот на

Маврово е сосем поинаков отколку што беше порано во време кога Маврово беше под општина Гостивар.Тоа на одреден начин може да се пренеси и да се каже во однос на Мешеиште.

Аеродромот за земја каква што е Македонија континетална е клучна комуникациска врска. Штета што ние околу Охридскиот аеродром повеќе функции , транспортни, шпедитерски , економски не ги развивме како зона и мислам дека и во тој контекст општина во тој дел има смисла да постои и мојата заложба е да останат тие општини во предлогот.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете една минута г. Халими.

ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:

Господине Крстевски општините се формираат за граѓаните. Општината Маврово реално во неа нема граѓани, вие ова треба да го знаете подобро. Немојте да се засновате на фиктивниот број од 1700 граѓани кои се наведени и се дава како бројка од статистичкиот завод. Таа општина и натаму може да продолжи да го развива туризмот, и натаму може да се развива и притоа Маврово да биде општина во рамките на општина Гостивар. Треба да го прифатиме фактот дека таа општина вештачки се формира. Јас не познавам некое село таму кое омже да има пвоеќе од 20 или 30 жители. Меѓутоа 90% од селата немаат ниеден жител но кога доаѓаат изборите тие гласаат таму во тие села или Гостивар, доаѓаат во Скопје.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г. Асани, а нека се подготви пратеникот Гајур Сарач.

ФАТМИР АСАНИ:

Почитуван претседателе,почитуван министер, почитувани пратеници,

Демократската албанска партија изразува потреба за донесување еден ваков закон како глобална ориентација за децентрализацијата на власта во Република Макединија .

На почетокот можам да констатирам дека Владата при изготвувањето на овој нацрт закон ги нема почитувано основните начела на институциите кои произлегуваат како што се на пример Европската повелба за локална власт и

другите акти кои произлегуваат од Европскиот совет и другите меѓународни одранизации. Овие ги немаат предвидено и обврските кои произлегуваат од Законот за локална власт , во членовите кои се однесуваат на територијалната поделба како системските закони кои ја регулираат оваа материја.

Владата ги нема почитувано ниту критериумите, кои сама ги има донесено, како начелата врз кои ќе се изготви новата територијална организација на општините кои ќе претставуваат географска целина, инфраструктурна, економска, културна , историска и развојна целина. Ако го securitizalizirame овој нацрт закон кој е пред нас , слободно можеме да констатираме дека овој закон ја изразува желбата на Владата за една територијална организација идилична, територијална организација која не е во функција на идната на општините, но на сегашната политика помеѓу партнерите во коалицијата. Но и за ова не сум многу сигурен бидејќи не гледам некое позитивно решение кај истите. Дека се чудни начелата за ограничување на границите, има овде една конфузност за еден проект за кој остава впечаток дека треба да врши некаква заштитна мисија, или да гарантира еден сегашен статус или иден статус.

Ако се анализира глобално овој проект закон лесно може да забележиме главна карактеристика, еквализација на Македонија, а ова во полза на македонците. Со овој предлог се прекинуваат историските поврзаности на селата или на подрачјата , географските, инфраструктурните, се чекаат катастарските граници со една цел за да се стекне оваа цел. На пример, општина Бутел , општина Јагуновце, општина Маврови Анови, населбата Визбегово , која сега се пренесува во општина Карпош. Сите овие претставуваат јасна идеја за прекинувањето на сите врски , долговоечни врски на граѓаните кои гравитираат на овие подрачја. Само за тоа дека им припаѓаат на еден етнитет. Иако законот за градот Скопје е посебен закон , неможе да не го спомнам оснивањето на општината Чаир. Незнам од кои критериуми е раководен изготвувачот на законот, но треба да кажам дека овој предлог претставува една од најсуровата форма на изразување, на нерамноправноста во една држава. Инфраструктурната нерамноправност и институционална нерамноправност. Ниту Дедо Мраз неможе да има еден ваков модел да им се исполнат желбите, земајнето на виталните економски институции и културни и други видови на институции, кои се потенцијал за функционирањето и чекорењето на една урбана општина. Ова некој го именува како создавање на територијални џебови. За да ги обезбедат тие, кои мислат како мене, јас немам коментар. Ова е отворена дискриминација на една етничка заедница во полза на

другата, односно злоупотреба на етничкиот критериум при изготвувањето на овој нацрт закон. Апелирам до партнерите на коалицијата да ги имаат предвид сите овие пропусти и да ги имаат предвид забелешките на надлежните луѓе од науката, или од политиката, било тоа да се и од опозицијата, дека за ова прашање е потребен еден консензус, поширок политички, не само потребата за едно организациско регулирање на општините, туку и како треба да изгледаат овие општини.

На крајот ова прашање е и обврска од Охридскиот договор, на кој покрај потребата за една нова територијална органзација, претставува една нова соработка на сите општествени и политички фактори од земјата и надвор, за дојдеме до едно правично решение. За едно вакво нешто јас не гледам во овој проект закон.Свесен сум дека ниту еден закон неможе да ги исполни желбите на сите граѓани, но во овој случај многу јасно се гледа тој не ја изразува реалната состојба, односно потребата за создавање на опстојните општински целини со изразен функционален карактер, незаборавајќи го и елементот на минатата криза. Но овој проект закон ја изразува јасната желба на Владата за еднаподелба која првенствено ќе ги задоволи потребите на коалицијата за да ја затвори оваа обврска која произлегува од Охридскиот договор. Овде го имате случајот за градот Скопје, без да се води сметка за граѓаните на градот Скопје. Ви благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г. Крстевки, имате реплика три минути.

ЗОРАН КРСТЕВСКИ:

Јас сакам да реплицирам за делот за градот Скопје. Ние сите кои сме скопјани, сме чувствителни кога се отвара прашањето околу организацијата и функционирањето на градот Скопје. Но треба да се знае дека Чаир е душата и темелот на градот Скопје. Неможе од Чаир да се гради дневна политика. Тоа како на Будим Пешта буда да ја тргнете, да не ја третирате како главно јадро на градот, Калимегдан на Белград итн.

Чаир има своја традиција, свои втемелувања кои се многу по важни и по значајни за градот него што сега вака ни изгледаат бидејќи земјотресот е тој е медик на организацијата и пренесувањето на некои урбани населби итн.

Меѓутоа без Чаир Скопје не е Скопје.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Повелете една минута г-дине Асани.

ФАТМИР АСАНИ:

Кога зборував за општина Чаир, треба да постои, меѓутоа на општина Чаир и се одземени сите витални објекти и целата инфраструктура е припоена кон општина Центар. Ние ја сакаме општина Чаир, меѓутоа, во други граници, а не сега какви ни се нудат. Во општина Чаир се останати само неколку руинирани населби без никаква инфраструктура и најмногу тука ќе се спротивставуваме затоа што граѓаните албанци на Скопје со години се оставани на страна од страна на Владата.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г. Сарач, а нека се подготви г-ѓата Ганка Самоилова Цветаонвска.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Има збор господинот Сарач.

ГАЈУР САРАЧ:

Почитуван господин претседателе, почитуван министре, почитувани колеги пратеинци,

Денес на дневен ред е донесување на закон за територијална организација на локалната самоуправ во Република Македонија. Тој претставува еден од законите за децентрализација на власта со која се исполнува обврската од Рамковниот договор од Охрид. Со донесувањето на законот за локална самоуправа во 2002 година се зголемија надлежностите на општините како што се планирањето и водењето на локалниот економски развој, планирање и уредување на подрчјето на општината, уредување и управување со комуналната инфрастрктура, одделни прашања од образованието, здравството, социјалната заштита, културата и спортот, заштитата на животната средина и друго, кои се од непосреден интерес на граѓаните кои живеат во општината.

Заради зголемените надлежности на локалната самоуправа се појавува и потребата за нивно окрупнување, како проект со огромно значење на севкупните односи во Република Македонија.

До 1996 година, односно до донесувањето на Законот за територијална поделба на Република Македонија кај нас постоеја 34 општини кои беа градски општини. Од овие 34 градски општини со донесувањето на Законот за територијална поделба, произлегуваа 123 општини и Градот Скопје. Со формирањето на овие 123 општини и Скопје како посебна општина се појавија диспропорции, односно разноликост во големината на подрачјето, разноликост по бројот на жители имаме општини од 450 жители, до општини како што е Скопје кое има 444.760 жители. И разноликот или диспропорции во економската развиеност. Меѓутоа, и пред 1996 година овие диспропорции постоеле. Можеби во помал обем. Значи и тогаш имало разноликост на општините. Обемот на подрачјето и економската развиеност, а и со најновиот предлог за донесување закон за територијална организација на локалната самоуправа во Република Македонија ќе има диспропорција околу овие три фактори. Територија, жител и еконмска развиеност.

Од аспект на економската развиеност и пред 1996 година, кога имало 34 општини, еден дел од овие општини биле дотирани од државната каса. И сега кога имаме 123 општини и Скопје како општина,имаме финансирање на еден дел од општините од државната каса, но и со новиот предлог за територијална организација ќе имаме општини што ќе бидат дотирани од страна на државата.

Значи сета работа е во тоа што е можно да се намалат диспропорциите околу општините, за да можат сите што е можно повеќе да ги вршат самостојно сите функции утврдени со Законот за локалната самоуправа. Со Предлогот за донесување на закон за територијална организација на локалната самоуправа во Република Македонија се поставуваат неколку главни цели што се сака да се постигне при формирањето на новите предложени општини. Пред се демографската големина на општината не треба да е помалку од 5.000 жители, а самиот општински центар да нема помалку од 2.000 жители. Општината треба да биде економски самоодржлива. Значи да има доволен број на стопански субјекти кои овозможуваат економска независност. Да постои општествен стандард и службите од областа на културата, здравството, образованието и тн. Исто така, општинската инфраструктура да биде на ниво кое ги задоволува потребите на граѓаните на таа општина.

И на крајот кога се во прашање критериумите, општината треба да има природна и географска целина.

Анализирајќи го целокупниот текст на предлог за донесување закон за територијална организација на локалната самоуправа во Република Македонија, може да се дојде до заклучок дека и во овој предлог закон има добри решенија и

решенија што не одговараат на правата состојба што ја имаме на теренот. Значи имаме предлог на општини кои не одговараат на критериумите, и имаме општини кои ги имаат сите белези на општина, односно општини кои одговараат на сите критериуми, а се бришат како општини, или се прави реконструкција како географска, така и демографска.

Како пример на општини кои се бришат, односно општини кои со постоечкиот закон функционираат, а со новиот предлог закон не постојат во регистарот на општини, односно се укинуваат се: општина Ростуше, која ги исполнува сите критериуми за да остане како општина, како што се демографскиот, географскиот, економскиот, инфраструктурниот и постоечки објекти на општествен стандард, јавни служби, оваа општина се укинува, што не би требало да се укине заради фактите што ги спомнав. Или пак подрастичен пример со општина Центар Жупа. Со предлог за донесување закон за територијална организација на локалната самоуправа во Република Македонија се предвидува да се спои со општина Дебар. Иако општина Центар Жупа ги исполнува сите критериуми што треба да има една општина, со новиот предлог закон за територијална организација, на пример: демокрафскиот критериум. Ова општина, во општината Центар Жупа живеат 6400 жители, што одговара на горенаведниот критериум во новиот Предлог закон за територијална организација во која стои не помалку од 5.000 жители. Критериумот територијална географска целина. Општина Центар Жупа територијално географски е посебна целина, односно од соседните општини се одвојува со посебни природни граници. Територијата на општина Центар Жупа зафаќа површина од 111 километри квадратни. Во општината Центар Жупа има населби со регистрирани 14 месни заедници. Значи комплетно одговара на критериумот територијално географска целина. Критериумот економска одржливост. Општината Центар Жупа со самото негово формирање па до ден денес, се докажа дека економскиот фактор од аспект на одржливоста е во целост застапен а и понатаму овој критериум ќе биде уважен во целина. Критериумот постоење на објекти од општествен стандард и постоење на служби од областа на управата, здравството, образовнието и друго. Во општината Центар Жупа, имаме неколку училишта, здравствени домови, управни згради и други објекти кои се искористуваат во овие цели. Критериумот инфраструктурна опременост. При самото формирање на општина Центар Жупа почна развојот на овој специфичен крај. Во повеќе населби на општина Центар Жупа се изградени водовод, со изградени селски мрежи во сите селски населби се направени улични осветлувања. Подобрена е комуникација на луѓето со асвалтирање на локалните

селски патишта. Во повеќе насоки се направени канализациони системи, реконструирана е електричната мрежа со поставување на трафостаници, а во тек се неколку проекти околу водоводот, патиштата и други инфраструктурни објекти. За сето горе кажано општината Центар Жупа ги исполнува сите критериуми од предлог законот за териториjална оранизациjа на локалната самоуправа во Република Македониjа  и треба да остане како општина.

Критериумите се еден фактор за опстоjување на Центар Жупа како општина, а друг фактор за негово опостоjување како општина е и желбата на жителите на општината Центар Жупа со изjаснување на референдумот што се спроведе на 4.01.2004 година, каде од вкупно запишаните 5.157 граѓани со право на глас, гласале 4.461 граѓанин, или 86,5%, и тоа за опстоjување на општина Центар Жупа. На општината Центар Жупа треба да се спои и селото Оџовци, кое припаѓа и катастарски на оваа општина. Од сите досега спомнати факти мислам дека оваа општина ќе остане и правдата ќе биде задоволена.

Исто така, општината Долна Бањица, коjа што има 9.467 жители, поточно од демографска гледна точка е многу поголема општина коjа се укинува. Коjа се укинува гледано од аспект на некои општини кои остануваат или се формираат како нови со предлог за донесување закон за териториjална организациjа на локалната самоуправа во Република Македониjа.

Уште една работа што ќе се случи, ако се укине општината Долна Бањица е тоа што општина Долна Бањица, сега живеат 2767 турци, што значи 29,23%, што овозможува употреба на турскиот jазик што во таа општина од формирање како општина, турскиот jазик беше во употреба, а и пред формирањето како општина во тоj краj station наназад, многу години турскиот jазик бил во употреба.

Со предлогот за донесување на закон за териториjална оранизациjа на локалната самоуправа во Република Македониjа исто така се предвидува и споjување на две големи општини, како што се општина Врапчиште и општина Неготино - Полошко. Иако и двете општини ги исполнуваат условите за да фигурираат како што се оставени со важечкиот закон за териториjална поделба.

Општината Врапчиште ги исполнува сите услови што треба да ги има една општина со предлог-законот за териториjална организациjа. Општината Врапчиште има териториjално географска целина што се одвоjува од соседните општини, со посебни природни граници. Неговите граници почнуваат од селото Топлица а завршуваат со селото Дебреше, кои граници опфаќаат уште неколку села каде

самото село Врапчиште е во центарот на овие села и сите други села графитираат кон центарот на оваа општина.

Во општината Врапчиште живеат 8.584 жители што одговара на критериумот општината да биде поголема од 5.000 жители како што стои во новиот предлог закон за територијална организација за локалната самоуправа во Република Македонија. Иако има општини што имаат помал број на жиели, а се наведени како самостојни општини во новиот предлог закон. Економската одржливост како еден од факторите за опстојување на една општина, а што предвидува и предлог за донесување закон за територијална организација за локалната самоуправа во Република Македонија е својствена на општината Врапчиште, т.е. во оваа општина делуваат голем број на производни фирми од дрвната индустрија, како и трговски друштва кои вработуваат добар дел од жителите на оваа општина, а со делување на овие фирми општината Врапчиште со неговото формирање па се до ден денес се развива и има тенденција и понатаму се повеќе и повеќе да се развива.

Критериумот постоење на објекти од општествен стандард и постоење на служби од обласlarge на управата, здравството, образованието и дрјуги. Во општината Врапчиште имаме неколку училишта, здравствен дом, управна зграда и други објекти кои се искористуваат за овие цели. Критериумот инфраструктурна опременост, со самото формирање на општината Врапчиште почна и изградба на инфраструктурата. Во повеќе населби и во самиот центар патиштата се асвалтирани, изградени се два патни правца кои ги поврзуваат општината со автопатот Гостивар - Тетово. Во повеќе населби во општината Врапчиште се изградени водоводи со селски мрежи во сите селски населби. Се направени улични осветлувања, во повеќе населби се направени канализациони системи, реконструирана е електричната енергија со поставување на трафостаници, а се направени други работи во врска со инфраструктурата.

За се досега кажано општината Врапчиште ги исполнува сите критериуми од Предлог-законот за територијална организација на локалната самоуправа во Република Македонија и треба да остане како општина во сегашни граници, бидејќи тоа има јаќи факти и аргументи. Со новиот предлог закон за територијална организација на локалната самоуправа во Република Македонија треба да се направи напор да се интервенира со мали промени во тој дел каде во неколку општини како што се Долнени, Карбинци, Студеничани и во некои други општини, каде процентот на жителите од турската етничка заедница е над 18 а неможе да се достигне процентот од 20% кој е услов за употреба на турскиот јазик и писмо.

Очекувам и мислам дека сите овие сугестии треба да бидарт земени во предвид при подготвувањето на конечната верзија на Предлог-законот за територијална организација на локалната самоуправа во Република Македонија.

Благодарам господине претседателе.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам господине Сарач.

Збор има пратеникот Ганка Самоиловска-Цветанова, а нека се подготви пратеникот Исмет Рамадани.

ГАНКА САМОИЛОВСКА-ЦВЕТАНОВА:

Почитуван претседателе на Собранието, почитувани колеги, почитуван министер за локална самоуправа,

На почетокот од моето излагање би сакала да потенцирам дека во Пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ апсолутно не постои дилема во однос на потребата од процесот на децентрализација на Република Македонија, не заради целосно и доследно спроведување на Рамковниот договор, не заради задоволување на одредени европски стандарди во контекст на нашите евроинтеграциски заложби, не заради тоа затоа што без децентрализација едноставно нема интеграција на Република Македонија во Европската Унија, туку пред се заради целосна демократизација на сите општествени процеси во Република Македонија и пред се заради самите граѓани кои со процесот на децентрализзација ќе им биде овозможено непосредно да учествуваат во процесот на донесување на одлуки и непосредно при остварување на нивните права, особено за прашања кои се од битно значење за нив самите.

Значи, уште еднаш апсолутно не постои дилема во однос на тоа дека сметаме дека процесот на децентрализација едноставно е неопходен за Република Македонија.

Истовремено би сакала да потенцирам дека кога сакаме да направиме разграничување на поимот децентрализација со понудениот модел на Владата за територијана оранизација, еве нема да го користам поимот територијална распределба или поделба, за да не прејудицирам ништо, тргнувајќи од фактот дека дефиницијата за децентрализацијата значи префрлање односно трансфер на надлежности од централно на локално ниво. Значи ние апсолутно не прифаќаме поистоветување на овие два поима, поимот на децентрализација и територијална организација и апсолутно најенергично отфрлуваме секакви обвиненија дека

долколку сме против или искажуваме одредена критика во однос на понудениот модел од страна на Владата за територијална организација, дека сме против спроведувањето на Рамковниот договор, имајќи во предвид дека во Рамковниот договор дека децидно стои дека еден месе по објавување на резултатите од пописот ќе се спроведе ревидирање на општинските граници со учество на локалните власти и меѓународно учество. Значи, пишува ревидирање на границите, не пишува намалување, не пишува зголемување кој како сака може тоа да си го протлкува, може да биде протолкувано дури и задржување на постојниот број на општините во Република Македонија. И доколку Владата сака што поскоро и што побрзо целосно да заврши со пакетот закони за децентрализација и целосна имплементација на Рамковниот договор треба во редвид да ги земе сите забелешки на граѓаните и на опозицијата и сметаме дека преку изнаоѓање на едно такво решение, имплементирање на сите забелешки во постојниот предлог закон од страна на Владата, сметаме дека на тој начин ќе се изврши побрза и поцелосна имплементација и на Рамковниот договор и на процесот на децентарлизација.

Во што се состојат нашите критики или забелешки во однос на понудениот модел од страна на Владата на Република Македонија за Законот за територијална организација.

Постојат две основни забелешки, тоа е утврдениот односно понудениот модел каде што се спојуваат рурални и урбани општини, со што сметаме дека ќе се направат гломазни и неефикасни општини, а тука дали има потреба воопшто да ги потенцирам различните потреби на жителите кои живеат во рурални и урбани средини, дали има потреба да споменнам дека еден ваков модел веќе имавме во СФРЈ каде што приспојување на рурални и урбани средини се предизвика целосно уништување на аграрот во Република Македонија замирање на селото и предизвикување на масовна миграција село-град. Значи со понудениот модел сметаме дека не само што нема да бидат задоволени различните потреби на граѓаните од руралните и урбаните средини, не само што ќе се направат гломазни, неефикасни општини, туку едноставно ќе дојде до запуштање или до занемарување на македонскиот аграр.

Исто така, не се согласуваме со утврдените критериуми од страна на Владата, има два основни критериуми кои ги утврдила Владата според кои едно населено место може да се стекне со статусот општина. Тоа се бројот на жители, односно демографскиот критериум и економскиот критериум, односно економската одржливост.

Според владиниот предлог, произлегува дека критериумот, со демокрафската големина, треба да биде следниот: за општина 5.000 жители, за да едно место се стекне со статусот општина и 2.000 жители за општински центар. Значи, и покрај овој критериум утврден од страна на Владата, во понудениот модел од страна на Владата, во законот за територијална организација, имаме населени места, односно општини кои имаат над 5.000 жители, а сепак се укинуваат како такви. Дозволете ми да ги ви кабројам кои се тие: Зајас, Делогожда, Велешта, Џепиште, Чегране, Лабуништа, Шипковица, Долна Бањица и Осломеј. Понатаму, уште еден парадокс, значи Пласница е општина со помалку 5.000 жители, а не се брише како општина, значи ќе продолжи да опостојува како општина, додека пак Жупа, има над 5.000 жители и 16 населени места, а се брише како општина во предлог текстот од страна на Владата.

Сметам дека Владата не е доследна во запазувањето на критериумите кои таа самата ги утврдила. Одиме понатаму, кономскиот критериум, односно економската одрживост. Како пример, најнапред ќе започнам со една исклучителна важна општина за Република Македонија, тоа е општина Вевчани, која апсолутно го задоволува економскиот критериум, односно критериумот за економска одрживост, бидејќи тоа е една исклучително богата општина, а не би сакала да зборувам дополнително и да одземам повеќе време набројувајќи ги сите аспекти, а кои се значајни не само за општина Вевчани, туку воопшто за Македонија и за формирањето на македонската државност и за опстојувањето на македонската држава. Значи, тука таксативно ќе ги набројам аспектите, културолошкиот аспект, социолошкиот аспект, историскиот аспект, односно важноста на општината Вевчани во контекст на Република Македонија. Значи, ние апсолутно сме против укинувањето на општина Вевчани, имајќи го пред се во предвид значењето на оваа општина за Република Македонија и имајќи во предвид дека општина Вевчани апсолутно го задоволува критериумот за економската одрживост.

Општина Осломеј - општината Осломеј ги исполнува двата критериуми да опстане како таква, значи првиот критериум е демографскиот критериум, односно според бројот на населението, општина Осломеј брои 10.000 жители, но таа се брише од понатамошната карта на Република Македонија како општина и се припојува кон Кичево. Согласно економскиот критериум, односно економската одрживост, дозволете ми само да ве потсетам дека во Осломеј се наоѓа термоцентралата РЕК “Осломеј”, што значи апсолутно и тој критериум го задоволува.

Општина Зајас - исто така број 12.000 жители. Значи, го исполнува првиот критериум за да продолжи да опстојува како општина и во општината Зајас се наоѓа рудникот Тајмиште, што значи дека и вториот, односно критериум се задоволува. Тргнувајќи од фактот дека Владата не ги почитува критериумите кои таа самата ги утврдила, ги дефинирала, без било какви задни намери, без да прејудицирам било што, јас оваа прилика ја користам најљубезно да го замолам министерот за локална самоуправа да ни објасни зошто токму Осломеј и Зајас, две општини кои апсолутно ги задоволуваат критериумите да продолжат да опстојуваат како такви, се укинуваат и се припојуваат кон Кичево. Јас уште еднаш ќе го замолам министерот да ни објасни зошто се прави тоа  и која е позадината. Јас нема да ;прејудицирам повторно, ќе се обидам максимално да бидам коректна, нема да зборувам која е позадината на сето тоа, дали е политичка, договор, ваква или онаква. Значи, се надевам дека нема да останеме без одговор, ќе не удости министерот и ќе ни го даде одговорот на моето прашање.

На овој начин само би сакала да потенцирам, значи не да ги заплшаувам граѓаните дека ќе се случи било каков егзодус, дека ќе се предизвика ова или она, би сакала да потенцирам дека со механичко спојување на рурални моноетнички општини, односно населби, со спојување со градовите, вештачки се менува, сепак морам да потенцирам дека вештачки се менуваат етнографските пропорции на градските општини во Западниот дел на Република Македонија и со тоа се создаваат механизми и можности а мајоризација врз етнички основи, но истовремено мора да потенцираме дека ќе се предизвика и одреден етнички дисбаланс.

Ова сето не е во духот на мултиетничкиот карактер на државата. Значи, на овој начин едноставно не го негуваме мултиетничкиот карактер на државата, не го унапредуваме, едноставно мултиетничкиот карактер на овој начин ќе го уназадуваме. Дозволете ми, во контекст на ова што пред малку го кажав, дозволете ми да завршам со дел од Резолуцијата на Европскиот парламент за процесот за стабилизација и асоцијација на Југоисточна Европа каде што во еден дел се вели: “Државите каде во пракса правата на граѓаните зависат од нивната националност, немаат перспектива за прием во Европската унија”.

Ви благодарам на вниманието.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам госпоѓа Самоиловска.

Збор има пратеникот Исмет Рамадани, а нека се подготви пратеникот Хусеинџеват Хусеин.

ИСМЕТ РАМАДАНИ:

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, почитуван министре,

Од самиот почеток би сакал да кажам дека на овој проблем кога се работи за територијалната организација, сакам да му пристапам малку со пореалистички тон и молам Бога да не се понесам од предрасудите кои не даваат многу перспектива, дека може да бидат јалови кога се разговара за едно вакво прашање од животно значење за граѓаните. Јас сум свесен дека Владата никако нема да може целосно да ги задоволи интересите на политичките партии и на опозицијата кои ја претставуваме тука како пратеници. Меѓутоа, мојата препорака би било барем до некаде да ги задоволи интересите на граѓаните таму каде што живеат и тоа што тие го очекуваат од сето она што се нарекува децентрализација на власта и територијална реорганизација. Многу добро се сеќавам од искуството во 1996 година кога развивавме разни дебати во разни кабинети тука на Парламентот, се сеќавам дека и тогаш се инсистираше власта да се децентрализира и да се направи територијална организација во Македонија, односно да се основаат единици на локалната самоуправа. Меѓутоа, тогаш мотивите и целите беа малку поинакви. Во тоа време мислевме дека е време малку повеќе внимание да му посветиме на руралниот дел во Македонија за да им дадеме можност за да се организираат во единици на локалната самоуправа, да ја подобрат инфраструктурата и граѓанинот да го подготват да може да опстане и во рурални средини и да успее и тој да ја почувствува самоуправата и начинот на управување на местото каде што живее. Но, со оглед на фактот дека не беше направена соодветна децентрализација на надлежностите, се разбира дека имаше и неуспеси, со самиот факт дека граѓаните, барајќи повеќе добра, повеќе позитивни работи од таа централизирана власт, наместо тоа да се случи, тие почнаа да изразуваат незадоволство и тоа како преку градоначалниците, така и преку раководството на општините, со самиот факт дека недостигаат и надлежности, но и финансиски средства за нивно функционирање.

Сега, кога имаме сосема една нова ситуација каде тенденцијата е да се децентрализира централната власт е да се премине на она што ние го нарекуваме локална власт и кога ги гледаме начелата изгледа дека одредбите се добро наредни во законот кој се предлага. Кога се вели на пример дека основните начела врз кои се

заснова законот е Уставот, економскатаодржливост, рационалноста, квалитетот на извршувањето на надлежностите, оптимализација на учеството на граѓаните во извршување на новите надлежности, колку е економично организирањето на извршувањето на надлежностите, неделивост на границите, на катастарските општини при определувањето на подрачјата на општините. Затоа, како општината треба да биде урбанизирана, а селото неурбанизирано, со одредени критериуми кои се набројуваат, сето ова претставуваат основни начела кои на прв поглед треба да се прифатат како такви, затоа што сигурно дека претставуваат и стандарди кои се во согласност со Европската повелба на локалната самоуправа. Доколку се направи една проценка на сегашната ситуација шти впрочем и се прави со законот, врз основа на Европската повелба, Европската повелба дава една многу децидна препорака каде се вели дека општината треба да биде способна не само со надлежностите кои ги презема во управување, меѓутоа треба да биде исто така во состојба да го планира економскиот развој.

Меѓутоа, од оваа сегашна состојба и од она што сме сведоци, треба да прифатиме една вистина дека општината, односно локалната самоуправа не успеа до крај да го изврши тоа што претставува начело и стандард, затоа што, за жал, со оглед на својата зависност од централната власт, се случи и поделбата на средствата за постоечките општини. Но, зависеле од релациите партија - општина или централна власт. По некоја општина која имала односи по партиска линија со централната власт, нешто подобро минувала, а оние кои ги нарекуваме рурални може подобро се урбанизирале, реализирајќи инфраструктурни објекти и постепено стекнувајќи се со една слика на урбана општина. Имајќи ги предвид и тие општини фактички ги искористија и своите шанси на некој начин да се импонираат со фактот дека еве ние имаме параметри кои можат да ни служат во овој случај да конкурирам како општини со самиот факт дека поседуваме нешто од она што претставува урбанизирана општина. Доколку одиме малку подалеку, има стратешки определби на територијалната организација врз основа се разбира на тол што се предлага во законот. И тука се вели дека се предвидува екипирање со инфраструктура, функционалност меѓу одредени сегменти, просторни сегменти во рамките на Републиката, децентрализацијата и дисперзија на рамноправна дисперзија на надлежностите во доменот на самоуправата. Други стандарди кои се општествени, служби во согласност со потребите и развојот, заштита и афирмирање односно континуитет на услугит и на потребите во областа на управата, здравството, образованието и тн. Исто така се навестува и тоа што треба да се постигне, дека

општината се гледа заедно со демографскиот обем кој овозможува концентрација на ресурсите, било тоа да се административни, економски, финансиски, здравствени. Способноста е економски да се одржи општината, да има објекти од општествениот стандард и службите од областа на управата, образованието, здравството, културата. Сето ова исто така, инфраструктурната опременост, каков центар треба да има општината, каква инфраструктура треба да имаат природните и географски услови, специфични и тн. Се би било во ред доколку овие стандарди останеа во рамките на она што претставува стандарди во согласност со тоа што претставува и реалната демографска слика на Републиката. Исто така, обидувајќи се што помалку политиката да влијае врз тоа то претставува територијална организација, меѓутоа и покрај се во моментот кога почнува да се црта една мапа на тоа што претставува територијална организација има големо вкрстување на интереси и се разбира дека тие интереси се вкрстуваат, меѓутоа, ги реализира пред се тој што има можност, тој што е на власт, тој што има парламентарно мнозинство и тн. Меѓутоа, сепак треба да се внимава во сето ова, затоа што има и начела кои се и од друга димензија, димензија кога ние се повикуваме не само на Уставот, туку и на Рамковниот договор, или пак кои се однесуваат на некои поспецифични ситуации, поврзани со територијалната организација. Затоа, јас сум скромен до крај.

Ќе кажам дека целата оваа моја дискусија и мое излагање ќе го споредам со една алтернатива, односно ќе ја ставам со една алтернатива, тоа што го предлагаме ние и тоа што го предлага Владата, тоа што го предлагаме ние повикувајќи се на компетентни луѓе во рамките на мојата партија и кои се ангажирани во оваа насока, прибирајќи податоци и искуства и пренесувајќи им го тоа мислење безрезервно и на другите партии. Значи, целото искуство и разум ислување и без одбегнувајќи при тоа да се ставаат во прв ред предрасудите кои и покрај се на оваа говорница овие денови беа присутни.

Во Рамковниот договор ревидирањето на локалните граници е дел на договорот и едновремено и обврска и потписниците на државните институции да во соработка, како што го кажа и претходно претходниот говорник кој и во согласност со меѓународниот фактор со САД и со Европската унија, потписници и активни учесници во надминувањето на сите пречки и недоразбирања кои бараат еден аналитички и политички пристап, со цел оваа поделба да биде што проационална и да ги почитува критериумите со самиот интерес граѓанинот да го приближат што е можно повеќе до власта. Се разбира и сето тоа преку децентрализација на власта и

поттикнувајќи го граѓанинот да биде активен дел на демократскиот живот, а едновремено култивирајќи го штитејќи го културниот идентитет. Има едно начело на Рамковниот договор кој вели дека развојот на локалната самоуправа е услов за учество на граѓанинот во демократскиот живот и за авансирање на идентитетот, за промоција на идентитетот на заедниците. Ова јасно го покажува значењето на Рамковниот договор, што се однесува до демократските процеси и неопходната интеграција на Република Македонија, почитувајќи го природното право на граѓанинот, едновремено и на етничката структура и унапредувањето на нивните права и разновидност. Ова се разбира се гледа јасно и во другите делови на Рамковниот договор, како што е тоа делот ИИИ, точка 2, каде се вели дека границите на општините ќе се ревидираат во рок од една година по завршување на новиот попис кој ќе се реализира на крајот од 2001 година. Меѓутоа, со оглед на фактот дека тука имаме една година доцнење, било да говориме за пописот или пак на самиот процес на донесување на оваа територијална организација, тогаш е повеќе од јасно дека содржината и идејата на самиот Рамковен договор, освен граѓански елементи има и други обврски во однос на исцртување на границите на локалните единици, како и кон патот на интеграција на Република Македонија.

Треба да го имаме предвид чувството на граѓаните, како и чувството на слобода на етникумите и во оваа територијална поделба. Ние доколку и натаму продолжиме да градиме стандарди со кои што се изразува скептицизам, за тоа што ќе се случи со еден етникум, понатаму, заради територијалната реорганизација, тогаш ние ќе се соочиме и со дискусии кои претходо реков не даваат, не придонесуваат односно не даваат голема надеж дека ќе се случи нешто со децентрализацијата на власта. Ова едновремено претставува неопходно постоење на потреба за соработка, директна соработка меѓу партиите потписнички на Рамковниот договор, меѓу власта и опозицијата и ние би имале несомнено, многу подобар закон за територијална реорганизација, доколку би имале подобар консензус помеѓу политичките партии почнувајќи од власта и опозицијата, како што и почна и јас се надевам дека врз основа на оваа дебата и натаму ќе се интензивираат овие средби, затоа што последните индиции ни даваат надеж дека можеби барем некои забелешки дадени во оваа насока постепено дотираат и до увото на политичките партии, кои претставуваат мнозинство во парламентот, односно се во власта.

Исто така, нашите забелешки, во овој случај мои забелешки како претставник на ПДП се и во насока на она што значи ниво на децентрализација на власта. Ми се

чини дека малку поголема грешка се прави во нивните надлежности. Голема грешка се прави во сооднос на Уставот кога се говори за членот 114 од Уставот и 117 од Уставот. 114 со кој се регулираат надлежностите. Предвидува што претставува општина а 117 што е градот и организацијата на Градот Скопје. Тука повеќе е од јасно дека нашиот предлог останува во Законот за локална организација во Република Македонија да се опфатат и општините кои се предлага да се формираат во рамките на Градот Скопје и тоа со отисок на нивната територија, така како што е во постоечкиот закон од 1996 година. Впрочем, се работи за закон за локална самоуправа, а не за посебна поделба, како што се прави обид да се направи со организацијата на Градот Скопје. Друго прашање е дека Законот за територијална организација е системски и таков треба да важи за сите општини и за нивните надлежности, додека пак законот за градот Скопје, како посебна единица треба да биде во согласност со законот за територијална организација, како и со Уставот на Република Македонија. Затоа, ние предлагаме на одреден начин по бројот 62 каде според одреден редослед е општина Штип, веднаш со 63 треба да стои општина Центар да продолжи со 64, општина Кале да продолжат, општина Чаир и другите општини, Карпош, Ѓорче Петров, и сите тие општини кои се предвидува да бидат во рамките на Градот Скопје, а тоа што не дека не сакаме, туку мислиме и врз основа на членот од Уставот кој го спомна, како и врз основа на реалноста и овие општини да се стават на исто рамниште според надлежностите, и ингеренциите да се стават на исто рамниште со сите други општини во Република Македонија.

Јас не би сакал да влезам во разграничувањето на општина Кале или општина Центар затоа што ќе го задржам правото и другите општини. Каде ќе биде општина Арачиново, Студеничани, Сарај итн., дали ќе бидат во рамките на Скопје, или ќе бидат посебни општини, ова право ќе го задржам за подоцна, затоа што во моментот кога ние како ПДП ќе се увериме дека овие општини Скопје, и општините како што се Арачиново, Студеничани и Сарај, ќе имаат надлежности со сите други општини во однос на тоа што значи извршна власт, тогаш ќе го кажеме последниот збор, затоа што ќе кажам само со една реченица, што се однесува до Скопје, територијалната организација на Скопје се направени такви небулози кои од моја страна ќе бидат многу критикувани кога ќе се говори за градот Скопје.

Затоа, и ќе ги преминам сега нема да се задржам натаму во однос на општините и Градот Скопје и други општини што ги спомнав претходно.

Ние, како политичка партија се разбира по подробни консултации со експертите, јас не велам дека и политиката нема удел во ова затоа што на крајот на краиштата ние не можеме да правиме дистингција до крај кога говориме за територијална организација не треба воопшто да има удел политиката тука, затоа што тогаш ќе можеме и да грешиме при изразувањето на нашиот став.

Да го земеме примерот иако тука нема можност одблиску да се видат споредбите и алтернативите кои ги даваме ние тука, е предлогот на Владата, ова е нашиот предлог како политичка партија, односно како пратеник на ПДП. Јас ова што го имам на левата рака, тоа се границите на општините, со кое не се согласуваме тие се со црвена боја и за нив имаме алтернатива. На пример, општина Вратница, заедно со Јегуновце, што го предлага Владата. Врз основа на оние критериуми кои јас претходно ги спомнав и ги прочитав, се гледа дека има територијално запирање на комуникацијата. Прекинување на комуникацијата. Затоа нашиот предлог е малку поинаков во овој случај, ние предлагаме територијалната целина тука да биде Теарце да биде со Вратница, додека пак Желино да биде со Јегуновце. Затоа што се исполнуваат условите за територијална компактност. Но исто така имаме забелешки во однос на општина Гостивар кога се работи за Маврови Анови. Зелената боја, тука што јас ја имам ставено, ја претставува општина Гостивар на која треба да и се припојат Маврови Анови. Јас знам дека сте далеку и дека немаме таква техничка можност од тука да ја видите таа територијална компактност, меѓутоа само сакам да спомнам доколку една општина треба да постои врз основа на ресурсите кои што ги има би било во ред општина Гостивар, кој може да ги користи ресурсите од Маврови Анови, со самиот факт што доколку имаме таму 80 илјади жители, имаме толкаво население кое може да му се приближува и на Бенелукс како со население, можноста, за користење на ресурси од Маврови Анови треба да се искористи, општина Центар Жупа и Ростуше, односно Ростуше да се припои на Центар Жупа, со самиот факт што и од аспект на територијален аспект, комуникациски итн. Но исто така треба да имаат предвид дека и турската етничката заедница тука да има можност реална можност на некој начин да почувствува и да извршува власт и да не се чувствува нерамноправна во однос на она што претставува етнички однос во основањето на општините. Понатаму, ние мислиме дека поради некои специфиќи кои се оправдани и според Законот но и според Рамковниот договор како и Уставот и според критериумите би било добро да остане Житоше општина Житоше, исто така, поради специфиќите кои се однесуваат на етничките односи, затоа што во Житоше. во Житоше се дава можноста и етничката заедница на Бошњаците да има еден

процент од над 20% население и така да им се даде шанса за употреба на јазикот, негување на културата, своите специфиќи и во рамките на една таква општина. Што се однесува до Лабуниште, правиме една споредба и со Вевчани што беше спомнато претходно, доколку Вевчани остане како општина, имајќи ги предвид сите специфиќи на Вевчани кои ние ги знаеме и Лабуништа, на одреден начин да ги користи овие критериуми, но и додавајќи други специфики, значи, да искористи од тоа што значи основање на општини кои се урбанизирале но исто така почитувајќи ги и поединостите на одредени општини.

Нормално дека потребите се различни со самиот факт дека имаме повеќе од 200 илјади граѓани кои организирале референдуми, и кои нам ни се обраќаат сите граѓани имаат свои пораки, и нивните референдуми. Јас меѓу другото, претходно имав и на пример во Групчин, има една иницијатива за основање на општина. Сакам да кажам дека овие наши дискусии, на одреден начин треба да и служи на Владата, ова впрочем е и прва фаза на дискусија, треба да и служи на Владата да слушне нешто од тоа што значи наш глас, но исто така и гласот на граѓаните, кои го имаат изразено било праќајќи ни писма до нас или среќавајќи се со нас директно, и се разбира гледајќи го нивниот интерес. Тука треба внимателно да направиме една јасна дистингција кога се работи за индивидуални интереси и групни интереси со оној што значи интереси на граѓаните кои живеат таму при територијалната организација исто така не треба болно и со предрасуди да го прифатиме тоа во случај на пример во некоја општина да се измени етничкиот состав. Зошто во ниеден случај на ниедно место ние нема да имаме иселување на население на граѓани.

Може да се случи, што е и реално дека некаде каде 50 години нан пример несакам тука погрешно да ме разберете. 50 години градоначалник на некоја општина бил македонец, сега при нова реорганизација тој ќе биде албанец. Доколку тука се порасне скептицизмот и оди до таму на граѓаните да им се праќаат пораки дека големо зло ќе се случи, дококлу сега кога сега ќе се смени националната припадност на градоначалникот а и секогаш ќе се постави прашање зошто ли албанците живееле 50 години со градоначалник македонец, тие сепак останале таму, живееле и работеле таму и сега во момент кога се случува оваа некоја промена, има тенденции, има пораки кои им се праќаат на граѓаните таму дека нешто многу лошо ќе се случи доколку се измени, доколку градоначалникот биде од друга етничка припадност.

Значи тука треба поладнокрвно да се праќаат на порационален начин, значи да се праќаат пораките за разговорот со граѓаните и доколку на тој начин и

пристапиме со таква сериозност и пристапиме на територијалната организација по лесно ќе го реализираме тоа за што сме се определиле во однос како на децентрализација на власта, реорганизација на тоа што значи локална власт, и се разбира да ја исполниме обврската која сме ја преземале во друго време и во други позиции.

Ние меѓу нас некои сме презеле обврски кога сме биле во власт, сега имаме обврски додека сме во опозиција

Како и да е тие треба да ги преземаме со голема одговорност, таа наша порака е при финализирање на документите или законите, во овој случај три закони за децентрализација на власта и територијална организација треба и понатаму соработката да продолжи меѓу партиите од опозицијата и власта затоа што и покрај се на крајот компромисот нема да се постигне, меѓутоа критичките тонови кои сега се слушаат од нас пратениците за територијална организација треба на сериозен начин да бидат анализирани имајќи ги предвид сите димензии на одразување на сето она што значи децентрализација на власта што претставува задача која треба да ја исполниме, но се разбира почитувајќи го пред се, интересот на граѓаните кои треба да ја почувствуваат и извршуваат таа власт која ќе им се овозможи со овие три закони.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

Реплика господин Недим Рамизи.

НЕДИМ РАМИЗИ:

Благодарам потпретседателке, само кратко сакам да кажам како надополнување на излагањето на г. Исмет Рамадани во делот каде што беше спомнато Лабуништа. Мислам дека не би требало сега да се прави политички маркетинг во тој дел туку Лабуништа за во втората фаза, како предлог би останала општина со своите аргументи, оние аргументи кои што ги понудила и оние показатели со кои што располага самото министерство Лабуништа за да остане општина или за да не остане.

Не треба да се прави никаква споредба на Лабуништа со Вевчани. Доколку Вевчани остане општина ќе остане и Лабуништа како специфична. Лабуништа не е никаква специфична општина или ќе биде општина од типот на општина Вевчани на

која што понатака би се задржала како општина и од страна на државата би се давала помош од типот како на болниот кога му се дава по една капка инфузија.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Господинот Исмет Рамадани, повелете.

ИСМЕТ РАМАДАНИ:

Јас го разбирам и имам почит кон мојот колега Недим бидејќи тој доаѓа од тоа подрачје, од тоа место и сакам да ги почитувам неговите размислувања, но јас кога мислам за спецификите и кога вршам една споредба со Вевчани тоа е дека и Лабуништа и Вевчани имаат многу печалбари кои работат и живеат моментално во разни земји и кога го имам ова во предвид нивната носталгија и чувството за нивната земја, место каде што живеат, како Лабуништа или Вевчани можеби е малку поспецифично за другите споредби, затоа таа волја и желба за да останат самостојни општини кај тие во споредба со другите е можеби малку на повисоко ниво кое на крајот на краиштата да бидам отворен до крај доминира сето она што е субјективно, со оглед на карактеристиките што ги имаат овие места.

Јас и понатаму мислам дека има место за разговор со оглед на тоа дека сеуште е прва фаза и пристапот, приодот да биде покоректен за неколку работи.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

Збор има господин Хусеинџеват Хусеини.

ХУСЕИНЏЕВАТ ХУСЕИНИ:

Почитувани колеги, почитуван министер,

Предлог законот за територијална организација за мене претставува една синтеза на можни опции за негово правично решение и ние ова го сметаме како нешто оптимално. Ние не размислуваме дека вчерашните емоции дури и сегашните ќе се пренесат во нашата утрешнина. Предложените урбани центри претставуваат економска целина, географска, традиционална со неколку исклучоци, но со сериозни забелешки за поделбата на градот Скопје, кои центри ќе можат да земат одговорност за еден брз развој во иднината на целата административна територија.

Немаме никакви аргументи за да ја браниме идејата дека многуте рурални центри се добри решенија ниту можеме да се потпреме на искуствата на другите бидејќи во Словенија на пример секое село има по еден или повеќе производни капацитети, а тоа кај нас е многу ретка појава. Ги почитувам граѓаните кои на референдумите ја искажаа својата волја, но што со жителите кои не излегоа на референдум во урбаните центри. На крај постојната поделба не се направи со референдум туку распарчувањето на Македонија се направи со желбата многу пратеници кои основаа општини, речиси секој четврт пратеник имаше своја општина.

Селата и градовите имаат една органска поврзаност, неодвоива, како да речеме реките и морињата. Сигурен сум дека во понатамошното подготвување на законот општинските центри ќе ги дисперзираат своите услуги на целата нивна територија со цел граѓаните побрзо и подобро да ги вршат своите обврски како и да ги реализираат своите права.

Ќе направам еден осврт од неколку работи кои ме загрижуваат, а тоа се тоновите кои сеат сомнеж за една федерализација или одвојување и целта на критиките на опозицијата е токму тука во урбаните центри со албанско мнозинство или еден апроксимативен етнички паритет. Да појдеме од основата дека албанците се сомничав елемент во оваа заедничка држава. Токму оваа филозофија на политичко дејствување на Македонија и донесе многу пати и економски застој и образовен, културен и научен застој. Многу сум склон да размислувам дека маките што ги имаа албанците во текот на монизмот не беа желба на македонскиот народ, туку беа наредби од Белград кои требало неопходно да се спроведуваат. Но, исто така се плашам дека гогољот на федерализацијата и од одвојувањето се настојувањата за понатамошно етничко надвладување во деловите со албанска етничност.

Само задушувањето на колективните и индивидуалните права на албанците во ретки случаи им донесоа на албанците да остават впечаток дека не ги почитуваат инситтуциите, но ова не е така, почитувани колеги, ние сме народ кои знаеме да ги почитуваме заедничките институции. Зборот ми е за Лек Дукаџини кој го имате и на македонски јазик.

Почитувани колеги, федерализацијата или отцепувањето не зависи ниту од нас ниту од вас. Многу други фактори има кои влијаат, а јас тие фактори не ги гледам ниту во сегашна ниту во блиска иднина. Тоа што претстои е Европската интеграција и оваа скепса е смешна за нашите граѓани и целосно неразбирлива за нашите деца. Апелите што ги слушнавме да го зачуваме Кичево и Струга се страшни

и деструктивни и со една голема ксенофобна доза. Од кого да се брани Струга и Кичево? Од своите вековни жители. Секој велештанец, жител од Велешта вели дека е стружанец и тоа го вели со гордост, имајќи целосна почит за граѓанинот кој вели јас сум стружанец. Како и да е никој не може да ги отстрани браќата Миладиновци од Струга ниту нивните етнички дисиденти. Ова е мултиетничка компонента или со етничка компонента ја направи Струга привлечна за поетите колку да каже "ако имав крилја да одам во Струга и таму да умрам". Но, со овој извик умреа многу стружани и албанци надвор од Струга и сеуште за жал умираат.

Да надвладееш на самиот себе си е најголемата победа вели поговорката. Ова значи да се ослободиш од предрасудите, инаетите, нетолеранцијата врз тој кој зборува поинаку и верува поинаку од тебе. Ние албанците сум убеден дека чекориме кон оваа голема победа, но дали ќе ја постигнеме целта се зависи од таа борба со самите себе си што ја вршите и вие, верувам.

Ние размислуваме и дека имаме сила и волја заедно да го надвладееме сомнежот. Ова е наш долг кон мајките од двете страни и кон нашата иднина. Тоа е наш долг и кон Меѓународната заедница која стави крај, која спречи трагедијата да биде уште поголема. А исто така тоа е долг и кон маченикот на мирот. Верувајте колеги дека не е веќе можно образовниот просперитет, севкупниот развој на албанците да биде залог на фобиите и сомнежите кои се подготвуваат во некои кујни кои не и сакаат добро на земјата.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Збор има господинот Аднан Јашари.

Повелете.

АДНАН ЈАШАРИ:

Почитуван потпретседател, почитуван министре, почитувани колеги,

Со Уставот од 1991 година предвидени се основните начела за организирање и функционирање на локалната самоуправа, а исто така и со овој Устав се гарантира правото на граѓаните за локална самоуправа предвидувајќи систем на самоуправа, од едностепена самоуправа со исклучок на градот Скопје кој е регулиран со посебен закон.

Досегашното искуство на територијална организација во Република Македонија покажа доста недостатоци во однос на трансформирање на животната

средина и самото живеење на граѓаните во Република Македонија. Големиот број на општини се покажа како несоодветен, нерационален и нефункционален од аспект на реализација на правата на граѓаните за еден подобар општествен живот и социоекономски живот. Поради непочитувањето на критериумите за територијална организација  како што се природните ресурси, големината на територијата, бројноста на жителите, економските ресурси, степенот на развој и други критериуми влијаеја, придонесоа постоечката територијална организација да се покаже како несоодветна.

Постоечкиот закон е неприменлив и кога се работи за централизираните надлежности. Впрочем никаде во светот нема ваков централизиран систем, а како таков пример не постоел ни во времето на комунизмот. Ова покажува дека треба да се направи една добра територијална организација и дека тоа треба да биде во интерес на граѓаните.

Поради ова горе наведеното од 1999 година определена е стратегија за реформи во локалната самоуправа каде е предвиден пакет закони врз кои треба да се заснова локалната самоуправа при што во себе ги опфаќа законот за територијална организација. Во оваа насока би сакал да истакнам дека процесот на измена на локална самоуправа не почнува со пакетот на закони што се на дневен ред на оваа седница, туку овој процес е отпочнат во 2002 година кога токму од овој Парламент е донесен Законот за локална самоуправа со кој единиците на локалната самоуправа согласно со тоа што е предвидено согласно членот 22 од овој закон се пренесени одреден број на надлежности. Ова пренесување на надлежности несомнено поставува потреба и обезбедување на одредени средства, но исто така и потреба за територијална организација во согласност со обемот на овие надлежности. Кога на сето ова ќе се додаде она што е предвидено со Рамковниот договор Анекс Б точка 2 и 3 тогаш со право може да констатираме дека Парламентот како законодавен орган треба да ги усвојува, донесува законите од оваа природа со цела реализација на реформите во оваа област, реформи кои несомнено ќе влијаат Република Македонија  многу повеќе да се приближи кон Европскат аунија.

Почитувани колеги,

Со Предлогот за донесување закон за територијална организација на локалната самоуправа на Република Македонија  се предвидуваат 62 општини како посебни едници на локалната самоуправа од кои 33 општини се сметаат за урбани општини, а 29 рурални и кои во споредба со бројот на општините предвидени со постоечкиот закон е многу помал односно преполовен можеме да кажеме.

Намалувањето на бројот на општините несомнено се заснова на неколку елементи од кои би истакнал, концентрација на материјалните добра и кадровски ресурси, обемот на гео просторот, хидролошките карактеристики како долините, планините итн демографскиот елемент како што е бројот на населението, урбанизирање на просторот како што е урбаното и руралниот простор, состојбата на инфраструктурата опфаќајќи го тука нивото, начинот на користење и видовите на комуникација. Нема сомнеж дека сите урбани општини ги исполнуваат условите за независно функционирање во сите горе наведени аспекти. Во овие општини постојат економски ресурси или капитални објекти од кои може да се реализираат определени приходи било во форма на даноци или некој друг вид на приход.

Во овие општини се дислоцирани регионалните единици на министерствата каде граѓаните ги извршуваат своите потреби. Такви подрачни единици ние имаме во руралните општини. Од друга страна при основањето на одредени рурални општини е многу малку и воопшто не е дојдено до израз економското начело туку едноставно нивното основање се заснова врз определени начела како што истакна и министерот во неговото експозе. На пример само врз начелото на простор или земјоделскиот аспект. Длабоко сум уверен дека тие општини кои не се засновани врз економското начело нема да можат да ги реализираат своите надлежности предвидени со член 22 од Законот за локална самоуправа или пак ќе може да ги реализираат само делумно затоа што нивното постоење на директен начин ќе зависи од дотациите кои ќе треба во согласност со законот за финансирање на единиците на локална самоуправа централната власт да ги пренесе на тие општини. Нема успешна реализација на надлежностите доколку нема на располагање адекватни средства за финансирање.

Поради ова, јас мислам дека не треба да се дозволи општината да постои само за пет или шест луѓе. Целта на основање на општина не треба да е обезбедување на средства само за двојца-тројца вработени, туку обезбедување на нивен економски развој. Повеќе од вистина е дека постојните региони, општини, во моментов функционираат како општини и донекаде се развиле. Меѓутоа, исто така постои една друга вистина дека доколку нивниот развој не е направен преку нивни сопствени извори, туку преку други форми на дотации и друго, што е обезбедено како резултат на нивниот економски субјективитет вонивното постоење, мислам дека овој субјективитет треба да се обезбеди на сите општини чие функционирање треба да се ралgénизира со посебен закон. Поради тоа мислам дека треба да се измени членот 13, алинеја 2 каде треба да се предвиди правна основа за донесување на

еден таков закон, ова што го кажав го засновувам на фактот дека системот на организирање на единиците на локалната самоуправа, што е предвиден со овој предлог за донесување на законот, но и со постојниот Закон, е системот на степен. Јас лично сум поборник на постоење на двостепен систем на организација, како што е предвидено во некои закони вклучително и Албанија, иако сум свесен дека поради одредени причини овој систем не може да се реализира.

Почитувани колеги,

Време е кога дефинитивно треба да ги оставиме на страна демагогиите со злонамерна заднина и дефинитивно еден по еден треба да ги решиме проблемите со кои се соочува граѓанинот. Не е време на волонтаризам, туку треба да се гледаат сите аспекти што ќе не носат кон иднината. Ова го велам затоа што, за жал, овој процес се прави да се политизира, па се вели дека ова води кон федерализација на Македонија, што воопшто не е во согласност со реалноста. Колку за информација, зборот “федерализација”  етимолошки доаѓа од грчкиот збор “феудус” што значи соединување, а федерализацијата е начин на општествен систем, што значи соединување на две или повеќе држави. Тука, колку што јас знам да читам не е создавање на нови држави, туку територијална организација на една држава.

Исто така, многу често беше спомнуван и членот 5 од Европската повелба са локална самоуправа каде што се говори за заштита на границите на единиците на локалната самоуправа. Оваа одредба е вклучена и во текстот на овој Предлог на закон, во членот 2 и се е во ред.

Меѓутоа, почитувани колеги, законот што е во сила, во членот 3 е многу јасен, затоа што во него се вели дека основањето или гаснењето се прави само со закон, што подразбира измена или дополнување на тоа што е лек специјалис и на тоа што носи име Закон за територијална организација на Република Македонија.

И на крајот би сакал да го кажам моетомислење во врска со прашањето за кое што исто така се говореше многу. Тоа е прашањето на референдумите што се одржани и се одржаа во многу единици на локалната самоуправа. Ова прашање е регулирано со Законот за референдуми и граѓански иницијативи, членот 6, алинеја 2. Тоа е многу јасно и децидно и мислам дека нема потреба од некое понатамошно толкување. Едноставно кажано, одлуката произведена од Советот не претставува обврска за Владата.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

Продолжуваме со дискусија.

Има збор господинот Жарко Караџоски.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Почитувана потпретседателке, почитуван министре, колеги пратеници,

Република Македонија, во својот самостоен и независен пат што го гради од осамостојувањето па до денес по многу што е уникатен пример за многу земји во светот. Уникатен пример е и за земјите околу нас, а уникатен пример е веројатно и што ќе влезе во историјата по тоа што секогаш, со својата уникатност се делела од другите и секогаш последица на тоа тапкала во место или можеби еден или повеќе чекори назад.

Македонија е земја во која што нејзиниот народ, што со векови го градел својот идентитет, своето катче во кое живее, своите навики и традиции е вечно подлежен на експерименти по разни причини. Рака на срце, народот веќе се навикна на разни експерименти и веќе не знае не само што денес го очекува, тгуку и каде вчера живеел и што таму правел.

Разни власти, разни политички гарнитури, разни паметни глави секогаш го учеле како треба да живее и што е за него најдобро, не водејќи сметка што всушност е најдобро за него, дали треба да го почитува неговото мислење, желби, искуство, надеж и трпеливост, истото да го послуша и спроведе. Онака, како што токму за народот би било најдобро.

Па така, еднаш ќе го убедуваме народот дека иднината на истиот тој народ не е во руралните средини или во аграрните општини, со што ќе се воспостави таква територијална организација во која што ќе доминираат руралните општини, наспроти руралните. На тој начин ќе му упатиме директна порака на нашиот народ што од прилика би значела вака: бегајте од мотиката како ѓавол од темјан, иднината е во индустријализацијата или оставете го селото кој од него видел аир и елате сите во град. Нели сме сите граѓани според граѓанскиот концепт?!

Нашиот народ, по тредиција, секогаш послушен, го прифати тоа па се до 1996 година кога се донесе првиот Закон за територијална организација на локалната самоуправа живеше според тој воспоставен концепт. А, кои пак беа последиците, ќе набројам само неколку:

Неконтролирана индустријализација, што денеска во најблага форма е во стечај, а во поостра форма е во ликвидација.

Напуштено и необработено земјиште.

Огромна невработеност на вкупната популација.

Сериозен недостиг на прехранбени продукти што кај нас веќе нема кој да ги произведува.

Огромна концентрација на популацијата на многу мали делови од македонскиот простор и слично.

Ваквата територијална организација, креирана од тогашните политички челници на бившата СФРЈ доведе до цеосно осиромашување на македонскиот народ, огромни миграциони процеси и тоа не само на релација село - град, туку и масовно напуштање на родните огништа, и трајно иселување од сопствената држава.

Исто така, ваквата територијална организација доведе до одредени делови на земјата со просечна густина на населението, поточно населеност да изнесува едвај 10 жители на км2, наспроти некои делови каде таа изнесува повеќе од 1000 жители на км2. И тоа, најмногу, како последица на огромниот прилив на доселеници од некои соседни територии и простори кои најдоа поволна почва за масовно и непречено доселување и тоа пред се во западните делови на Република Македонија.

Како една од најсериозните последици од функционирањето на концептот “само урбани општини” е целосна етничка поделеност на територијата на Република Македонија. Наспроти овој концепт, во 1996 година се прифати концепт за што поголем број на општини и општински центри, особено во руралните простори, при што Република Македонија доби, поточно се воспоставија 116 или заедно со оние на територијата на Скопје 123 општини што и денеска опстојуваат, односно егзистираат.

Што е тоа што тогашната Влада, со тогашниот и сегашен ни премиер ја натера да го прифати и предложи овој концепт? Сигурно е дека слабостите на претходниот концепт беа пресудни, а се во правец до ревитализација на населбите и реоните, кое нешто новото решение го нудеше. Неспорен е фактот, а тоа никој не може да го побие ниту одрече дека и во тешките економски услови во претходните осум години народот на овие општини живна и покажа иницијатива кон родното место.

Значи, идејата за новата или сега постојната организација на единиците на локалната самоуправа беше да преку неа се направи последен обид за еден нов

почеток на државна организација каде главен приоритет ќе биде даден на селските или рурални општини. Ваквиот концепт се работеше долго и многу наши стручњац, како почитуваниот професор Панов дадоа битен придонес кон реализација на истото. Тоа не се правеше набрзина, како што е сега случај за неколку месеци или под било каков политички притисок, туку врз основа на критериуми што реално ја одсликуваат потребата од носење на вакво решение.

Овој концепт значеше стопирање на урбаната окупација од страна на масовните миграции и значеше полека но сигурно враќање на животот во помалите средини. Ова значеше инвестиционен циклус што отпочна и покажа дека скоро и да немаше општина што во својот атар не воспоставила многу поквалитетна инфраструктурна содржина од онаа пред постоечката.

Доколку овие општини останале под надлежност на до тогаш 34 урбани, денеска најголемиот број од нив можеби немаше да постојат. Дали сега и покрај ваквиот резултат, некој сака повторно селата да ги врати во старата положба и да го прекине овој каков-таков процес на развој? Ако е тоа така, како пак сега ќе му објасниме на истиот народ дека она во што до сега го убедувавме и учевме како единствено исправно и во нивни интерес, дека сега е неисправно, без притоа да признаеме дека сме грешеле или пак сега грешиме?

Се поставува прашањето што е тоа што во меѓувреме се промени за да целиот концепт го смениме за 360 степени и повторно се враќаме кон едно решение што вели: - окрупнување на општините или укинување на истите како прекубројни? Токму тоа е поводот да сите ние овде, а и надвор од оваа сала, се запрашаме дали е навистина дојден моментот, поточно дали е воопшто потребно да одиме кон нова територијална организација со број на општини 62 што повторно ќе го нарушат интегритетот на македонскиот простор и ќе се вратат старите деформации? Значи, прашањето оди до таму, има ли потреба од донесување на овој закон, вака како што ни е предложен или не?

Ако мене ме прашате, одговорот е не. Ако го прашате министерот, дали тој е лично задоволен од еден ваков проект, исто така одговорот е не. Но, министерот е само дел од една коалициона Влада и не секогаш ставот и мислењето на министерот, на ресорот, по однос на конечните решенија се пресудни, што во овој случај е повеќе од сигурно.

Ако пак ги прашате граѓаните, одговорот во поголем процент е апсолутно не. Па затоа тие одговорија со референдуми, каде јасно се произнесоа за опстанок на старото решение. Е, ама, затоа вие, мислам на предлагачот, на Владата на

Република Македонија, не ги ни прашувате. Ниту пак ве засега нивното мислење. Туку, си терате по веќе договорениот терк. Јас знам дека, почитувани колеги, и мене не ме прашувате зошто мојот одговор е не. Но, иако не сум прашан, јас ќе се потрудам да ви одговорам.

Имено, според овој Предлог за донесување на закон за организација на единиците на локалата самоуправа бројот на руралните општини ќе се намали за 48. Поточно, тој ќе изнесува само 29, а бројот пак на урбаните или градски општини ќе изнесува 33. Што јасно укажува дека истите повторно ќе доминираат во однос на првите, а што беше основна спротивставена идеја на територијалната поделба од 1996 година. Во овој случај, наместо децентрализација, ќе настане повторна централизација и тоа со висок процент од 50%.

Така, според новиот предлог, општини што треба да отпаднат или да се отпишат се: Стар Дојран, Камењане, Муртино, Блатец, Неготино, Вруток, јас се извинувам што ќе ги читам сите, можно е да е досадно, меѓутоа да ја кажете бројката 48 и не е многу голема, но кога ќе ја читате ќе видите колку е долго. Значи, Врутo, Србиново, Чегране, Долна Бањица, Вратница, Конопиште, Вранешница, Другово, Зајас, Осломеј, Зрновци, Оризари, Добрушево, Могила, Орашец, Миравци, Белчишта, Старавина, Бач, Чешениково, Косел, Зелениково, Витолиште, Тополчани, Злетово, Конче, Подареш, Градско, Лозово, Клечевци, Вевчани, Велешта, Луково, Куклиш, Џепчиште, Шипковица, Богомила, Извор, Лабуништа, Бистрица, Житоше, Самоков и Кондово. Ако нешто пропуштив, корегирајте ме. Лично се уморив кога ги читав, а камо ли да ги укинете, тоа е помалку заморно. Значи, тоа се точно 48 општини што од утре нема да постојат во картата на општините во Република Македонија. Најмногу, поради примената на нелогичниот критериум за демографската состојба на општината или поточно минималниот број на жители во една оштина, кој според овој предлог не треба да е помал од 5000 жители, а за општински центар 2000 жители.

Меутоа, се поставува прашањето штое со другите критериуми познати во науката и потврдени во праксата, како на пример: физичко-географскиот критериум, во кој што спаѓа рељефниот, хидрографскиот, педолошкиот и биогеографски критериум, не би сакал да ги образложувам, затоа што ќе одземе време. Потоа демографскиот критериум кој утврдува колкав број на население е потребен како минимум за да се организира посебна општина. Во овој критериум мора да се разградува и од аспект на демографската структура на населението, наџионалната структура, образование, економска структура на населението и слично.

Во Република Македонија, разместеноста на населението е изразито нерамномерна каде имаме територии со енормна густина на населението, како Полог, Скопска и Кумановска котлина и обратно, простори со таканаречена демографска пустош, со густина на населението главно по 10 жители на км2. Значи, овој критериум не може стриктно да се применува. Од овој критериум по се изгледа максимално се зема предвид само структурата на населението по етничка припадност.

Дмографско-гравитациски критериум што опфаќа воспоставени традиционални, функционални, комуникациски и размена на добра меѓу населението. Потоа традиционалниот критериум, инфраструктурен критериум, стратегиски критериум и сл.

Наспроти ваквите критериуми имаме нелогично поврзување на карактеристични урбани центри со карактеристични рурални центри. Пример> Дојран се спојува со Богданци, Осломеј, Зајас, Вранешница и Другово со Кичево, кон Струга како урбан центар се припојуваат руралните Дологужди, Луково, Велешта, Лабуништа и Вевчани. Кон Прилеп се спојуваат руралните Витолиште и Тополчани.

Е сега, кога сме кај ова спојување, јас морам почитувани колеги, почитуван министре, да кажам дека во предвид на ова спојување, во предвид на ова укинување, до нас како пратеници а верувам и до вас како Влада се доставени еден куп елаборати од тие општини што даваа свое мислење дали треба нешто да се отстрани или не. А јас, со оглед дека доаѓам од прилепскиот крај, дозволете ми да прочитам, не во целост, накратко, елаборатите за општината Витолиште и Топочани, со кои што сакам и македонската јавност да ја запознаам, но и вас присутните дали, откако ќе го слушнете, навистина постојат аргументи за нивно укинување или припојување кон руралните центри.

Неслучајно ќе почнам, со Витолиште, само да потсетам дека општина Витолиште спаѓа во најпустиот крај на Република Македонија, тоа е Мариовскиот крај. За подобро запознавање, значи општина Витолиште е дел од познатата област Мариово, која просторно се дели на Прилепски, Битолско и Кавадаречко Маријово. Општината Витолиште го зафаќа најголемиот дел од областа Маријово, кој спаѓа во Прилепскиот дел и истото му припаѓа на сливното подрачје на Црна Река. Подрачјето на единицата на локална самоуправа, значи општина Витолиште е ридско-планинска област, на Север се граничи со планината Бренд, на Запад со Селечка Планина на Исток со Планината Козјак. Територијата на општина Витолиште се простира на површина од 495 километри квадратни, надморска

височина од 380 до 1882 метри надморска височина и се броиме во најголемите општини по територија во Република Македонија.

Општина Витолиште се наоѓа на Југот на Република Македонија, а како област Маријово на голема должина се граничи со Грција, со можност за изградба на пат и граничен премин на превојот Куљавец и со извонредни можности преминот да се поврзе по Гребенот Козјак и Ниџе, со локалитетите поволни за зимски туризам, Железна Врата и Лабиница , а оттука со Витолиште и со Градешница, општина Старавина.

Сегашната општина Витолиште, располага со 11600 хектари земјоделско обработливо земјиште, од кое 7400 илјади хектари се државен имот, а 4200 се во приватна сопственост. Голем процент од земјоделските површини се погодни за наводнување со што се отвараат можности за современо еколошки чисто земјоделско производство. Истата располага со следните природни ресурси. Значи, земјоделско земјиште, водни ресурси, пасишта, шуми, рудни богатства.

Во општина Витолиште, во течението на Црна Река, перспективи за изградба се браните Галиште и Чевре. Истите во секој случај ќе продуцираат натамошен економски развој на општината.

Општина Витолиште има вкупно 24 илјади хектари пасишта од кои 23 илјади се државен имот, а илјада хектари се приватен имот.

Во општина Витолиште има 8 илјади и 300 хектари шуми и истото е претпоставка за натамошен развој на општината. Од истрагите кои се досега вршени, и самата експлотација на рудни богатства, констатирано е дека општината Витолиште има големи наоѓалишта на мермер, оникс, гранит, кварц, јаглен и други рудни богатства.

Еве, да не читам понатаму широко е,би напоменал она што е сега во периодот од 7 години, откако е општината Витолиште прогласена за општина, што е направено како и фактички што тие направиле како самостојна општина. Еве само неколку делови: патна инфра структура, изработени се 12 главни проекти за локални патишта, асфалтирани се повеќе од 14 километри локални патишта, асфалтирани се повеќе од 600 метри локални улици, тампонирани се повеќе од 10 километри локални патишта, редовно е извршувано зимско одржување на локалитетите патишта и улици и т.н. Потоа изградени се локални водоводи во 4 населени места, изградени над 10 микро комулации и во тек е изградбата во населеното место Чаниште голема акомулација од 120 иљади метри кубни вода. Значи и т.н. и други работи.

Значи, со укинувањето на општина Витолиште во 1964 година, се запре развојот на регионот на Маријово и се појави миграциони движења, со што наполно се опустоши овој регион така да скоро една петина од Република Македонија, наполно е иселено. Доколку се слуши истото, односно се укине општината Витолиште како што предлага законодавецот, односно предлагачот, согласно со новата територијална организација на локалната самоуправа ќе се создаде една во буквално смисла на зборот пустина. Сега, уште тоа и недостасуваше на РМ , така да, идните генерации ќе судат за постапките на денешните политички раководства.

Значи, кога зборувам за Витолишт, зборувам од аспект на тоа дека се до денес кога не стана општина, за таа општина многу малку се водеше сметка, заради тоа стана таканаречена пустина, а од моментот кога стана општина сами си водеа сметка и нешто сепак направија.

Слична е состојбата и со општина Тополчани. Еве не би читал, инаку ако земеме да ги читаме сите оние што ни се доставени навистина, малку ќе ни бидат и месец дена.

Значи аргумент кој оди во прилог на непридржување на ваквото решение е и фактот што со овој предмет, покрај горе изреченото се постигнува голема територијална централизација, кое нешто ќе го илустрирам со примери. Кичево од постојните 6 населени места се зголемува на 80. Дојран од 14 населени места се спојува со Богданци. Битола од 18 се зголемува на 52. Струга, од 17 на 49 населени места и така натаму.

Со овој понуден модел на територијална поделба целосно се дефинира просторот на РМ и се создаваат услови за формирање на политички поим Западна Македонија која со текот на времето ќе стане база за реализација на радикалните албански концепти за територијално прекројување на Балканските простори, а Република Македонија како дел од тој концепт ќе се судрува со сите можни последици од дезинтегразионите процеси.

Исто така, со овој Предлог се врши смена на етничкото управување со просторот во РМ. Пред се, со вештачко создавано мнозинство по пат на спојување на неколку општини, а со тоа неизбежно ќе дојде до мајоризација и на тогашен процес на иселување на неалбанското население од овие простори. Една ваква состојба, покрај другото значи целосна етничка реинтеграција на Западниот дел на РМ, односно формирање скоро целосно чисти етнички простори.

Сето ова зборува дека предлагачите на ваквата територијална организација се раководеле од најнепопуларните принципи и критериуми во одлучувањето и тоа

етнички и политички, кои најверојатно произлегуваат како резултат на политичките барања на албанскиот политички корпус, а тоа е притисок кој се води врз македонскиот дел од моментната власт, од која се бара територијална организација во која Западна Македонија како и делови од Скопје да бидат од доминантна албанска популација. Така на пример, кон Кичево се предлага да бидат припоени поранешните општини: Вранешница, Другово, Зајас и Осломеј. Со тоа би се создала една огромна општина со површина од близу 850 километри квадратни, со број на население од околу 57 илјади жители од кои 31 илјада или 54,5% би биле албанци, а околу 20 илјади или 35,8% македонци. А ќе се растурат три постоечки макеоднски општини, за кои се покажа дека многу успешно функционираат.

Само за информација, се надевам дека сегашната општина Кичево која опфаќа 6 населени места живеат вкупно 27.450 жители од кои 16.200, или 58,5% македонци и 7.150 или 26% албанци. Значи на новоформираната општина Кичево ќе се пridодадат 22 илјади албанци и само 4.700 македонци. Што би значело сето ова? Нека пресудат и албанците и македонците кои живеат на овие простори. Претпоставувам дека најмалку албанците би сакале да се откажат од своите општини кои патем добро функционираат иако на референдумите не се изјаснуваат , само заради јасните политички притисоци од сопствените политички партии, или поединици.

Непомалку сложена е состојбата и во Струга, каде со предлогот бројот на вкупното население ќе изнесува 66 илјади жители од кои 22.800, или 34,6% ќе бидат македонци, а 36.000 или 54,6% албанци. За потсетување, денес оваа општина брои 35.500 жители од кои 19.900 или 56% се македонци, а 13.000 или 36% се албанци. Кон оваа општина би се придодале општините: Вевчани, Велешта, Делогожда, Луково и Лабуниште, кои што исто така, ќе се формира огромна и скоро целосна нефункционална општина, која ќе зафаќа површина од околу 368 километри квадратни. Следниот случај се Маврови Анови. Кон оваа општина според новиот предлог против природно и се додаваат населбите Силица, Горна и Долна Ѓоновица, при што вкупниот број на албанската заедница би изнесувала 1.300 жители или 64%, а на македонската 730 , или според колку од прилика изнесува денешната состојба, само 35%.

Еден од специфичните или нелогични примери е општината Тетово, кон која би се придодале општините Џепчиште и Шипковица и во која вкупниот број на население би изнесувал 80 илјади жители од кои 39.500 или 49% албанци, а околу 20 илјади или 24,5% македонци, наспроти сегашната состојба во која од вкупниот

број на население кое изнесува 65.500, албанци се бројат 25 илјади или 38,5% додека македонци 19.500 или 29,7%.

Намерата на предлагачот или понудувачот е повеќе од јасна, а тоа е формирање на претежно чисто албански етнички територии и во однос на агресивноста на поедини сегменти на албанската заедница од овие простори кој ја демонстрираат кон малцинската македонска популација, таканаречените команданти на УЧК намера за целосно истребување на еден цел етникум.

Во однос на политичкиот сегмент значајно е да се истакне следната коинциденција. Неразбирливо е од 48 општини кои се спојуваат во 26 од нив како градоначалници се избрани личности од опозицијата и нивниот процент е околу 54%. Ако го изразиме во проценти бројот на општините кои се бришат, кои условно можеме да ги оквалификуваме како опозициони изнесува зачудувачки 77%. Интересен е фактот што 21 од општинит екои се укинуваат се противат на тоа што секако треба да се земе предвид како и фактот дека албанскиот блок, ниту една од предложените албански општини за укинување не се изјасниле дали се против овој чин. Дали жителите на овие општини навистина сметаат дека ќе им биде подобро да живеат под патронот на некои други општини, а не како досега самостојно, ќе покаже времето. Или пак и тие , на тој начин даваат свој придонес кон поголемата цел , која треба да се оствари, а која некаде во некои шеми е утврдено и се вика кантонизација до федерализација на РМ и приближување кон вековниот сон за голема држава, заснована врз чисти етнички принципи.

Во контекст на погоре изнесеното биспомнал дека и воПрилепско состојбата е на некој начин слична. Соединувањето на општините Житоше со Долнени е од истите причини изнесени погоре, со цел за поголема етничка идентификација на немакедонското население.

Почитувани пратеници, јас лично се прашувам дали сето ова е случајна коенциденција или е само продолжување на извршување на една од наребите на Али Ахмети или една од наредбите која е издадена на 28 март 2001 година која сакам да ја покажам и на целата македонска јавност. Тогаш Али Ахмети наредува диверзантски акции во Тетово, Скопје, Гостивар и Струга против објектите на АРМ, Македонската полиција и слично. Нема да ја читам наредбата, таа е тука пред мене, можам д аја покажам, ако некој сака и ќе ја прочитам,основната поента на истата е целта почитувани колеги и тогаш и сега беше иста. И тогаш и сега беа Дебар, Велешта, Струга, Кичево и тоа е на линија на разграничување. Во наредбата став 3 вели: “со намерата за проширување на целата територија на Македонија да се

продолжи со подготовка за отворање на борби вoправците Дебар, Велешта, Струга и Кичево". Јас го поставувам логичкото прашање. Ако Али Ахмети со неговата чета тогаш 2001 година не можеше да ја реализира таа работа, односно таа линија на разграничување, она што го замислил го прави сега и тоа не по пат на оружје, туку по пат на ваков зафат. Дали јас се лажам или не, дај Боже да се лажам, но времето е тоа кое ќе покаже. Инаку, во потврда на сето ова што го зборувам е токму почитуван министре нелогичноста од создавањето на етничко мнозинско албанско население токму во регионите на Кичево, Струга и токму она што целиот народ по пат на референдум го искажа. Не случајно најголемите реакции дојдоа токму од тие краишта. Значи, јас би упатил една сугестија да не се заборави и никако да не заборавиме што беше 2001 година, која беше главната цел и идеја и по што се водеше тогашната ОНА. И да не дозволиме ако тоа било некогаш цел или сега г-динот Хисни Шакири, кој што најмногу се декларира за демократија, значи да не се случи она што некогаш го декларираме со оружје да го направиме по мирен пат, а мене да ми продава "лој за бубрези" дека сега е демократија и дајте да го заборавиме минатото и да одиме во иднината.

Почитувани пратеници, имајки го предвид сето досега изнесено лично сметам дека новата територијална поделба во моменталната состојба би требало да биде апсолутно бескрајна. Со оглед ан тоа дека овде не се водело сметка покрај многуте останати работи за оние најбитните како што се, најголемиот број научно-истражувачки и други принципи, сегашната состојба на општините во однос на нивниот досегашен развој, неконсултирањето на локалното население, со непочитување на инструментото референдум и резултатите од него, или разговори со локалните власти во насока на почитување на нивнит ежелби и интереси, бидејки тие живеат во локалните места. Ние водењето сметка за последиците што еден ваков ред ги носи со себе. Не ми е познато дека некоја друга држава во толку краток период , или за толку кратки периоди правеле такво прекројување на просторот и слично.

На крајот почитувани колеги, сакам да истакнам дека постоечката територијална организација на единиците на локалната самоуправа е добра и соодејствува на нашата култура и начин на живеење во мали заедници, кои многу поуспешно функционираат во просторот што го чувствуваат како поблизок и свој. Тоа и се докажа во овие изминати 8 години од донесувањето на Законот.

Од овие причини, останувам на ставот дека не треба да се вршат никакви промени во постоечките регулативи и во постоечката регулатива на територијалната

организација на единиците на локална самоуправа, особено не без убедливи и реални причини во толку краток временски период. Ви благодарам на вниманието.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Имаме доста реплики .

Јас сакам да направам еден мал коментар.

Не го прекинав за некои работи г. Караџоски бидејќи искажува политички став и ова е дом каде може да се каже она што се мисли. Има различни опции, разни политички сваќања, но тој лично никого не навреди. Молам репликите исто така да бидат во тој домен.

Втора работа, г. Караџоски, една мала нелогичност.

Кога велите концептот се сменил за 360 степени. Знаете дека 360 степени е круг и вие сте пак на исто. Коректно е да кажете за 180 степени.

Повелете за реплика г. Талат Џафери.

ТАЛАТ ЏАФЕРИ:

Прво би сакал да кажам дека г. Караџоски нема врска со тоа што го говори. Всушност говори за политичка категорија, западна Македонија, и во неговиот вокабулар постојано го спомнува тој термин западна Македонија. Тоа е термин кој се користи во цела литература во Македонија и на друго место. Говори за можноста или неможноста на Али Ахмети во 2001 година. Тоа не му припаѓа на Караџоски да ги анализира. Тоа е точка која и припаѓа на историјата, да анализира што можело и што неможело да се направи. Темата е новата територијална организација, во согласност со Рамковниот договор, што произлегува како обврска, а Охридскиот договор знаеме на што стави крај, што спречи .

Тој говори за поништување на руралните општини односно глобализирање на урбаните општини, како нивна доминација врз руралните . Си зема право да говори за општините. Тука посебно ќе ја истакнам општина Чегране затоа што јас потекнувам од таму, па го прашува г. Караџоски за периодот кога беа на власт од 1998 до 2002 година, што придонесоа за подобрувањето на инфраструктурата во таа општина, а јас можам да ви кажам, ништо. Целата инфраструктура е изградена од самопридонес на граѓаните, училишта, улици, асфалтирања, водоводна мрежа. Говори за демографска категорија, зголемување на населението како резултат на дојденци и говори за периодот од поранешна Југославија а г. Караџоски го заборава начинот на функционирањето на таа држава што во времето ни беше заедничка и

врз основа на Конвенцијата за правата и слободите на човекот, за слободно движење, тие луѓе избрале да живеат таму каде што сакале. Демографската бројност на Полог не е резултат на намалувањето на населението во Мариово, Берово, Крива Паланка, Кочани или Валандово, туку тоа е резултат на немањето можност на движење на тоа население кон урбаните средини.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г. Караџоски една минута реплика.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Г-дине Џафери можеби јас немам врска за што зборувам, према вашиот вокабулар. Очигледно вие повеќе имавте врска за она што јас зборував, особено кога го спомнував Али Ахмети, со оглед што вие бевте еден од тие команданти во тогашната ОНА и подобро го познавате теренот, нели, бртскопланинскиот, рамничарскиот итн.

Сакам само да ве прашам , г. Џафери, многу се повикувате на некакви декларации, конвенции. Зошто воопшто не сте искрени? Дајте, бидете искрени и кажете овде пред целата јавност, што ве натера да излезете во планина? Дали не е дел од овој концепт и оваа наредба што ја читам? Немојте да не замајавате со некои поими и со некои европски декларации, а во суштина сосема друга ви е целта.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г. Шакири, имате три минути.

ХИСНИ ШАКИРИ:

Јас несакам да реплицирам , но г. Караџиски ме принуди да го направам ова, со самиот факт што рече дека Хисни Шакири се претвара како демократ.

Јас можам да кажам со полна одговорност, со оглед на тоа што ти побара моја изјава, но и пред тебе и пред целата јавност Македонска, изјавувам дека Хисни Шакири е поголем демократ од тебе, со самиот факт што Хисни Шакири, вистина дека бил во војната, во конфликтот во 2001 година, но со целосна одговорност ќе кажам дека ние ниту едно село, ниту македонско населено место не сме напаѓале, а вие од 1998 до 2002 година, кога бевте во Владата, гаѓавте и уништувавте населени места, јас мислам треба да одговарате а имате и политичка одговорност. Но, ако сакате да зборуваме на оваа тема, спремен сум за една ТВ расправа, со било кој од

вас, да ги отвориме овие теми. И покрај тоа што тие теми се доста болни, вие секогаш инсистирате на ова.

Второ, многу значаен факт е што ние пред неколку дена донесовме една декларација за апликација во ЕУ, декларација која беше многу значајна и од многу пратеници се нарекува како историска декларација. Тоа е вистина.

Г-дине, би ви кажал со целосна одговорност, со овие дебати не се оди во Европа. Ние имаме неопходен услов до 26 да завршиме со овие закони.

Трето, разговорите кои беа пред 2001 година, во овој стил, со една омраза, со обвинување на национални основи, не донесоа добро. Затоа да ги оставиме овие расправи бидејќи тие не придонесуваат за иднината, за мирот и стабилноста. Тоа го говорам како претставник на граѓаните на Република Македининија , и мислам дека јас ја имам таа одговорност, и јас и вие г. Караџоски.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете една минута г. Караџоски.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Г-дине Шакири, за вас можам да кажам дека бевте поголем демократ од мене се до 2001 година. Зошто ова ви го велам? Затоа што бевте пратеник два или три мандати. Во секој случај повеќе од мене. Меѓутоа, во овој момент г. Шакири кога излеговте од Собранието и не повикавте да комуницираме преку нишан, одтогаш вие изгубивте се што значи демократија. Ако мислите дека кожата може да се свлече и да се облече нова, гадно се лажете. Ако мислите дека тоа што не сте убивале цивили, како што вие велите, ве прави поголем демократ од другите, на сметка на тоа што убивавте регуларна армија, полиција итн, исто така гадно се лажете. Водете сметка дека работите кои ги сторивте, лесно не се забораваат.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Збор има министерот за локална самоуправа г. Гештаковски.

АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:

Почитуван колега Караџоски јас и во моето воведно излагање истакнав дека врз основа на запознавањето на граѓаните што сметаме дека е на доста високо ниво, со предлогот за територијалната организација на Република Македининија , ќе ги сослушаме сите консултации, пред се и на граѓаните и на пратениците. Затоа сакам

да кажам дека никого не сум овластил да зборува во мое име, па не и г. Караџоски, или да го анализира мојот психолошки портрет.

Бидејќи со моите и со залагањата на Владата да изработиме една локална самоуправа, во интерес на граѓаните односно на реалните параметри, притоа консултирајќи ги сите оние кои се заинтересирани за тој дел, а тоа е и оваа расправа во Парламентот која јас ја следам со нужно внимание и се она што значи нешто ќе го предложам на Владата и експрртите.

Бидејќи во излагањето на г. Караџоски беше спомнат и еден од најголемите експерти во РМ, покојниот професор Панов, кој сигурно неможе да реагира на неговите излагања, јас ќе му ги цитирам излагањата и посебните видувања, во делот на предлогот за промена и дополнување на законот за територијална поделба на Република Макединија, изработени во 1999 година, во месец ноември, по барање на Министерството за локална самоуправа и по барање на претходната Влада, кои во документацијата на Владата, во документацијата на Министерството и сигурно, врз основа на одредени елементи, се земени и при изработувањето на овој предлог. Ќе цитирам.

Предлог за промена и дополнување на законот за територијална поделба на Република Макединија од д-р проф. Панов.

“Сегашната територијална поделба на Република Македнија, усвоена во 1996 година, практично се покажува веќе неодржлива. Ваква просторна шема воопшто не соодветствува за спроведување на макроекономската политика, за примена на просторното планирање, за подолготрајни развојни, социо-екоонмски планови, а особено не за општествеон-политичкиот интерес, кога ќе се спроведуваат новите локални избори и редовниот државен попис на населението во 2001 година. При ваква неповолна мрежа на општини, добро е тоа што тие не ги добиле управувачките и материјалните ингеренции и средства кои би отишле во неповрат”.

Авторот на овој Предлог беше и член на Комисијата при Министерството за правда, кога се подготвуваше сегашната поделба. Но, тој не е креатор на ваквата поделба, ниту подлегна на притисоците, бидејќи тој предлагаше сосема друга шема, само со 74 општини.

Ова е дел од излагањата на професор Панов, кој врз основа на неговите согледувања, врз основа на неговите гледања за спроведување на локалната самоуправа, ги достави до Владата на РМ, во својата намера, врз основа на стратегијата за реформи на локалната самоуправа, кога беше ангажиран и кои требаше да влезат во владина и собраниска процедура.

Врз основа на настаните од 2001 година, кои го прекинаа овој процес, продолжи врз основа на динамиката и темпото од Рамковниот договор.

Јас ќе зборувам и врз основа на другите согледувања, за целокупниот процес и врз основа на согледувањата на Министерството и на Владата на РМ. Потенцирам, бидејќи покојниот проф. Панов неможе и не е во можност, сигурно, како сите други кои беа прозвани од г. Караџоски, ќе реплицираат, и г. Али Ахмети и сигурно сите други. Јас сум должен тоа што е официјален документ во Владата и во Министерството да го цитирам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Реплика една минута г. Караџоски.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Г-дине Гештаковски, апсолутно немав намера, ниту пак правев ваш психолошки портрет. Верувајте ми , тоа право ќе го оставам на г-ѓата Мирка Велиновска, таму каде што го прави, во ФОКУС , нека го направи таму. Таа е померодавна од мене.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г. Макрадули.

ЈАНИ МАКРАДУЛИ:

Почитуван претседателе, мислам дека направивте лапсус кога претходно кажавте дека г. Караџовски не навреди никого. Јас мислам дека навреди еден пратеник од нашите собраниски клупи. Но мислам сега апсолутно навреди министер што тука е присутен и очекувам да реагирате.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Прифаќам едно такво размислување. Можеби критериумите за навреди или за тоа е дом каде треба да си го кажеме тоа што го мислиме.

Реплика има г. Рафис Алити.

РАФИС АЛИТИ:

На почетокот сакам да му укажам на г. Караџоски, но и на пошироката јавност дека никој од нас не беше луд за да излезе на планина и да се жртвува самиот и

своето семејство. Но како и да е, настаните од 2001 година се зад нас и се случија така како што се случија.

Меѓутоа, ќе го потсетам г. Караџоски дека прво треба да се занимава со тоа кој ја донесе Македонија до настаните од 2001 година. Тој и неговите другари треба да направат една анализа во тој правец и едновремено оваа анализа треба да ја направат и да кажат во јавноста, за доброто на идните генерации на албанците, македонците и другите, бидејќи на овој начин само ја дезинформираа јавноста, а со тие дезинформации и штетиме на нашата иднина. Затоа велам дека е добро, Караџоски и другите да ја кажат вистината за ова.

Г-динот Караџоски во текот на својот говор ги спомнуваше командатите на ОНА. Ние ова јавно сме го кажале и велиме дека не сме така анаречени, туку сме биле команданти на ОНА во текот на 2001 година. Меѓутоа тоа сега е зад нас.

Вие г-дине и натаму говорите  за тероризам од страна на ОНА, а заборавате дека токму вие и Владата во која вие учествувате во минатото, гравитираше дел од цивилното население, а денес тоа население продолжува да ги гледа институциите на државата како терористички, а не ние кои бевме на планина да ги заштитиме нив и нивните интереси.

Јас ви велам дека албанците во минатото се соочени  не само со овој вид на тероризам, туку и со државен грабеж.

Што се однесува до обвинувањето дека Али Ахмети и Бранко Црвенковски ја делат Македонија, тоа не држи затоа што МАНУ, во текот на настаните од 2001 година излезе со опција за поделба на РМ , а ние цениме дека вие и тогаш стоевте зад таа академија. Затоа овие работи не треба да се кажуваат на албанската јавност, туку на македонската, дека ние не баравме поделба на Македонија туку вие бевте тие кои понудија поделба на Македонија.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете една минута г. Караџоски.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Г-дине, уште малку човек ако ве лсуша ќе испадне дека ВМРО-ДПМНЕ беше УЧК, а вие бевте тие патриоти кои ја браневте РМ . Причина за вашата одбрана, што ја браневте Македонија, беше сета онаа криза до 2001 година, која, како што кажавте и вие толку загрижени, како спасители на македонија, ако не се појавевте и

ако не ја спасевте, кој знае што денес ќе беше од неа. Значи Македонија ќе беше поделена. Ние ќе треба најверојатно да ви се заблагодариме.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Завршивме со реплики.

Повелете г. Илија Китановски

ИЛИЈА КИТАНОВСКИ:

Господине претседателе, бидејќи по истата точка, по истата тема се јавувам по втор пат за збор..

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Тоа значи ќе бидете пократок.

ИЛИЈА КИТАНОВСКИ:

Да, тоа сакав да кажам.

Исто така сакав да кажам дека не би требало да ме прекинувате. Ќе се држам до темата, но навистина не е пријатно да ми упаѓате во сред мисла.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ако не почнете повторно од камено доба.

ИЛИЈА КИТАНОВСКИ:

Претседателе, тоа што мислев го кажав. Вие секогаш ја имате таа привилегија, кога сакате уклучите, исклучите и полемизирате со нас . Ние тоа го правиме само кога вие ќе не вклучите во етерот.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете.

ИЛИЈА КИТАНОВСКИ:

Почитуван претседателе, почитувани колоеги,

Од досегашната расправа навистина може да се заклучи дека и покрај тоа што Владата како предлагач на Законот за територијално разграничување на општините, на единиците на локалната самоуправа на Република Македонија има еден низ на

несогласувања изразени преку општински референдуми во над 30 општини со преку 200.000 граѓани, сепак во дискусиите на пратениците дури и дел на пратеници од позицијата, од власта, можев да ја забележам онаа тенденција што ми е драго да ја спомнам, дека само за територијалната организација на општините Кичево и Струга, односно за тој проблем практично постои консензус, дури и без разлика на тоа кој од која пратеничка група доаѓа. Навистина, сметам дека аргументацијата, волјата на граѓаните што масовна ја искажаа преку референдумско изјаснување сепак дава резултати.

Исто така, мислам дека навистина се земаат во предвид сите објективни реални критериуми кои што во разграничувањето на овие општини во кичевскиот и струшкиот регион не се земени во предвид а е раководено од некој други критериуми, дали етнички или политички и така натаму. Она што би сакал да го потенцирам во оваа дискусија е контактите што ги имаме и укажувањата кои што секојдневно се случуваат од голем број на експерти, стручњаци, луѓе практичари кои што се на овој или на оној начин покажани како добри познавачи на проблематиката на локалната самоуправа и во тој дел би сакал во еден дел од мојата дискусија да укажам на некој од тие факти, некој од тие нивни искажувања и критериуми, а исто така на почетокот би сакал да кажам дека и почитуваниот покоен професор Панов во својот предлог кој што го спомна министерот Гешаковски го доставил до Владата во 1999 година, затоа што го имам тој текст.Апсолутно не ги доведува во прашање постоењето на општините Осломеј, Зајас, Другово и Вранештица, ниту пак нивното припојување кон општина Кичево. Значи во тој дел и од ова, да речам еминентно лице од областа на оваа проблематика на локалната самоуправа на географијата, апсолутно ја имаме и неговата поддршка.

Она што би сакал да го потенцирам, а не беше многу кажано во претходните дискусии, е дека покрај другите недоследности, покрај другите непринципиелности што ги содржи предлогот за нова тетиторијална ортанизација, една од главните забелешки му е и тоа дека сепак доаѓа во еден многу краток временски интервал во однос на претходната, што јасно покажува дека не се размислувало за последиците што ги носи со себе секоја нова интервенција од ваков вид. Не е добро и во европската пракса не е познато дека државните во толку кратки периоди прават такви прекројувања на својот простор од аспект на локална самоуправа.

Друга работа е што предложените измени, тоа беше кажано од многу дискутанти, навистина им го одземаат животот на оние локални заедници кои што, туку што почнаа да живеат, и туку што почнаа да остваруваат резултати во своето

постоење, резултати кои што граѓаните на тие локални самоуправи, на тие општини сеуште постоечки директно ги почуствуваа како и, мислам дека нивното мислење е јасно искажано, изразено не само преку референдумите, туку и во секој контакт со нив, на лице место може да се забележи разликата од она што било пред 8 години со тие региони, со тие општини и она што денес е направено. Без разлика на тоа дали е тоа направено со средства собрани директно од локалната единица на самоуправа, или со средства од донации, било од централно ниво, од Буџетот, од буџетските институции и така натаму. Битното е дека имало локална самоуправа, локална власт, локален авторитет кој може да се грижи за тој крај, за тоа население и неговите проблеми и постоењето на таква локална власт практично овозможува да се извлекуваат и насочуваат средства токму во таа општина, токму во тој регион. Она што исто така е недоследно во законот е еден принцип на двоен критериум, каде предлагачот се труди во духот на балканската култура да ги остави малите заедници, значи руралните општини, а од друга страна во истиот тој предлог ги групира околу големите градски средини овие исти заедници, нормално на друга територија и практично прави една голема разлика, голема непринципиелност затоа што во централна и југоисточна Македонија, остануваат овие рурални општини и тој принцип на рурални и урбани општини е запазен на нивна поделба, на нивна несоодветност на спојувањето. Меѓутоа, во Западна Македонија, посебно во општините Кичево и Струга апсолутно буквално сите општини, сите населени места се придодадени и имаме, како што претходно беше кажано, формирање на една мамутска општина. Посебно е индикативна општина Кичево, не дека јас доаѓам од таму, туку од општина со 6 населени места се трансформира во општина со 82 населени места, со распон на должина на таа територија од едниот до другиот крај со преку 200 километри. Мислам дека тоа е една апсолутна централизација, а напротив, не е централизација. Нормално е, затоа, народот и населението да не може да прифати Кичево да значи истовремено и Горна и Долна Копачка, Горно и Долно Рбетино, Горен и Долен Зајас или Струга да биде истовремено и Дримкол и Малесија и Струшко Поле. Кичево е Кичево, град, Струга е Струга, град. Сите останати региони компактни целини се исто така свои компактни целини, меѓутоа, никогаш и по никаков основ не можат да бидат придодадени на овие градски средини.

Понатаму, мислам дека во концептот исто така не е почитуван и еден принцип кој земјите на Европската Унија и оние кои претендираат тоа да бидат го имаат тоа како важен принцип при конципирањето на вакви закони, а тоа е давање на

суштинско, вистинско значење на локалната култура и тоа не заради некој тренд, туку заради сопствената културна историја и сопствената културна традиција. Локалната култура и локалната традиција се исто така многу важен сегмент кој што треба да биде применет при конципирање и определување на границите на општините, така што една форма на локална традиција кај нас во Македонија посебно во западните делови на Македонија, е ситуација каде што имаме два три различни етнички или конфесионални ентитети, кои долго време живеат во исти населби, во исти градови, затоа што со тек на времето постигнале еден вид на културна рамнотежа. Секое освојување на простор од страна на други групи, секое пореметување на тој демографски однос, секој вид на културна доминација, економска доминација, а најмногу грубите територијално административни интервенции секогаш претставувале и ќе претставуваат опасност од прв ред за населението во смисла на пореметувања на таа веќе воспоставена долгогодишна или долговековна културна рамнотежа.

Во тој контекс, припојувањето на овие рурални општини со голем број на население, кои по сите критериуми можат да опстојуваат како посебни општини, навистина е нон сенс и можеби - еден карикатурист во весниците имаше една интересна карикатура, која верувам сите сте ја прочитале, буквално тоа беше цел стрип, каде што имаше карикирање и јас не би сакал никого да навредам со неа бидејќи не е ни мое авторскон дело, каде поентата беше дека ќе го приклучиме Муртино кон тетовска општина. Мислам дека спојувањето на овие рурални средини кон градовите навистина личи на еден таков процес. затоа што буквално ако едно такво етнички компактно население со над 10.000 жители го додадете, го приклучите на било која друга општина соседна или не букавлно ја менувате целокупната културна, етничка, економска и секаква друга структура на постојната општина.

Она што исто така треба да се земе предвид и мислам дека од досегашните дискусии и јавната расправа, која паралелно се води за овој закон, е, а тоа треба предлагачот посебно да го има предвид, дека навистина секоја административна територијализација претставува опасност сама по себе, со оглед на фактот што кај нас применето во Македонија потикнува и етнички процеси. Исто така, факт е, непишано правило дека во такви случаи не треба да се чепка таму каде што нема проблеми. Во овој случај не мислам да давам некои историски примери, затоа што претседателот на минатата дискусија ме прекина на тоа дека премногу историски наназад сум се вратил за историјатот на Кичево како град, меѓутоа, во функција на она што претходно го кажав сакам да истакнам еден пример на државничка мудрост

поврзан со балканските простори, и тоа со турското освојување и долгогодишното и долговековното опстојување на турската држава на овие простори. Познато е дека освојувачите не извршиле нова внатрешна територијализација, туку го задржале концептот од средниот век. Во таа смисла само имињата на старите жупи ги промениле во името нахии, а сите натамошни административни промени биле во ретки временски интервали и во основа не ја нарушувале внатрешната територијализација на етнографски целини и предели. Голем број на стручњаци од оваа сфера сметаат дека една од причините за долгото опстојување на турците на освоената територија се должи токму на овој факт, што исто така не е за запоставување.

На крајот сакам да кажам уште неколку работи во контекс на опстојувањето на општините Осломеј, Зајас, Другово и Вранештица, ќе се обидам да бидам колку што е можно пократок, затоа што дел од тие работи беа кажани. Меѓутоа, бидејќи општините Другово и Вранештица се изјаснија референдумски за опстојување во постојните граници, не сакаат да се припојат кон општина Кичево, а општините Зајас и Осломеј тоа не го сторија, токму тие општини според сите критериуми ги исполнуваат условите за опстојување како посебни општини од економски, стопански, финансиски и секаков друг аспект и според структурата на приходи, ако направите една симулација на приходите, а тоа Министерството за финансии може секогаш да го направи, на приходите на општините на пример на Пехчево, Берово или Македонска Каменица, ќе утврдите дека приходите во овие општини, општините Зајас и Осломеј се далеку поголеми од овие општини кои се градски општини.

Она што исто така беше спомнато е дека покрај двата огромни витални стопански капацитети, кои се наоѓаат на територијата на општините Осломеј и Зајас, Термоелектричната централа “Осломеј” и Рудникот “Тајмиште”, значи два капацитети можеби најголеми во Република Македонија без разлика дали се тие државни, акционерски друштва, јавни претпријатија, сепак, тие се наоѓаат на таа територија, на таа територија се и рудниците од кои се црпе таа руда, така што мислам дека постојат многу начини кои се предвидени и се предвидени во Законот за финансирање на општините, еден дел од тие приходи да одат за финансирање на општините и дека од тој аспект апсолутно не постои никакво стравување за нивно натамошно економско, стопанско и финансиско опстојување.

На крајот, би сакал да потврдам само еден став што го искажа господинот Гештаковски во промовирањето на овој Предлог-закон, дека овој Предлог-закон треба да ги сплоти луѓето. Јас можам да го убедам дека во Кичево навистина овој

Предлог-закон ги сплоти луѓето, сите граѓани на Кичево од сите политички партии, и тоа само од еден аспект, а тоа е од аспект на граѓани на Кичево и од користа што ќе ја имаат со новите надлежности што ќе ја има локалната самоуправа и нивното непосредно учество во тие надлежности како граѓани на општин Кичево.

Она што доаѓа од граѓаните на Кичево, она што  произлегува од дискусиите на пратениците од општината Кичево, па и од Струга, не е нивниот личен став, став на пратениците, тоа е став на граѓаните. А тој став верувајте не се гради и не може никој да го наметне како индивидуа, ниту јас како пратеник, ниту било кој друг, туку како пратеници сме должни да го пренесеме. Тој став произлегува од нивното емпириско искуство, од она што како граѓани го доживеале и живееле во изминатиот период и, за жал, примерите на насилства кои не спласнуваат, статусот на протераните македонци, силината на самопрогласените команданти во Тетово и немоќта на државата да се справи со нив и веењето на туѓите знамиња не може да не постави рамнодушни и наивни околу можноста тоа да биде и наше и нивно секојдневие. Верувајте, тоа неможат да го дозволат граѓаните на Кичево и Владата и целокупната македонска јавност треба да знаат дека граѓаните на Кичево, кичевчани не се слепи поданици во некое феудално општество, ниту пак државата постоела пред да постои нивниот град како населено место  и нивно вековно огниште. Треба добро да се проучи и да се земе предвид историјата на овие простори со целокупната вековна традиција и борба низ периодот на тешките мигови на опстојување на македонскиот народ и на македонската држава, како и жртвите кои што граѓаните, луѓето од Кичево ги втемелиле во создавањето на таа држава. Не постои човек од овој град на кого судбината на злото во текот на целиот период, а особено во НОБ му нема нанесено зло. Тие сеќавања се сеуште свежи во овој крај, како и настаните од 2001 година. Затоа, било каков царски рез, било какво насилно придодавање, насилно решение кое ќе значи нарушување на етничката рамнотежа и досегашниот соживот ќе наиде на силен отпор на граѓаните на Кичево, а Владата која не ги слуша своите граѓани и својот народ не заслужува никаков респект ниту од нив и ќе нема што да бара од нив во иднина.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Бидејќи господинот Томе Тромбев ме извести дека неможе да се димензионира во преостанатите 15 минути со неговиот говор, тука ќе ја затворам денешната сесија.

Продолжуваме утре во 11,00 часот, а првите тројца дискутанти се господинот Томе Тромбев, господинот Орданчо Тасев и господинот Ванчо Стаменков.

Значи продолжуваме утре во 11,00 часот.

(Седницата прекина во 17,45 часот.)